# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на
## Собранието на Република Северна Македонија
## за периодот
## 28.5/2024 – 3.12/2024

*Почитувани граѓани,*

*Како претседател на Собранието на Република Северна Македонија, со особено задоволство Ви го претставувам Извештајот за нашето работење во периодот од 28 мај до 31 декември 2024 година.*

*Извештајот има за цел да ви ги претстави разновидните и бројните активностите во кои сум вклучен за време на извршување на оваа одговорна должност.*

*Една од најважните задачи беше да се обезбеди нормално функционирање на законодавниот процес, што вклучува редовно свикување на седници, одржување на состаноци со пратеници и претставници на други институции, за да се постигне консензус и да се донесат клучни одлуки за напредокот на земјата.*

*Во изминатиот период, голем дел од моето време беше посветено на мултилатерални и билатерални средби кои имаат големо значење за нашата земја, како на домашен така и на меѓународен план. Овие состаноци се покажаа како можност за проширување на нашето влијание и за добивање на поддршка од меѓународната заедница за нашите стремежи за европска интеграција и регионална соработка.*

*Исто така, направив и бројни заложби во однос за процесот на дигитализација со цел да се олесни пристапот до информации, да се зајакне учеството на граѓаните и да се создаде модерно, технолошки напредно Собрание.*

*Сите овие активности беа дел од напорите за унапредување на институцијата која ја водам и за постигнување на ефективност, транспарентност и отчетност во работење, што е во корист на сите граѓани на Република Северна Македонија.*

*Бидете уверени дека и во периодот што следи ќе продолжам со мојата посветеност и заложба, држејќи се цврсто за принципите на непристрасност, транспарентност, одговорност и професионалност.*

*Со почит,*

***Претседател***
***на Собранието на***
***Република Северна Македонија***
***Африм Гаши***

СОДРЖИНА

**1. Вовед** **2**
**2. Пратенички состав** **4**
2.1.Изборни резултати **5**
2.2.Пратенички групи 7
2.2.1. Пратеници 7
2.2.2. Промени во пратеничкиот состав 16
2.2.3 Етничка структура на пратениците по пратенички групи 21
2.2.4 Полова структура на пратениците по пратенички групи 21
2.2.5 Старосна структура на пратениците по пратенички групи 21
2.2.6 Образовна структура на пратениците по пратенички групи 21
**3. Пленарни седници на Собранието** **22**
3.1. Пленарни седници 23
3.1.1. Посебни седници 24
3.1.2 Времетраење на седниците 25
3.2 Разгледувани акти 26
3.2.1. Поставени акти на седница 26
3.2.2. Разгледани акти на седница 27
3.3. Закони 28
3.3.1. Донесени закони 33
3.3.2. Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со право на ЕУ 44
3.3.3. Закони по редовна постапка 45
3.3.4. Донесени ратификации 51
3.3.5. Недонесени закони 51
3.3.6. Повлечени закони 52
3.3.7. Неприфатливи закони 53
3.4. Одлуки 54
3.4.1. Донесени одлуки 54
3.4.2. Делумно донесени одлуки 61
3.5. Други акти 62
3.5.1. Усвоени акти 62
3.5.2. Само разгледани акти 65
3.5.3 Акти за усвојување 66
3.5.4. Неусвоени и повлечени акти 66
3.6. Амандмани 68
3.7. Пратенички прашања 71
**4. Работни тела на Собранието** **74**
4.1. Постојани работни тела 75
4.2. Посебни работни тела 159
4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците 159
4.2.2. Комисија за правична застапеност на граѓаните кои припаѓаатна сите заедници 161
4.3. Совети 162
4.3.1. Совет на Собранискиот канал 162
4.3.2. Буџетски совет на Собранието 167
4.3.3. Национален совет за евроинтеграции 170
4.4. Други тела 173
4.4.1. Клубови на пратеници 173
4.4.1.1. Клуб на жени пратеници 173
4.4.1.2. Клуб на младински прашања и политики 175
4.4.2. Интерпартиски групи на пратеници 179
4.4.2.1. ИПГ за правата на лицата со попреченост 179
**5. Претседател и потпретседатели** 180
5.1. Претседател 181
5.2. Потпретседатели 196
**6. Меѓународна соработка** **201**
6.1. Мултилатерална соработка 204
6.2. Други меѓународни активности 221
6.3. Билатерална соработка 221
**7. Одбележување на значајни настани во Собранието** **225**
7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби 226
7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари 226
7.3. Свечени изјави 228
7.4. Доделување на државни награди 230
**8. Јавност во работата на Собранието** **232**
8.1.Канцеларии за контакти на пратенмиците со граѓаните во изборните единици **233**
8.2. Електронска комуникација 239
8.3. Собраниски ТВ канал 244
8.4. Средства за јавно информирање 248
**9. Поддршка на невладините и меѓународните организации на Собранието** **251**
9.1. Национален демократски институт НДИ **252**
9.2. Вест Минстер 271
9.3. ДЦАФ 278
**10. Служба на Собранието** **283**
10.1. Внатрешна организација 284
10.1.1. Активности на Генералниот секретар 293
10.1.2 Реализирани обуки на стручната служба 297
10.2 Посебни организациони единици 301
10.2.1. Одделение за внатрешна ревизија 301
10.2.2. Одделение - Парламентарна буџетска канцеларија 304
10.2.3. Парламентарен Институт 306
10.3.Системи за управување со квалитет 315
10.3.1. Меѓународни стандарди ИСО 315
10.3.2. КАФ – процес на самопроценка 316
10.4. Податоци од стручно-административен карактер 324
**11. Прилози** **328**
Прилог 1 Преглед на одржани седници 329
Прилог 2 Дневни редови на седници 331
Прилог 3 Меѓународни активности 350

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1.ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Единаесетитте парламентарни избори во Република Северна Македонија, се одржаа на 8 мај 2024 година.

Врз основа на членот 4 став 2 од Изборниот законик, во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избират според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици, во кои се избират по 20 пратеници и тројца пратеници се избират според пропорционален модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка,  Австралија и Азија.

Овие избори во дијаспората не се одржаа, бидејќи бројот на прифатени пријави за нивно гласање бил 2.954 и не го достигнале потребниот број од 5.355 пријавени гласачи во сите 52 конзуларни претставништва или дипломатски канцеларии во странство - бројка која е минимум за одржување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. Токму затоа, Државната изборна комисија одлучи да не се гласа во дипломатско-конзуларните претставништва, а граѓаните од дијаспората правото на глас можат да го остварат само ако гласааат во избирачките места во земјата.

Во шесте изборни единици, односно на **3.480** избирачки места, од вкупно евидентираните **1.815.350** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го оствариja **1.006.436** избирачи односно **55,44 %.**

Според утврдените листи на кандидати за пратеници во изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се предложени и утврдени **84** листи со вкупно **1.680** кандидати за избор на пратеници.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **15** листи на кандидати за пратеници со вкупно **300** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **310.782** избирачи во избирачкиот список на **522** избирачки места гласале **192.954** избирачи односно **62%.**

Според резултатите, Коалицијата "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" освои **10** пратенички места, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА **- 3**, Коалиција ВЛЕН - **2,** Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ **- 2** , Левица **– 2** и Движење ЗНАМ - **1.**

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **14** листи на кандидати за пратеници со вкупно **280** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **301.502** избирачи во избирачкиот список на **504** избирачки места  гласале **165.898** избирачи односно **55%.**

Според резултатите, Коалицијата "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" освои **8** пратенички места, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА **- 2**, Коалиција ВЛЕН - **3,** Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ **- 4** , Левица **– 1** и Движење ЗНАМ - **2.**

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **15** листи на кандидати со вкупно **300** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **270.671**  избирачи во избирачкиот список на **684** избирачки места  гласале **163.138** избирачи односно **60,2%.**

Според резултатите, Коалицијата "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" освои **14** пратенички места, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА **- 4**, Левица **– 1** и Движење ЗНАМ - **1.**

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **15** листи на кандидати со вкупно **300** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **272.180** избирачи во избирачкиот список на **599** избирачки места гласале **166.125** избирачи односно **61 %.**

Според резултатите, Коалицијата "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" освои **13** пратенички места, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА **- 5**, Левица **- 1** и Движење ЗНАМ - **1.**

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати за пратеници со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **299.949** избирачи во избирачкиот список на **706** избирачки места гласале **158.205** избирачи односно **52,7%.**

Според резултатите, Коалицијата "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" освои **10** пратенички места, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА **- 3**, Коалиција ВЛЕН - **1,** Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ **- 4** , Левица **– 1** и Движење ЗНАМ - **1.**

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **314.293** избирачи во избирачкиот список на **465** избирачки места гласале **134.564** избирачи односно **42,8 %.**

Според резултатите, Коалицијата "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" освои **3** пратенички места, КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА **- 1**, Коалиција ВЛЕН – **8** и Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ **- 8.**

| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1. | Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" | 10 | 8 | 14 | 13 | 10 | 3 | 58 |
| 2. | КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 3 | 2 | 4 | 5 | 3 | 1 | 18 |
| 3. | Коалиција ВЛЕН | 2 | 3 | - | - | 1 | 8 | 14 |
| 4. | Коалицијата ЕВРОПСКИ ФРОНТ | 2 | 4 | - | - | 4 | 8 | 18 |
| 5. | ЛЕВИЦА | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | - | 6 |
| 6. | Движење ЗНАМ | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | - | 6 |
| ВКУПНО: | | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | 120 |

# 2.2.ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ

## 2.2.1.ПРАТЕНИЦИ

ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ДПМНЕ)


Силвана Ангелевска


Емилија Ангелова


Драгана Арсова


Грација Бакрачевска


Кире Божиновски


Драгана Бојковска


Иванка Василевска


Александар Вељановски


Катерина Димитровска


Сашо Донев


Жан Дрвошанов


Весна Ѓорѓиева


Игор Здравковски


Бисера Златеска


Душко Иванов


Дијана Илиевска


Јован Јаулески


Зоранчо Јованчев


Драган Ковачки


Зоран Коцевски


Биљана Кузманоска


Благица Ласовска


Миле Лефков


Олга Лозановска


Петар Марков

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ДПМНЕ)


Валентина Марчевска


Рашела Мизрахи


Пеце Милевски


Антонијо Милошоски


Никола Мицевски


Јане Мицевски


Каролина Насковска


Ели Панова


Златко Пенков


Ангелинка Петкова


Лидија Петковска


Марија Петрушевска


Бране Петрушевски


Жаклина Пешевска


Сергеј Попов


Љупчо Пренџов


Дејан Проданоски


Петар Ристески


Ѓорѓија Сајкоски


Емил Спасовски


Бети Трајковска Стаменковска


Бојан Стојановски


Дафина Стојаноска


Велика Стојкова Серафимова


Јулија Тушевска

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ДПМНЕ)



Даниела Христова



Мевмет Џафери

## Движење ЗНАМ



Павле Арсовски



Даниела Белимова



Весна Бендевска



Бобан Карапејовски



Даниел Стојчевски



Миле Цеков

## Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Фатмир Битиќи


Благој Бочварски


Димитар Ковачевски


Бисера Костадинова Стојчевска


Сања Лукаревска


Јован Митревски


Даниела Николова


Љупчо Николовски


Славјанка Петрова


Бети Рабаџиевск-Наумовска


Оливер Спасовски


Миле Талевски


Митко Трајчулески


Јованка Тренчевска


Венко Филипче


Борче Цветков

## Алијанса за албанците


Елми Азири


Илире Даути


Илир Демири


Мимоза Муса


Зијадин Села


Снопче Халил


Садик Сулејмани


Салим Сулејмани


Ријад Шаќири

## Алтернатива


Африм Гаши


Беким Сали


Имрлије Салиу Фетаи

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Рина Ајдари


Али Ахмети


Садула Дураку


Исмаил Јахоски


Мерита Коџаџику Колчи


Арбана Пашоли


Дијана Тоска


Илир Хасани


Талат Џафери


Муса Џафери

## Левица


Димитар Апасиев


Реџеп Исмаил


Сашко Јанев


Борислав Крмов


Амар Мециновиќ


Јована Мојсоска

## Движење БЕСА



Аднан Азизи



Калтрина Беќири

## Социјалистичка партија на Македонија (СПМ)



Никола Коњановски



Малиша Станковиќ

## Демократско движење



Саранда Имери Стефаи



Фериде Хаџиу

## Нова социјалдемократска партија (НСДП)



Соња Мираковска



Горан Мисовски

## Либерално-демократска партија (ЛДП)



Моника Зајкова

## Турска демократска партија



Бејџан Иљас

## Движење на турците на Македонија за правда и демократија



Сали Мурати

## Движење Попули



Скендер Реџепи

Демократска партија на албанците



Мендух Тачи

ВЛЕН



Беким Ќоку

Демократска партија на србите



Драган Недељковиќ

## Пратеници на кои порано им престанал мандатот


Иван Живковски


Иван Живковски


Гордана
Кочоска Димитриевска


Фатмир Лимани


Изет Меџити


Христијан Мицковски


Владо Мисајловски


Марија Митева


Бобан Николовски


Александар Николовски


Синиша Стојаноски


Иван Стоилковиќ

## 2.2.2ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИОТ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Азизи Аднан | БЕСА | |
| 2. | Азири Елми | Алијанса | |
| 3. | Ајдари Рина | ДУИ | |
| 4. | Ангелевска Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 5. | Апасиев Димитар | Левица | |
| 6. | Арсова Драгана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 7. | Арсовски Павле | ЗНАМ | |
| 8. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 9. | Бакрачевска Грација | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 10. | Белимова Даниела | ЗНАМ | |
| 11. | Бендевска Весна | ЗНАМ | |
| 12. | Битиќи Фатмир | СДСМ | |
| 13. | Божиновски Кире | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 14. | Бојковска Драгана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 15. | Бочварски Благој | СДСМ | |
| 16. | Василевска Иванка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 17. | Вељановски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Гаши Африм | Алтернатива | |
| 19. | Даути Илире | Алијанса | |
| 20. | Демири Илир | Алијанса | |
| 21. | Димовски Љупчо | СПМ | 23.6.2024, избран за министер<br>заменет со Сергеј Попов |
| 22. | Димитриевска Кочоска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 23.6.2024, избран за министер<br>заменета со Велика Стојкова Серафимовска |
| 23. | Донев Сашо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Дрвошанов Жан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 25. | Дураки Садула | ДУИ | |
| 26. | Живковски Иван | ВМРО-ДПМНЕ | 11.7.2024, оставка<br>заменет со Златеска Бисера |
| 27. | Зајкова Моника | ЛДП | |
| 28. | Здравковски Игор | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Иванов Душко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Имери Стефаи Саранда | ДД | |
| 31. | Исмаил Реџеп | Левица | |
| 32. | Иљас Бејџан | ДПТМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33. | Јамалов Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 34. | Јанчев Сашко | Левица | |
| 35. | Јаревски Тони | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Јаулески Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Јахоски Исмаил | ДУИ | |
| 38. | Јованчев Зоранчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 39. | Карапејовски Бобан | ЗНАМ | |
| 40. | Ковачевски Димитар | СДСМ | |
| 41. | Ковачки Драган | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 42. | Коњановски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 43. | Костадинова Стојчевска Бисера | СДСМ | |
| 44. | Коцевски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 45. | Коџаџику Колчи Мерита | ДУИ | |
| 46. | Крмов Борислав | Левица | |
| 47. | Кузмановска Билјана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 48. | Ласовска Благица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Лефков Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 50. | Лимани Фатмир | БЕСА | 23.6.2024, избран за министер заменет со Беќири Калтрина |
| 51. | Лозановска Олга | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 52. | Лукаревска Сања | СДСМ | |
| 53. | Марков Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 54. | Марчевска Валентина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 55. | Мециновиќ Амар | Левица | |
| 56. | Меџити Изет | ВЛЕН | 23.6.2024, избран за министер заменет со Хаџиу Фериде |
| 57. | Мицковски Христијан | ВМРО-ДПМНЕ | 23.6.2024, избран за премиер заменет со Драган Недељковиќ |
| 58. | Мизрахи Рашела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 59. | Милевски Пеце | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 60. | Милошоски Антонијо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 61. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 62. | Мисајловски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | 23.6.2024, избран за министер заменет со Илиевска Дијана |
| 63. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 64. | Митева Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 22.10.2024, оставка заменета со Димитровска Катерина |
| 65. | Митревски Јован | СДСМ | |
| 66. | Мицевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 67. | Мојсоска Јована | Левица | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 68. | Муса Мимоза | Алијанса | |
| 69. | Мурати Сали | ДТМПД | |
| 70. | Насковска Каролина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 71. | Николова Даниела | СДСМ | |
| 72. | Николовски Бобан | ВМРО-ДПМНЕ | 5.7.2024, оставка<br>заменет со Станковиќ Малиша |
| 73. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | 23.6.2024, избран за министер<br>заменет со Ѓорѓиева Весна |
| 74. | Николовски Љупчо | СДСМ | |
| 75. | Панова Ели | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 76. | Пашоли Арбана | ДУИ | |
| 77. | Пенков Златко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 78. | Петкова Ангелинка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 79. | Петковска Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 80. | Петрова Славјанка | СДСМ | |
| 81. | Петрушевска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 82. | Петрушевски Бране | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 83. | Пешевска Жаклина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 84. | Пренџов Љупчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 85. | Проданоски Дејан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 86. | Рабаџиевска Наумовска Бети | СДСМ | |
| 87. | Реџепи Скендер | Попули | |
| 88. | Ристески Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 89. | Сајкоски Ѓорѓија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 90. | Сали Беким | Алтернатива | |
| 91. | Салиу Фетаи Имрлије | Алтернатива | |
| 92. | Села Зијадин | Алијанса | |
| 93. | Снопче Халил | Алијанса | |
| 94. | Спасовски Оливер | СДСМ | |
| 95. | Спасовски Емил | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 96. | Стаменковска Трајковска Бети | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 97. | Стојановски Бојан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 98. | Стојаноски Синиша | ВМРО-ДПМНЕ | 5.7.2024, оставка<br>заменет со Мицевски Јане |
| 99. | Стојаноска Дафина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 100. | Стојчевски Даниел | ЗНАМ | |
| 101. | Стоилковиќ Иван | ДПСМ | 23.6.2024, избран за министер<br>заменет со Ангелова Емилија |
| 102. | Сулејмани Садик | Алијанса | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 103. | Сулејмани Салим | Алијанса | |
| 104. | Талевски Миле | СДСМ | |
| 105. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 106. | Тоска Дијана | ДУИ | |
| 107. | Трајанова Моника | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 108. | Трајчулевски Митко | СДСМ | |
| 109. | Тренчевска Јованка | СДСМ | |
| 110. | Тушевска Јулија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 111. | Ќоку Беким | ВЛЕН | |
| 112. | Филипче Венко | СДСМ | |
| 113. | Хасани Илир | ДУИ | |
| 114. | Христова Даниела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 115. | Цветков Борче | СДСМ | |
| 116. | Цеков Миле | ЗНАМ | |
| 117. | Џафери Талат | ДУИ | |
| 118. | Џафери Мевмет | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 119. | Џафери Муса | ДУИ | |
| 120. | Шаќири Ријад | Алијанса | |
| 121. | Недељковиќ Драган | ДПСМ | 25.6.2024, наместо Мицковски Христијан |
| 122. | Стојкова Серафимова Велика | ВМРО-ДПМНЕ | 25.6.2024, наместо Димитриевска Кочоска Гордана |
| 123. | Попов Сергеј | ВМРО-ДПМНЕ | 25.6.2024, наместо Димовски Љупчо |
| 124. | Хаџиу Фериде | Демократско Движење | 25.6.2024, наместо Меџити Изет |
| 125. | Илиевска Дијана | ВМРО-ДПМНЕ | 25.6.2024, наместо Мисајловски Владо |
| 126. | Ангелова Емилија | ВМРО-ДПМНЕ | 25.6.2024, наместо Стоилковиќ Иван |
| 127. | Ѓорѓиева Весна | ВМРО-ДПМНЕ | 25.6.2024, наместо Николовски Александар |
| 128. | Беќири Калтрина | БЕСА | 25.6.2024, наместо Лимани Фатмир |
| 129. | Мицевски Јане | ВМРО-ДПМНЕ | 11.7.2024, наместо Стојановски Синиша |
| 130. | Станковиќ Малиша | СПМ | 11.7.2024, наместо Николовски Бобан |
| 131. | Златеска Бисера | ВМРО-ДПМНЕ | 23.7.2024, наместо Живковски Иван |
| 132. | Димитровска Катерина | ВМРО-ДПМНЕ | 12.11.2024, наместо Митева Марија |

| Реден број | Скратен назив | Политичка партија | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 28.5.2024 | 31.12.2024 |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 55 | 55 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 2 | 2 |
| 3. | ДПСМ | Демократска партија на Србите од Македонија | 1 | 1 |
| 4. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 16 | 16 |
| 5. | БЕСА | Движење БЕСА | 2 | 2 |
| 6. | ЛДП | Либерално демократска партија | 1 | 1 |
| 7. | НСДП | Нова социјал -демократска партија | 2 | 2 |
| 8. | ДПТМ | Демократска партија на Турците на Македонија | 1 | 1 |
| 9. | ДТМПД | Движење на Турците на Македонија за правда и демократија | 1 | 1 |
| 10. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 10 | 10 |
| 11. | АЛИЈАНСА | Алијанса на Албанците | 9 | 9 |
| 12. | АЛТЕРНАТИВА | Алтернатива за албанците | 3 | 3 |
| 13. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 1 | 1 |
| 14. | ДД | Демократско движење | 1 | 2 |
| 15. | ПОПУЛИ | Движење ПОПУЛИ | 1 | 1 |
| 16. | ВЛЕН | Коалиција ВЛЕН | 2 | 1 |
| 17. | ЛЕВИЦА | Левица | 6 | 6 |
| 18. | ЗНАМ | Движење ЗНАМ За наша Македонија | 6 | 6 |
| | | **ВКУПНО:** | **120** | **120** |

## 2.2.3. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **28.5.2024** | **82** | 68,3 | **29** | 24,14 | **5** | 4,16 | **-** | - | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 |
| **31.12.2024** | **82** | 68,3 | **29** | 24,14 | **5** | 4,16 | **-** | - | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 | **1** | 0,8 |

## 2.2.4. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| **28.5.2024** | **79** | 65,83 | **41** | 34,17 |
| **31.12.2024** | **73** | 60,83 | **47** | 39,17 |

## 2.2.5. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| **28.5.2024** | **3** | 2,5 | **21** | 17,5 | **57** | 47,5 | **26** | 21,7 | **13** | 10,8 | **-** | - |
| **31.12.2024** | **4** | 3,3 | **24** | 20 | **52** | 43,3 | **27** | 22,6 | **13** | 10,8 | **-** | - |

## 2.2.6. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| **28.5.2024** | **1** | 0,83 | **63** | 52,5 | **16** | **34** | **6** |
| **31.12.2024** | **1** | 0,83 | **65** | 52,5 | **15** | **32** | **7** |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

# 3.1.ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 28 седници од кои 8 останаа незавршени со 14 преостанати точки и тоа 5 закони, една одлука, 5 извештаи, еден план и една декларација како и една одлука која е делумно донесена односно предлог за разрешување на четири членови е изгласана само за двајца.







`

## 3.1.1.ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 28.05.2024 – 31.12.2024

**Пратенички прашања - 3**

- 18 седница одржана на 31.10.2024 година;
- 21 седница одржана на 28.11.2024 година и
- 26 седница одржана на 26.12.2024 година.

**Обраќања – 1**

- Обраќање на Претседателот на Република Северна Гордана Силјановска Давкова (25 седница, 25.12.2024 година).

**Комеморативна – 1**

- Комеморативна седница по повод смртта на Стојан Андов, поранешен претседател на Собранието на Република Македонија (6 седница, 19.06.2024 година).

**Времетраење на седниците**

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е четиринаесетта седница со 5 работни денови и со 33 точки на дневен ред.
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е седмата седница со 18 часа и 50 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Северна Македонија е втората седница која имала 3 точки на дневен ред, која траела од 11 часот и 5 минути на 7 јуни до 2 часот и 35 минути утрината на 8 јуни или во континуитет 15 часа и 30 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Северна Македонија е третата седница која траела само 10 минути со две точки на дневен ред.

## 3.1.2.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 1 седница | 1 | 4 часа и 20 минути |
| 2 седница | 1 | 15 часа и 30 минути |
| 3 седница | 1 | 10 минути |
| 4 седница | 1 | 15 минути |
| 5 седница | 1 | 15 минути |
| 6 седница | 1 | 15 минути |
| 7 седница | 2 | 18 часа и 50 минути |
| 8 седница | 1 | 7 часа и 30 минути |
| 9 седница | 2 | 1 час и 10 минути |
| 10 седница | 2 | 8 часа и 55 минути |
| 11 седница | 1 | 9 часа и 05 минути |
| 12 седница | 2 | 9 часа и 35 минути |
| 13 седница | 1 | 9 часа и 55 минути |
| 14 седница | 5 | 13 часа и 20 минути |
| 15 седница | 3 | 2 часа и 05 минути |
| 16 седница | 3 | 10 часа и 05 минути |
| 17 седница | 2 | 5 часа и 30 минути |
| 18 седница | 1 | 7 часа и 10 минути |
| 19 седница | 2 | 2 часа и 35 минути |
| 20 седница | 1 | 8 часа и 05 минути |
| 21 седница | 1 | 7 часа |
| 22 седница | 4 | 10 часа и 55 минути |
| 23 седница | 2 | 6 часа |
| 24 седница | 2 | 4 часа и 45 минути |
| 25 седница | 1 | 1 час и 50 минути |
| 26 седница | 1 | 6 часа и 50 минути |
| 27 седница | 2 | 2 часа и 05 минути |
| 28 седница | 1 | 9 часа |
| **вкупно: 28 седници** | **39 дена** | **283 часа** |

## 3.2.РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

### 3.2.1.ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | информации | декларации | извештаи | програми | планови | автентични толкувања | интерпелации | стратегии | завршни сметки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | | 4 | | | | | | | | | |
| 2 | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | | |
| 3 | 2 | | 2 | | | | | | | | | |
| 4 | 3 | | 2 | | | 1 | | | | | | |
| 5 | 2 | | 2 | | | | | | | | | |
| 7 | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 8 | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| 9 | 19 | | 11 | | | 8 | | | | | | |
| 10 | 12 | 10 | 2 | | | | | | | | | |
| 11 | 8 | 2 | 6 | | | | | | | | | |
| 12 | 31 | 25 | 4 | | | | | | 1 | | | 1 |
| 13 | 7 | 2 | 4 | | | | | | | 1 | | |
| 14 | 33 | 14 | 6 | | | 13 | | | | | | |
| 15 | 16 | 13 | 1 | | | 2 | | | | | | |
| 16 | 22 | 12 | 9 | | | 1 | | | | | | |
| 17 | 29 | 23 | 3 | | | | 1 | | 1 | | 1 | |
| 19 | 25 | 12 | 10 | | | | | 2 | | | 1 | |
| 20 | 12 | 10 | 1 | | | 1 | | | | | | |
| 22 | 33 | 16 | 12 | 1 | 1 | 1 | | | 2 | | | |
| 23 | 64 | 59 | 3 | | | 1 | | | 1 | | | |
| 24 | 7 | 6 | 1 | | | | | | | | | |
| 27 | 17 | 11 | 4 | | | | | | 2 | | | |
| 28 | 68 | 66 | 2 | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 420 | 283 | 93 | 1 | 1 | 28 | 1 | 2 | 7 | 1 | 2 | 1 |

## 3.2.2.РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | неприфатливи | прво читање | само разгледани | усвоени | неусвоени | неосновани | делумно донесенна | повлечени | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **283** | 186 | 1 | 2 | 73 | - | - | - | - | - | 16 | **5** |
| **2.** | одлуки | **93** | 89 | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | **1** |
| **3.** | информации | **1** | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| **4.** | декларации | **1** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **1** |
| **5.** | извештаи | **28** | - | - | - | - | 8 | 11 | 4 | - | - | - | **5** |
| **6.** | програми | **1** | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | |
| **7.** | планови | **2** | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | **1** |
| **8** | интерпелации | **1** | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| **9.** | автентични толкувања | **7** | - | - | - | - | - | 3 | - | 4 | - | - | - |
| **10.** | стратегии | **1** | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **11.** | завршни сметки | **1** | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | **ВКУПНО** | **420** | **277** | **3** | **2** | **73** | **9** | **16** | **5** | **4** | **1** | **16** | **13** |

# 3.3.ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската Унија, а пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Северна Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

### 1. ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање, законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеци.

**<u>Второ читање</u>**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани.

Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**<u>Трето читање</u>**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**<u>Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА</u>**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската Унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се регледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање можат да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собранието.

## В) ИТНА ПОСТАПКА

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрво во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

## Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на Службен весник на Република Северна Македонија - меѓународни договори.

## Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

## Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија.

## РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦА




вкупен број на разгледувани точки по закони
2
1
16
73
186
донесени
прво читање
повлечени
неприфатливи
недонесени


Донесени закони: 186
16
67
108
редовна постапка
скратена постапка
ратификации

## 3.3.1. Донесени закони

### По постапка




### По предлагачи



ЛЕГЕНДА:

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа | Х,Мицковски | скратена | 2<br>07.6.2024 |
| 2. | Закон за дополнување на Законот за енергетика | Б.Стојаноски<br>Љ.Пренцов<br>М.Митева<br>М.Муса<br>С.Ангелевска<br>Т. Јаревски | скратена | 8<br>25.6.2024 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| 4. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| 5. | Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| 6. | Закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| 7. | Закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| **9.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| **10.** | Закон за престанување на важењето на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| **11.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| **12.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција | Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д.Стојаноска<br>Д.Бојковска<br>Е. Панова<br>Л.Петкоска<br>М.Митева<br>Н. Коњановски<br>С.Ангелевска | скратена | 10<br>11.7.2024 |
| **13.** | Закон за дополнување на Законот за катастар на недвижности | Б. Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Е. Спасовски<br>З.Јованчев<br>Н.Коњановски<br>П. Арсоски<br>Т.Јаревски<br>Х. Снопче | скратена | 11<br>23.7.2024 |
| **14.** | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година** | **Влада** | **редовна** | **12<br>12.8.2024** |
| **15.** | Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |
| **16.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |
| **18.** | Закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |
| **19.** | Закон за изменување на Законот за дивечот и ловството | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |
| **20.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за спортот | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |
| **21.** | Закон за изменување на Законот за здравствената заштита | Влада | редовна | 12<br>13.8.2024 |
| **22.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Влада | скратена | 12<br>13.8.2024 |
| **23.** | Закон за изменување на Законот за железничкиот систем | Влада | скратена | 13<br>3.9.2024 |
| **24.** | Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид | Влада | скратена | 13<br>3.9.2024 |
| **25.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Влада | скратена | 14<br>12.9.2024 |
| **26.** | Закон за изменување на Законот за архивски материјал | Влада | скратена | 14<br>12.9.2024 |
| **27.** | Закон за изменување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор | Влада | скратена | 14<br>12.9.2024 |
| **28.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | Влада | скратена | 14<br>12.9.2024 |
| **29.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош | Влада | скратена | 14<br>17.9.2024 |
| **30.** | Закон за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка | А. Милошоски<br>Б. Ласовска<br>Б.Стојаноски<br>Д. Стојаноска<br>Е. Панова | скратена | 14<br>17.9.2024 |
| **31.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | А. Милошоски<br>Б. Ласовска<br>Б.Стојаноски<br>Д. Стојаноска<br>Е. Панова | скратена | 14<br>17.9.2024 |
| **32.** | Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели | Влада | скратена | 14<br>17.9.2024 |
| **33.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа | Б.Карапејовски<br>Н. Мицевски<br>Х. Снопче | скратена | 14<br>24.9.2024 |
| **34.** | Закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **35.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **36.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **37.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **38.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **39.** | Закон за изменување на Законот за јавните претпријатија | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **40.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата | Влада | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **41.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | А. Милошоски<br>Б.Стојаноски<br>Б.Петрушевски<br>Д. Ковачки<br>Љ.Пренџов<br>М. Митева<br>М. Лефков<br>П. Милевски | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **42.** | Закон за изменување на Законот за виното | Б.Кузманоска<br>З.Јованчев<br>М.Станковиќ<br>П.Ристески | скратена | 16<br>2.10.2024 |
| **43.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | Влада | скратена | 16<br>3.10.2024 |
| **44.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам | Влада | скратена | 16<br>3.10.2024 |
| **45.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми | Д.Иванов<br>И.Салиу Фетаи<br>Љ.Пренџов<br>М. Митева<br>М. Цеков<br>Р. Шаќири<br>Т.Јаревски | редовна | 17<br>22.10.2024 |
| **46.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа | Влада | скратена | 15<br>22.10.2024 |
| **47.** | Закон за изменување на Законот за матичен број | Влада | скратена | 15<br>22.10.2024 |
| **48.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште | Влада | скратена | 15<br>22.10.2024 |
| **49.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | Б.Кузманоска<br>З.Јованчев<br>П.Ристески<br>М.Лефков | скратена | 15<br>22.10.2024 |
| **50.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за фитофармација | Б. Кузманоска<br>З.Јованчев<br>П. Ристески<br>М.Станковиќ<br>М.Лефков | скратена | 15<br>22.10.2024 |
| **51.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Влада | скратена | 17<br>24.10.2024 |
| **52.** | Закон за изменување на Законот за урбано зеленило | Влада | скратена | 17<br>29.10.2024 |
| **53.** | Закон за изменување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти | Влада | скратена | 17<br>29.10.2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **54.** | Закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија | Влада | скратена | 17<br>29.10.2024 |
| **55.** | Закон за изменување на Законот за јавните патишта | Влада | скратена | 17<br>29.10.2024 |
| **56.** | Закон за изменување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај | Влада | скратена | 17<br>29.10.2024 |
| **57.** | Закон за изменување на Законот за поштенските услуги | Влада | скратена | 17<br>29.10.2024 |
74.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, по **скратена постапка**;

75.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по **скратена постапка**;

76.Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, по **скратена постапка**;

77.Предлог на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по **скратена постапка**;

78.Предлог на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, по **скратена постапка**;

79.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, по **скратена постапка**;

80.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување и електронски услуги, **прво читање**;

81.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, **прво читање**;

82.Предлог на закон за изменување на Законот за генетски модифицирани организми, **прво читање**;

83.Предлог на закон за изменување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, **прво читање**;

84.Предлог на закон за изменување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, **прво читање**;

85.Предлог на закон за изменување на Законот за управување со отпад, **прво читање**;

86.Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од бучава во животната средина, **прво читање**;

87.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, **прво читање**;

88.Предлог на закон за изменување на Законот за водите, **прво читање**;

89.Предлог на закон за изменување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, **прво читање**;

90.Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на природата, **прво читање**;

91.Предлог на закон за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос, **прво читање**;

92.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат, **прво читање**;

93.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, **прво читање**;

94.Предлог на закон за изменување на Законот за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти, **прво читање**;

95.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општа безбедност на производите, **прво читање**;

96.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, **прво читање**;

97.Предлог на закон за изменување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, **прво читање**;

98.Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина, **прво читање;**

99.Предлог на закон за изменување на Законот за административните такси, **прво читање;**

100.Предлог на закон за изменување на Законот за даночна постапка, **прво читање;**

101.Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, **прво читање;**

102.Предлог на закон за изменување на Законот за супервизија на осигурување, **прво читање;**

103.Предлог на закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, **прво читање;**

104.Предлог на закон за изменување на Законот за државната ревизија, **прво читање;**

105.Предлог на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, **прво читање;**

106.Предлог на закон за изменување на Законот за Управата за јавни приходи, **прво читање;**

107.Предлог на закон за изменување на Царинскиот закон, **прво читање;**

108.Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, **прво читање**

109.Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, **прво читање;**

110.Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги, **прво читање;**

111.Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Вториот проект за унапредување на социјалните услуги, **прво читање;**

112.Предлог на закон за изменување на Законот за данок на моторни возила, **прво читање;**

113.Предлог на закон за изменување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки, **прво читање;**

114.Предлог на закон за изменување на Законот за царинската управа, **прво читање;**

115.Предлог на закон за изменување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија, **прво читање;**

116.Предлог на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, **прво читање**;

117.Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на

електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по **скратена постапка;**

118.Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по **скратена постапка;**

119.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, **прво читање;**

120.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, по **скратена постапка;**

121.Предлог на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, по **скратена постапка;**

122.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по **скратена постапка**;

123.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, по **скратена постапка;**

124.Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по **скратена постапка;**

125.Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности, по **скратена постапка;**

126.Предлог на Закон за изменување на Законот за градење, по **скратена постапка;**

127.Предлог на закон за дополнување на Законот за инспекциски надзор во животната средина, по **скратена постапка;**

128.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција, по **скратена постапка;**

129.Предлог на закон за изменување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, по **скратена постапка;**

130.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, по **скратена постапка;**

131. Предлог на закон за минимален глобален данок на добивка, по **скратена постапка;**

132.Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, по **скратена постапка;**

133.Предлог на закон за изменување на Законот за буџетите, по **скратена постапка;**

**Од областа на јавните дејности Комисијата ги разгледа следните предлози на закони:**

1**.** Предлог на законот за изменување на Законот за здравствената заштита, **прво читање**;

2.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот**, по скратена постапка**;

3.Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување**, по скратена постапка**;

4.Предлог на закон за изменување на Законот за иновациската дејност, по **скратена постапка**;

5.Предлог на закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, по **скратена постапка**;

6.Предлог на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на

основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен ;граѓански универзитет за доживотно учење, по **скратена постапка**;

7.Предлог на закон за изменување на Законот за ученичкиот стандард, по **скратена постапка**;

8.Предлог на закон за изменување на Законот за студентскиот стандард, по **скратена постапка**;

9.Предлог на закон за изменување на Законот за Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, по **скратена постапка**;

10.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, **прво читање**;

11.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, **прво читање;**

12.Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Национална агенција за нуклеарни технологии на Република Македонија, **прво читање**;

13.Предлог на закон за Националната рамка на квалификации, **прво читање**;

14.Предлог на закон за средното образование, **прво читање;**

15.Предлог на закон за учебници во основно и средно образование, **прво читање**;

16.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, **прво читање**;

17.Предлог на закон за стручно образование и обука, **прво читање**;

18.Предлог на закон за образование на возрасните, **прво читање**;

19.Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на културното наследство, **прво читање**;

20.Предлогот на закон за изменување на Законот за употребата на македонскиот јазик, **прво читање**;

21.Предлог на закон за изменување на Законот за музеите, **прво читање**;

22.Предлог на закон за изменување на Законот за издавачката дејност, **прво читање**;

23.Предлог на закон за изменување на Законот за филмската дејност, **прво читање**;

24.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, **прво читање**;

25.Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, **прво читање**;

26.Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, **прво читање**;

27.Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на спомeничката целина Крушево за културно наследство од особено значење, **прво читање**;

28.Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење, **прво читање**;

29.Предлог на закон за изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење, **прво читање**;

30.Предлог на закон за изменување на Законот за основање на агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, **прво читање**;

31.Предлог на закон за изменување на Законот за просветната инспекција, по **скратена постапка.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 49 |
| Вкупно разгледани точки | | 281 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | 22 |
| | економски систем | 133 |
| | јавни дејности | 31 |
| Закони | 1 читање | 75 |
| | 2 читање | 69 |
| | скратена и итна | 111 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| ратификации | | 11 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 6 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| барања за автентични толкувања | | 7 |
| други акти | | - |

# Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
-избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Северна Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Северна Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на политичките системи и односите меѓу заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУПЧО ПРЕНЏОВ,** претседател | |
| | **ЈОВАН ЈАУЛЕСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ели Панова | |
| 2. | Драган Ковачки | |
| 3. | Иванка Василевска | |
| 4. | Антонијо Милошоски | |
| 5. | Благица Ласовска | |
| 6. | Малиша Станковиќ | |
| 7. | Славјанка Петровска | |
| 8. | Соња Мираковска | |
| 9. | Садула Дураку | |
| 10. | Елми Азири | |
| 11. | Беким Ќоку | |
| 12. | Салим Сулејмани | |
| 13. | Амар Мециновиќ | |
| 14. | Весна Бендевска | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Бојан Стојановски | |
| 2. | Сергеј Попов | |
| 3. | Пеце Милевски | |
| 4. | Миле Лефков | |
| 5. | Драгана Бојко вска | |
| 6. | Александар Велјановски | |
| 7. | Јованак Тренчевска | |
| 8. | Даниела Николова | |
| 9. | Муса Џафери | |
| 10. | Халил Снопче | |
| 11. | Блерим Беџети | |
| 12. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 13. | Реџеп Исмаил | |
| 14. | Павле Арсоски | |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 126/2024 година).

*Во периодот од 28 мај 2024 до 31 декември 2024 година, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците закажа **14 седници** на кои беа разгледани вкупно **38 точки** и една седница остана незавршена.*

На седниците на Комисијата беа разгледани следните точки:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, по скратена постапка;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2023 година, поднесен од Државната комисија за спречување на корупцијата;

-Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2023 година, поднесен од Народниот правобранител;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2023 година поднесен од Агенцијата за администрација;

-Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2023 година, поднесен од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија;

-Годишен нзвештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2023 година, поднесен од Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на Инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за катастар на недвижности, по скратена постапка, поднесен од пратениците Никола Коњановски, Емил Спасовски, Павле Арсоски, Бојан Стојаноски, Тони Јаревски, Бране Петрушевски, Халил Снопче, Зоранчо Јованчев;

-Предлог на закон за парничната постапка, поднесен од пратеникот Бојан Маричиќ;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, по скратена постапка, поднесен од министерот за правда Игор Филков;

-Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по скратена постапка; поднесен од пратениците Ели Панова, Антонијо Милошоски, Бојан Стојаноски, Дафина Стојаноска, Благица Ласовска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка; поднесен од пратениците Ели Панова, Антонијо Милошоски, Бојан Стојаноски, Дафина Стојаноска, Благица Ласовска;

-Посебен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за утврдените состојби во финансирање на изборната кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, поднесен од Државната комисија за спречување на корупцијата;

-Посебен извештај за утврдени состојби во финансирањето на изборната кампања за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година, поднесен од Државната комисија за спречување на корупцијата;

-Извештај за реализација на Судскиот буџет за 2023, поднесен од Судскиот буџетски совет;

-Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година, поднесен од Судскиот совет на Република Северна Македонија;

-Годишен извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија за 2023 година, поднесен од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2023 година, поднесен од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;

-Предлог на закон за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка; поднесен од Панче Тошковски, министер за внатрешни работи;

-Предлог на закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка; поднесен од Горан Минчев, министер за Јавна администрација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка; поднесен од Горан Минчев, министер за Јавна администрација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, по скратена постапка; поднесен од Горан Минчев, министер за Јавна администрација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка; поднесен од Горан Минчев, министер за Јавна администрација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, по скратена постапка; поднесен од Горан Минчев, министер за Јавна администрација;

-Јавна расправа по работните верзии на Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници;

-Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2023 година, поднесен од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер;

-Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2023 година, поднесен од Инспекцискиот совет;

-Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2023 година, поднесен од Државниот совет за превенција на детско престапништво;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, -прво читање; и -второ читање; поднесен од Стефан Андоновски, министер за Дигитална трансформација;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар на население, прво читање и второ читање; поднесен од Стефан Андоновски, министер за Дигитална трансформација;

-Предлог на закон за изменување на Законот за платите на судиите, по скратена постапка; поднесен од пратениците Ѓорѓија Сајкоски и Бојан Стојаноски;

-Предлог на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка; поднесен од пратениците Бојан Стојаноски и Ѓорѓија Сајкоски;
-Предлог на закон за изменување на Законот за платите на јавните обвинители, по скратена постапка; поднесен од пратениците Бојан Стојаноски и Ѓорѓија Сајкоски;
-Предлог на закон за изменување на Законот за платите на членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, по скратена постапка; поднесен од пратениците Бојан Стојаноски и Ѓорѓија Сајкоски;
-Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците, по скратена постапка; поднесен од пратениците Бојан Стојаноски и Ѓорѓија Сајкоски;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка; поднесен од пратениците Бобан Карапејовски, Антонијо Милошоски и Љупчо Пренџов;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, по скратена постапка; поднесен од пратениците Бобан Карапејовски, Антонијо Милошоски и Љупчо Пренџов;

Членовите и замениците членови на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на 4 декември 2024 година, во х. Александар Палас во Скопје на покана на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, присуствуваа работилница посветена на парламентарен надзор и соработка на Собранието со независни надзорни институции, од аспект на заштита на човековите права.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 38 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 23 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | 2 |
| | скратена и итна | 18 |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 14 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |

# Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-заштита на поредокот утврден со Уставот,
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста,
-одбрана на Републиката и цивилната заштита,
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила,
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации,
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот,
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти,
-државјанство,
-одржување на јавниот ред и мир,
-јавните собири и јавните приредби,
-безбедноста на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај,
-заштита од природни непогоди и епидемии,
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето,
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас,
-движење и престој на странци,
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на одбраната и безбедноста и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

Комисијата за одбрана и безбедност е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија (,,Службен весник на Република Северна Македонија” број 126/24).

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПАВЛЕ АРСОСКИ,** претседател | |
| | **БОБАН КАРАПЕЈОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Антонијо Милошоски | |
| 2. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 3. | Бране Петрушевски | |
| 4. | Марија Петрушевска | |
| 5. | Зоран Коцевски | |
| 6. | Аднан Азизи | |
| 7. | Драган Ковачки | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Оливер Спасовски | |
| 10. | Садула Дураку | |
| 11. | Рина Ајдари | |
| 12. | Реџеп Исмаил | |
| | **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** | |
| 1. | Бојан Стојановски | |
| 2. | Александар Јамалов | |
| 3. | Даниела Христова | |
| 4. | Никола Коњановски | |
| 5. | Салим Сулејмани | |
| 6. | Зоранчо Јованчев | |
| 7. | Миле Талевски | |
| 8. | Славјанка Петровска | |
| 9. | Арбана Пашоли | |
| 10. | Исмаил Јахоски | |
| 11. | Јована Мојсовска | |
| 12. | | |

Составот на Комисијата за одбрана и безбедност е утврден врз основа на Одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24, 127/24, 153/24, 230/24 и 251/24)

*Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија, како матично работно тело, во периодот од 28 мај 2024 до 31 декември 2024 година има одржано **8** седници на кои беа разгледани вкупно **дванаесет** точки и тоа:*

- еден предлог на закон по скратена постапка;
- четири предлог на одлуки за испраќање на припадник или припадници на Армијата на Република Северна Македонија во меѓународни операции;
- две предлог на одлуки за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и
- четири информации добиени од Министерство за одбрана.

**Комисијата по скратена постапка го разгледа:**

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

Комисијата ги разгледа следниве предлог на одлуки:

- Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан;
- Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан;
- Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина;
- Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина;
- Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и
- Предлог на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија.

**Комисијата ги разгледа следниве Информации:**

- Информација за потребата за изменување на Договорот бр.LOM/OU/2022/ P210407 за обезбедување на услуги-ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за работа бр. LOM/OU/2021/0153, со усогласен текст на Амандман бр. 1 кон Договорот;
- Информација за потребата за изменување на Договор за обезбедување на услуги – ремонт на Ми-8Т хеликоптери на Министерството за одбрана, со усогласен текст на Анекс бр.1 кон Договорот;

- Информација за потребата на доделување на Амндман бр.3 кон договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала Stryker, MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на соединетите Американски Држави и
- Информација за потребата од доделување на Амандман бр.2 за измена на Налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDAод Република Франција, во врска со набавката на батерија ПВО со мал дострел (VSHORAD).

**Други активности и средби на Комисијата за одбрана и безбедност:**

- присуство на членовите на Комисијата за одбрана и безбедност на прославата по повод одбележување на Денот на АРМ, 18-ти август;
- средба на членовите на Комисијата за одбрана и безбедност со претставници на здружение „Клуб на генерали“ - Скопје, 9-ти октомври;
- средба на членовите на Комисијата за одбрана и безбедност со претставници на Институт за европски политики – ЕПИ, 15-ти октомври;
- средба на членовите на Комисијата за одбрана и безбедност со студенти од Институтот за безбедност, одбрана и мир, 1-ви ноември;
- средба на претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност со одбранбеното атеше на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија, 29-ти ноември.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| одлуки | | 6 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за надворешна политика и надворешна трговија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Северна Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Северна Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Северна Македонија,

-следењето на меѓународните стопански движења, како и нивното влијание врз економските односи во Републиката,

-надворешнотрговсото работење,

-подобрувањето на економските односи со странство,

-следењето мерки од областа на економските односи со странство, следење на меѓународните економски односи и мултилатералната, регионалната и билатералната соработка со други земји и организации и нивниот развој,

-следењето на режимот на надворешната трговска политика, вклучувајќи мерки за заштита во надворешната трговија,

-следењето на надворешно-трговската размена на Европската Унија и Светската трговска организација и други мултилатерални институции и организации и нивно спроведување,

-потреба од склучување и следење на спроведувањето на меѓународните трговски договори и договори и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Северна Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МУСА ЏАФЕРИ,** претседател |
| | **АРБАНА ПАШОЛИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Антонијо Милошоски |
| 2. | Драган Ковачки |
| 3. | Иванка Василевска |
| 4. | Емилија Ангелова |
| 5. | Марија Петрушевска |
| 6. | Бети Стаменкоска Трајкоска |
| 7. | Мерита Колчи Коџаџику |
| 8. | Павле Арсоски |
| 9. | Димитар Ковачевски |
| 10. | Соња Мираковска |
| 11. | Скендер Реџеп |
| 12. | Реџеп Исмаил |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Катерина Димитровска |
| 2. | Драгана Бојковска |
| 3. | Петар Ристески |
| 4. | Петар Марков |
| 5. | Сашо Донев |
| 6. | Рашела Мизрахи |
| 7. | Беким Ќоку |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Бисера Костадиновска Стојчевска |
| 10. | Славјанка Петровска |
| 11. | Илире Даут |
| 12. | Амар Мециновиќ |

Комисијата за надворешна политика и надворешна трговија има одржано 3 седници, на кои беа разгледани 12 точки и Комисијата оствари повеќе активности согласно со нејзините надлежности.

Во рамки на законодавната постапка, Комисијата ги разгледа следниве точки на дневен ред:

1. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за договорите за избор на надлежен суд;

2. Предлог на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба;

3. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи;

4. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација, за прифаќање на Спогодбата за субвенции во рибарството;

5. Предлог на закон за ратификација на Деветтиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, Десеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз и Единаесеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз;

6. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави;

7. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи;

8. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан;

9. Предлог на закон за ратификација на изменувањата и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (консолидирана верзија);

10. Предлог на закон за ратификација на Договорот за признавање на професионалните квалификации на медицинските сестри, докторите по ветеринарна медицина, фармацевтите и акушерките во контекст на Централно-европскиот Договор за слободна трговија.

11. Предлог на закон за ратификација на измените и дополнувањата на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло и

12. Предлог на закон за ратификација на Договорот за финансирање на повторното воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау.

## 2.МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И КОМИСИЈАТА

2.1 Меѓународна активност на Муса Џафери претседател на Комисијата за надворешна политика и надворешна трговија во странство:

-Делегација предводена од Муса Џафери, со членовите на Комисијата Павле Арсоски, Марија Петрушевска и Реџеп Исмаил, учествуваше на Меѓупарламентарната конференција за заедничка надворешна и безбедносна политика, која се одржа во Будимпешта, Унгарија. (од 9 до 10 септември 2024)

**2.2 Меѓународна активност на Комисијата во Собранието:**

- имаше средба со Делегација на баварскиот парламент, Сојузна Република Германија предводена од Герхард Хоп; (26 јуни 2024)

- оствари средба со Фатих Улусој амбасадор на Република Туркије во Република Северна Македонијаё и (31 октомври 2024) и

- имаше средба со Делегација од Комисијата за надворешни работи, од Домот на пратеници од Парламентот на Чешката Република, предводена од пратеникот Радек Вондрачек, заменик-претседател на Комисијата. (26 ноември 2024)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 12 |
| ратификации | | 12 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | - |
| **ислушување на амбасадори** | | **-** |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;
-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската Унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;
-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија;
-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
-анализирање на последиците од пристапување на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и подготвува извештаи во врска со истите;
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската Унија;
-соработката со соодветните комисии на другите земји;
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија;

-предлагање и остварување активности насочени кон информирање на јавноста за процесите на европската интеграција;
-следење на активностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Републиката и Европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Републиката и Европската Унија, како и на работните тела формирани во рамките на склучената спогодба и другите договори со Европската Унија;
-следење на работата на претставниците на Републиката во институциите и телата на Европската Унија;
-соработката со соодветните комисии на другите земји;
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Северна Македонија во членство во Европската Унија и
-следење на усогласувањето на работата на Републиката како држава членка на Европската Унија.

*Во изминатиот извештаен период Комисијата за евроспки прашања има одржано **4 седници**, на кои беа разгледани **4 точки** и Комисијата оствари повеќе активности согласно своите надлежности,*

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АНТОНИО МИЛОШОСКИ,** претседател | |
| | **ИГОР ЗДРАВКОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ели Панова | |
| 2. | Иванка Василевска | |
| 3. | Миле Лефков | |
| 4. | Жаклина Пешевска | |
| 5. | Марија Петрушевска | |
| 6. | Рашела Мизрахи | |
| 7. | Халил Снопче | |
| 8. | Мимоза Муса | |
| 9. | Даниела Белимова | |
| 10. | Бисера Костадиновска Стојчевска | |
| 11. | Митко Трајчулески | |
| 12. | Дијана Тоска | |
| 13. | Рина Ајдари | |
| 14. | Амар Мециновиќ | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Даниела Христова | |
| 2. | Малиша Станковиќ | |
| 3. | Лидија Петкоска | |
| 4. | Дејан Проданоски | |
| 5. | Емил Спасовски | |
| 6. | Жан Дрвошанов | |
| 7. | Саранда Имери Стафаи | |
| 8. | Мерита Колчи Коџаџику | |
| 9. | Бобан Карапејовски | |
| 10. | Моника Зајкова | |
| 11. | Јованка Тренчевска | |
| 12. | Илир Хасани | |
| 13. | Сали Мурати | |
| 14. | Реџеп Исмаил | |

- во рамките на следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на ЕУ разгледа **3 законски предлози со ЕУ знак**, во прво и по скратена постапка, при што констатира дека се прифатливи за натамошно читање од аспект на нивната усогласеност со правото на ЕУ;

- **одржа Јавна расправа** на тема: Презентација на Реформската Агенда на Владата (2024-2027 година) во врска со Планот за раст на Европската Комисија.
(8.11.2024 година)

Во рамки на законодавната постапка, Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред.

**Во редовна постапка разгледа 1 Предлог закон во прво читање:**

1. Предлог на закон за парична постапка

**2. Во скратена постапка 2 предлог на закони:**

1. Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и

2. Предлог на закон за минимален глобален данок на добивка**.**

## 2. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И КОМИСИЈАТА

### 2.1 Меѓународна активност на Антонијо Милошоски претседател на Комисијата за европски прашања во странство:

- Делегација предводена од **Антонијо Милошоски**, со членовите на Комисијата **Рашела Мизрахи**, **Митко Трајчулески** и **Дијана Тоска**, учествуваше на Самитот за парламентарната димензија на Берлинскиот процес, кој се одржа во Берлин, Германија.
(10.10.2024 година)

### 2.2 Меѓународна активност на претседателот и Комисијата во Собранието на Република Северна Македонија:

- Претседателот, **Антонијо Милошоски** имаше средба со Н.Е **Оцука Казуја**

амбасадор на Јапонија во Република Северна Македонија; (5 јуни 2024 година)

- Комисијата одржа работна средба со Делегацијата на Парламентот на Баварија, предводена од **Герхард Хоп**; (26 јуни 2024 година)

- Претседателот, **Антонијо Милошоски** имаше средба со **Калиопи Вета**, пратеничка од Парламентот на Грција; (20 јуни 2024 година)

- Претседателот, **Антонијо Милошоски** заедно со пратеничката **Моника Зајкова** имаше средба со Латвиска делегација предводена од **Ингрида Лавренс**; (26 септември 2024 година)

- Претседателот, **Антонијо Милошоски** одржа средба со германскиот пратеник **Петер Бауер** и програмскиот менаџер во Фондацијаа Конрад Аденауер **Давор Пашовски** (3 октомври 2024 година) и

- Претседателот, **Антонијо Милошоски** имаше средба со тим од невладини организации од Западен Балкан. (23 октомври 2024 година)

**2.3 Меѓународна активност на Комисијата во странство:**

- Заменик претседателот **Игор Здравковски** и пратеникот **Миле Лефков** учествуваа на Конференцијата на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ (КОСАК), која се одржа во Будимпешта, Унгарија; (29 јули 2024 година)

- Пратеникот **Миле Лефков** и генералниот секретар на Собранието **Марина Димовска** учествуваа на регионалната конференција на тема „Процес на патоказ: Патот напред“, одржана во Валона, Република Албанија; (од 11 до 13 октомври 2024 година)

- Заменик претседателот **Игор Здравковски** и пратениците **Миле Лефков** и **Илир Хасани** учествуваа на пленарната седница на Конференцијата на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ (КОСАК), која се одржа во Будимпешта, Унгарија (29 октомври 2024 година) и

- Пратениците **Мимоза Муса** и **Митко Трајчулески** учествуваа на дваесеттиот состанок на Конференцијата на парламентарните комисии за европска интеграција/прашања на земјите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација на Југоисточна Европа (КОСАП). (5 ктомври 2024 година)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | |
| | скратена и итна | 2 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членови на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира и ги именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Северна Македонија",

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија е постојано работно тело на Собранието основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 126/2024), во која се утврдени бројот на членовите и на замениците членови на комисијата и нејзината надлежност. Комисијата има претседател, заменик претседател, 12 члена и нивни заменици.

Персоналниот состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е избран согласно со Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 113/24) и Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 251/24).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЃОРЃИЈА САЈКОСКИ ,** претседател | |
| | **ДАФИНА СТОЈАНОСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Никола Мицевски | |
| 2. | Жаклина Пешевска | |
| 3. | Ели Панова | |
| 4. | Миле Лефков | |
| 5. | Никола Коњановски | |
| 6. | Сања Лукаревска | |
| 7. | Љупчо Николовски | |
| 8. | Арбана Пашоли | |
| 9. | Илире Даути | |
| 10. | Ријад Шаќири | |
| 11. | Борислав Крмов | |
| 12. | Даниел Стојчевски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Александар Вељановски | |
| 2. | Јован Јаулески | |
| 3. | Бети Стаменковска Трајковска | |
| 4. | Игор Здравковски | |
| 5. | Олга Лозановска | |
| 6. | Горан Мисовски | |
| 7. | Моника Зајкова | |
| 8. | Рина Ајдари | |
| 9. | Ељми Азири | |
| 10. | Саранда Имери Стефаи | |
| 11. | Реџеп Исмаил | |
| 12. | Даниела Белимова | |

*Во Извештајниот период од 28 мај до 31 декември 2024 година Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа вкупно **17 седници** на кои беа поставени **89 точки.***

Во Извештајниот период, Комисијата ги утврди следниве предлог на одлуки:

1. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,
2. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на

Собранието на Република Северна Македонија,

3. Предлог на одлука за именување на генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија;

4. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија,

5. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

6. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);

7. Предлог на одлука за утврдување на составотна Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);

8. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);

9. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);

10. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот);

11. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);

12. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК) ;

13. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

14. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави;

15. Предлог на одлука за разрешување на замениците на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија,

16. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија,

17. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,

18. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците,
19. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија,
20. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на на Одборот за доделување на државната награда „8 Септември",
21. Предлог на одлука за разрешување на членовите на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации,
22. Предлог на одлука за разрешување на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор,
23. Предлог на одлука за избор на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата на Собранието на Република Северна Македонија за следење на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници,
24. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев",
25. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври",
26. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен,
27. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор,
28. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен,
29. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за определување на коефициентите за утврдување на плата на Претседателот на Република Северна Македонија, на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Северна Македонија,
30. Предлог на Одлука за објавување јавен оглас за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата,
31. Предлог на одлука за именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата,
32. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,
33. Предлог на одлука за избор на членови на Државната изборна комисија,
34. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата,
35. Предлог на одлука за именување членови на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации,
36. Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Националниот совет за евроинтеграции,
37. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот за граѓански надзор,
38. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик

на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија,

39. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,

40. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави,

41. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ),

42. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација,

43. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,

44. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави,

45. Утврдување на Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменицичленови на Националниот совет за евроинтеграции и

46.Предлог на одлука за разрешување на член на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата во извештајниот период ги утврди следниве предлози:

1. Утврдување предлози на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Северна Македонија.

2. Утврдување предлози за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа седница за Проверка на кандидатурите доставени по Одлуката за објавување на Јавен конкурс за именување на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 207/24),

Комисијата за прашања на изборите и именувањата оддржа Јавна расправа за кандидатите кои ги исполнуваат условите по Одлуката за објавување на Јавен конкурс за именување на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 207/24).

Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди листа на пријавени кандидати по Одлуката за огласување на избор на членови на Државната изборна комисија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 207/24).

| | |
|---|---|
| Одржани седници | **17** |
| Вкупно разгледани точки | **89** |
| одлуки | 47 |
| листи | 3 |
| решенија | - |
| барања | 26 |
| разно | 12 |
| **јавни расправи** | 1 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ДИМИТАР АПАСИЕВ,** претседател | |
| | **САШКО ЈАНЧЕВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Александар Велјановски | |
| 2. | Миле Лефков | |
| 3. | Ангелинка Петкова | |
| 4. | Петар Ристески | |
| 5. | Бране Петрушевски | |
| 6. | Рашела Мизрахи | |
| 7. | Игор Здравковски | |
| 8. | Салим Сулејмани | |
| 9. | Фериде Хаџиу | |
| 10. | Весна Бендевска | |
| 11. | Јованка Тренчевска | |
| 12. | Горан Мисовски | |
| 13. | Илир Хасани | |
| 14. | Сали Мурати | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Пеце Милевски | |
| 2. | Душко Иванов | |
| 3. | Златко Пенков | |
| 4. | Моника Трајанова | |
| 5. | Јулија Тушевска | |
| 6. | Кире Божиновски | |
| 7. | Жан Дрвошанов | |
| 8. | Мимоза Муса | |
| 9. | Беким Ќоку | |
| 10. | Миле Цеков | |
| 11. | Борче Цветков | |
| 12. | Фатмир Битиќи | |
| 13. | Дијана Тоска | |
| 14. | Илир Демири | |

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија, основана со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

*Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во периодот од 28 мај до 31 декември 2024 година има* ***одржано една седница*** *на која се разгледа* ***една точка.***

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање на граѓаните и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија (,,Службен весник на Република Северна Македонија” број 126/24).

Составот на Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање е утврден со Одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24, 127/24, 153/24, 230/24, 251/24 и 267/24).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СКЕНДЕР РЕЏЕПИ,** претседател | |
| | **БЛЕРИМ БЕЏЕТИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Драган Ковачки | |
| 2. | Петар Ристески | |
| 3. | Зоран Коцевски | |
| 4. | Бети Стаменковска Трајковска | |
| 5. | Беким Сали | |
| 6. | Павле Арсоски | |
| 7. | Славјанка Петровска | |
| 8. | Јована Мојсовска | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Љупчо Пренџов | |
| 2. | Зоранчо Јованчев | |
| 3. | Тони Јаревски | |
| 4. | Кире Божиновски | |
| 5. | Садик Сулејмани | |
| 6. | Даниел Стојжевски | |
| 7. | Горан Мисовски | |
| 8. | СаШко Јнчев | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање не одржа седници.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | - |
| Вкупно разгледани точки | - |
| Информации, извештаи | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | - |
| Прашања, предлози | - |

## Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 126/24).

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите,
-утврдување на законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на овластените органи (ОТА),
-утврдување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки,
-изготвување извештај за извршениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на овластените органи (ОТА) за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Составот на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите е утврден врз основа на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието, донесена на 14 јуни 2024 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 127/2024) и Одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија (,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 121/24; 153/24; 230/24; 251/24 и 267/24).

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МИЛЕ ТАЛЕСКИ,** претседател | |
| | **БОРЧЕ ЦВЕТКОВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Драган Ковачки | |
| 2. | Митко Трајчулевски | |
| 3. | Саранда Имери Стефаи | |
| 4. | Муса Џафери | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Бране Петрушевски | |
| 2. | Љупчо Николовски | |
| 3. | Мимоза Муса | |
| 4. | Илир Хасани | |

*Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 28 мај до 31 декември 2024 година има одржано **една седница** на кои беа разгледани вкупно **3 точки** и тоа***:**

1. Предлог на Деловник за работа на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите;
2. Предлог на Одлука за распишување на јавен повик за ангажирање на двајца технички експерти за постојана поддршка на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите и
3. Постапка за избор на двајцата технички експерти за постојана поддршка на Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите

Во извештајниот период Комисијата нема реализирано надзорни или работни посети.

| Одржани седници | | 1 |
|---|---|---|
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| одлуки | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

*Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година има одржано* ***22 седници*** *со вкупно* ***75 точки*** *на дневен ред. На седниците се разгледани вкупно 73 точки и тоа: 22 предлог на закони во прво читање, 21 предлог на закони во второ читање, 16 предлог на закони по скратена постапка, предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, предлог на Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, 6 извештаи, еден финансиски план, еден стратешки план, една програма за работа, фискална Стратегија на Република Северна Македонија за 2025-2029 година и предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година. Комисијата не водеше претрес по 2 точки на дневен ред, бидејќи материјалите беа повлечени од страна на предлагачите.*

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **САЊА ЛУКАРЕВСКА,** претседател | |
| | **ЈОВАНА ТРЕНЧЕВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Бојан Стојановски | |
| 2. | Бране Петрушевски | |
| 3. | Зоранчо Јовсчев | |
| 4. | Бети Стаменковска Трајковска | |
| 5. | Игор Здравковски | |
| 6. | Дафина Стојановска | |
| 7. | Тони Јаревски | |
| 8. | Садик Сулејмани | |
| 9. | Ријад Шаќири | |
| 10. | Миле Цеков | |
| 11. | Фатмир Битиќи | |
| 12. | Муса Џафери | |
| 13. | Елми Азири | |
| 14. | Борислав Крмов | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Љупчо Пренџов | |
| 2. | Драгана Бојковска | |
| 3. | Јане Мицевски | |
| 4. | Аександар Јамалов | |
| 5. | Никола Коњановски | |
| 6. | Билјана Кузмановска | |
| 7. | Жан Дрвошанов | |
| 8. | Аднан Азизи | |
| 9. | Калтрина Бекири | |
| 10. | Даниел Стојчевски | |
| 11. | Даниела Николова | |
| 12. | Илире Даути | |
| 13. | Исмаил Јахоски | |
| 14. | Амар Мециновиќ | |

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година беа поднесени вкупно 58 амандмани од овластени предлагачи. Комисијата за

финансирање и буџет во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија водеше претрес по сите поднесени амандмани од овластени предлагачи. Комисијата за финансирање и буџет усвои 2 амандмани на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година. Согласно законската обврска утврдена во член 52 од Законот за буџетите, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија по нејзиното утврдување од страна на Владата на Република Северна Македонија се доставува до Собранието на Република Северна Македонија за разгледување и донесување. Извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на буџетот, заедно со коментарите на Министерството за финансии се составен дел на Завршната сметка. Воедно, кон Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија се приложени и завршните сметки на буџетите на Единиците на локалната самоуправа. Завршната сметка ја рефлектира фискалната политика реализирана во претходната година и користењето на буџетските средства од страна на корисниците.

Согласно член 33 став 7 од Законот за буџетите за прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата за финансирање и буџет согласно своите надлежности ја разгледа Предлог-Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Целта на предложената Одлука беше соодветна реалокација на средствата помеѓу буџетските корисници со цел финансирање на приоритетните потреби на буџетските корисници во функција на подобрена реализација на Буџетот за 2024 година.

Имајќи ја во предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, забелешки и предлози по однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. На Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година беа поднесени вкупно 307 амандмани. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по сите поднесени амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои еден амандман на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2025-2029 година. Фискалната стратегија претставува документ на Владата на Република Северна Македонија во кој се

презентираат претпоставките за макроекономските проекции и насоките на фискалната политика за тековната и за следните 5 години. Од аспект на содржината со фискалната стратегија опфатени се среднорочните насоки и цели на фискалната политика, основните макроекономски проекции, износите за главните категории на проценети приходи и расходи, проекциите на буџетскиот дефицит и долгот, лимитите на буџетските расходи, како и проекциите на среден рок за локалната власт и јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2023 година. Државниот завод за ревизија е независна Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии. ДЗР ревизиите ги врши во согласност со ревизорските принципи, стандарди и упатства содржани во Рамката на професионални објави на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ). Државниот завод за ревизија во целост ја имплементираше Годишната програма за работа за 2023 година. Со Годишната програма се извршени вкупно 66 ревизии од кои 48 ревизии на регуларност, 11 ревизии на успешност, 3 ревизии на усогласеност и 4 ревизии на следење на препораките дадени во Конечниот ревизорски извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност од претходни години.

На една од своите седници Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2023 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2023 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2023 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по

Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели. Целта на обезбедувањето на овој заем е унапредување на постојната и воспоставување на посебна економска соработка со Унгарија. Вкупниот износ на заемот изнесува 500 милиони евра. Заемот ќе биде доделен под следните услови: заемот ќе се повлече во една транша; рокот за отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период од три години; каматната стапка е фиксна и изнесува 3,25%; Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво, провизијата за неповлечени средства ќе се пресметува на дневна основа на неповлечениот дел од заемот, пресметано од датумот на достапност на средствата и ќе се плати првиот работен ден по завршување на периодот на достапност; заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни рати, на 15 февруари и 15 август секоја година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Целта на Предлогот на закон е дефинирање рамка на современ, соодветен и ефективен систем на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, кој ги вклучува финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и централната координација и хармонизација. Предлогот на закон ќе го применуваат сите јавни субјекти, освен Народната банка на Република Северна Македонија. Со предлогот на закон се зајакнува внатрешната финансиска контрола преку создавање нов систем на раководна отчетност. Во делот на внатрешната ревизија се пропишува кои јавни субјекти задолжително воспоставуваат единици за внатрешна ревизија.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ-Компонента II:ФЕ Битола 2 и Компонента III:Ветерен парк Богданци-Фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова-КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје. Во рамки на Програмата за обновлива енергија ЕСМ ќе се реализира Компонентата II која се однесува на изградба на фотоволтаична електроцентрала - ФЕ Битола 2 и Компонента III која се однесува на дополнително финансирање на проектот Ветерен парк Богданци - фаза 2. Компонентата II - Со изградба на ФЕ Битола 2, се очекува да се добие зголемување на инсталираната моќност од обновливи извори на енергија од минимум 50MW, како и зголемено производство на електрична енергија од околу 90 GWh годишно. Во таа насока, КфВ и АД ЕСМ - Скопје ќе склучат Договор за заем, во износ од 55.000.000 евра, додека Република Северна Македонија ќе ги гарантира обврските кон КфВ преку склучување на Договор за гаранција, меѓу Министерството за финансии и КфВ.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската

експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели. Целта на обезбедувањето на овој втор заем е унапредување на постојната економска соработка со Унгарија. Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на средства за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, под поволни услови, согласно одредбите од Договорот за заем и важечките закони.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Целта на овој заем е предвидените мерки во рамките на Реформската агенда 2024-2027 да ѝ овозможат на земјата да напредува во областа на владеењето на правото, да ја зголеми ефикасноста на јавната администрација и судството, да ги подобри јавните услуги, да ја зголеми продуктивноста и да создаде нови работни места, како и напредок во дигитализацијата и зелената транзиција. Спроведувањето на мерките ќе придонесе за зајакнување на капацитетите на земјата да одговори на шокови, да ја одржи макроекономската стабилност и да постигне одржлив и инклузивен раст.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за минимален глобален данок на добивка. Целта на Предлогот на закон за минимален глобален данок на добивка е усогласување со Директивата на Советот (ЕУ) 2022/2523 од 14 декември 2022 година за обезбедување на глобално минимално ниво на оданочување за групи на мултинационални компании и големи домашни групи во Унијата. Законот за минимален глобален данок на добивка се однесува на оние групи на мултинационални компании и на оние големи домашни групи кои на консолидирана основа оствариле повеќе од 750 милиони евра приходи во две од претходните четири години.

Во извештајниот период претседателката и членовите на Комисијата за финансирање и буџет остварија средби со претставници од штедилницата ФУЛМ и нејзините интернационални партнери, со претставници од Светска банка, како и со претставници од Парламентот на Швајцарија

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 22 |
| Вкупно разгледани точки | | 73 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 62 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 22 |
| | 2 читање | 21 |
| | скратена и итна | 16 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 9 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за економски прашања, труд и енергетска политика

Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија (,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 127/24 и 153/24).

Со оваа Одлука се предвидени надлежностите на комисиите. Согласно цитираната Одлука, Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика разгледува прашања што се однесуваат за

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија
-енергетиката, енергетската политика и развојот во областа на електричната енергија, природен гас, нафта и деривати на нафта, топлотна енергија и термални води, како и други видови енергија и нивна експлоатација
-следењето на стратегијата и политиката за енергетска безбедност
-енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија
-рударството и следење на стратегијата и политиката за развој на рударството
-експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси
-геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини
-основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите
-метрологијата
-угостителство и занаетчиство
-странски вложувања
-сопственичка трансформација
-мерките против монополската положба и монополското однесување на пазарот
-заштита на потрошувачите
-јавни претпријатија
-концесии
-статистика
-работните односи, вработувањето и вработеноста
-заштитата на работниците при работењето
-материјалното обезбедување на привремено невработените
-платите и животниот стандард
-правото на штрајк
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем, труд и енергетска политика и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем, трудот и енергетската политика

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БОЈАН СТОЈАНОВСКИ,** претседател | |
| | **ТОНИ ЈАРЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Ангелевска | |
| 2. | Малиша Станковиќ | |
| 3. | Никола Коњановски | |
| 4. | Зоранчо Јованчев | |
| 5. | Садик Сулејмани | |
| 6. | Миле Цеков | |
| 7. | Димитар Ковачевски | |
| 8. | Јован Митрески | |
| 9. | Исмаил Јахоски | |
| 10. | Илире Даути | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лидија Петковска | |
| 2. | Бране Петрушевски | |
| 3. | Игор Здравковски | |
| 4. | Жан Дрвошанов | |
| 5. | Ријад Шаќири | |
| 6. | Даниела Белимова | |
| 7. | Благој Бочварски | |
| 8. | Љупчо Николовски | |
| 9. | Елми Азири | |
| 10. | Дијана Тоска | |

*Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика во периодот од 28 мај до 31 декември 2024 година има одржано **14 седници** со вкупно **40 точки** на дневен ред. На седниците на Комисијата беа разгледани:*

*9 Предлог закони во прво читање, 9 предлог закони во второ читање, 17 предлог закони по скратена постапка, 1 конечен ревизорски извештај, 1 стратегија, 1 програма, 1 предлог финансиски план и 1 Одлука.*

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за енергетика, поднесен од група пратеници. Со предложеното законско решение се обезбедува сигурно, безбедно и континуирано снабдување со електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи во случај кога по спроведување на тендерска постапка односно назначување на универзален снабдувач согласно одредбите од овој закон, истото лице е избрано или назначено за обезбедување на универзална услуга и снабдување во краен случај. Во тој случај се предлага избраниот односно назначениот снабдувач да не основа ново друштво односно дејноста да ја врши преку постојното друштво основано за таа намена.

Исто така, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, поднесен од група пратеници. Предложените измени и дополнувања на Законот се со цел зајакнување на капацитетите и професионализација на Комисијата за заштита на конкуренцијата имајќи ги предвид проширените законски надлежности на Комисијата.

Комијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија поднесен од група пратеници. Целта на предложениот закон е зајакнување на критериумите за именување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавното претпријатие.

Особено внимание Комисијата посвети на Предлог националната развојна стратегија 2024-2044 година и Предлог на програма за спроведување на Националната развојна стратегија за периодот 2024-2028 година. Со националната развојна стратегија се дефинираат главните национални развојни цели, стратешки области и приоритети за забрзан и инклузивен, рамномерен, родовоеднаков и одржлив развој на Република Северна Македонија. Основна идеја е да се овозможи континуитет во стратешкото планирање и конзистентен одговор на главните предизвици. Стратегијата ги идентификува клучните предизвици и државните приоритети. Со програмата се врши операционализација на Националната развојна стратегија 2024-2044, преку целосен преглед на структурата на мерките за периодот 2024-2028 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Со предложеното дополнување на законот се дава можност за измена на договорот од страна на Владата, која во име на Република Северна Македонија како концедент, по претходно направена анализа и проценка на економската и функционалната оправданост

и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, да може да донесе одлука за промена на Одлуката и да склучи анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата. Со склучувањето на анекс договорот, ќе се создаде можност за искористување на остатокот од средствата за финансирање на проектите од јавен интерес, кои соглано постојната одредба немаат законски основ за искористување и останувaат неизреализирани.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата. Со Предлогот на закон се дава можност во исклучителни ситуации да се предвиди начин на кој ќе продолжи континуирано да тече процесот на полагање на испити за стекнување на лиценца за работа, односно со полагање на испитот во хартиена форма.

Во рамки на своите надлежности, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва. Со предложеното законско решение во државните компании се воведуваат нови правила за именување независни неизвршни членови во одбор на директори, односно независни членови во надзорен одбор.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, поднесен од група пратеници. Со предложеното законско решение се изменуваат коефициентите за пресметка на плата на начин што ќе обезбеди правична и одржлива законска регулатива при исплата на платите и ќе се спречи натамошниот непропорционален раст на нивните плати. Со тоа ќе се постигне поголема транспарентност, правична распределба на буџетските средства, при што платите на функционерите ќе се усогласат со реалните економски услови во државата.

Исто така, Комисијата го разгледа и Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема ,,Ефективност на мерките за спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри’’.

Во рамки на своите надлежности, Комисијата разгледа повеќе предлог закони во насока на усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Согласно Законот за енергетика, Комисијата ги разгледа Предлог на Финансиски план на Регулаторната Комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2025 година и Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2025 година.

***Меѓународна активност на претседателот на комисијата и комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика***

Претседателот на Комисијата учествуваше на интерпарламентарна конференција посветена на стабилност, економска координација и владеење на ЕУ,

која се одржа **од 3 до 5 октомври 2024 година во Будимпешта, Унгарија.**

Комисијата одржа средба со делегација од Собранието на Покраината Баварија **на 26 јуни 2024 година,** во зградата на Собранието на Република Северна Македонија.

**На 8 јули 2024 година,** во зградата на Собранието на Република Северна Македонија Комисијата одржа состанок со Директорот на Секретаријатот на Енергетската Заедница Г. Артур Лорковски на кој беше извршена презентација на Извештајот за имплементација на законодавството на Енергетската Заедница во Република Северна Македонија за 2023 година.

Исто така, Комисијата одржа средба со делегација од Комисијата за труд и социјална политика на Германскиот Бундестаг, на **16 септември 2024 година,** во зградата на Собранието на Република Северна Македонија.

Комисијата одржа средба со претставници на Делегацијата на Светска банка во Република Северна македонија на 19 декември 2024 година во зградата на Собранието на Република Северна Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 40 |
| **Поднесени амандмани** | | **5** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 35 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 9 |
| | 2 читање | 9 |
| | скратена и итна | 17 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | - |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 126/24). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите., основано согласно со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија. Со оваа Одлука е определена надлежноста на комисијата.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУПЧО НИКОЛОВСКИ,** претседател |
| | **МИЛЕ ТАЛЕСКИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Миле Лефков |
| 2. | Драган Недељковиќ (Златко Пенков) |
| 3. | Петар Ристески |
| 4. | Зоранчо Јованчев |
| 5. | Малиша Станковиќ (Кире Божиновски) |
| 6. | Халил Снопче |
| 7. | Сашко Јанчев |
| 8. | Фатмир Битиќи |
| 9. | Садула Дураку |
| 10. | Илир Демири |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Дејан Проданоски |
| 2. | Златко Пенков (Емил Спасовски) |
| 3. | Билјана Кузмановска |
| 4. | Кире Божиновски (Мевмед Џафери0 |
| 5. | Моника Трајанова |
| 6. | Фериде Хаџиу (Изет Меџити) |
| 7. | Јована Мојсоска |
| 8. | Борче Цветков |
| 9. | Муса Џафери |
| 10. | Илир Хасани |

*Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Северна Македонија во период од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година има закажано и одржано **6 седници.** Вкупно се предложени и разгледани **10 точки** на дневниот ред кои комисијата ги разгледа како матично тело.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа 10 (десет) предлог закони во скратена постапка од кои 8 (осум) се поднесени од пратеници, а 2 (два) од владата.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период нема предложено амандмани, а од овластени предлагачи (пратеници) поднесени се вкупно

4 амандмани од кои 3 се усвоени, а 1 не е усвоен.

Комисијата ги разгледа следниве точки на дневен ред:

**во скратена постапка:**

- Предлог закон за изменување на Законот за дивечот и ловството (поднесен од пратениците: Марија Митева, Жан Дрвошанов, Весна Ѓорѓиева, Марија петрушевска, Бојан Стојаноски, петар Марков, Драгана Бојковска, Тони Јаревски, Дафина Стојаноска, Јане Мицевски, Зоранчо Јованчев и Петар Ристески);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за шумите;
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште;
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој (поднесен од пратениците: Биљана Кузманоска, Зоранчо Јованчев, Петар Ристески и Миле Лефков);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за фитофармација (поднесен од пратениците: Биљана Кузманоска, Зоранчо Јованчев, Петар Ристески, Малиша Станковиќ и Миле Лефков);
- Предлог закон за изменување на Законот за виното (поднесен од пратениците: Биљана Кузманоска, Зоранчо Јованчев, Петар Ристески и Малиша Станковиќ);
- Предлог закон за изменување на Законот за земјоделското земјиште (поднесен од пратениците: Ели Панова, Драган Ковачки, Бојан Стојаноски, Дафина Стојаноска, Бране Петручевски, Љупчо Пренџов);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за шумите (поднесен од пратениците: Кире Божиновски, Весна Ѓорѓиева, Моника Трајанова, Биљана Кузманоска, Зоранчо Јованчев, Петар Ристески, Златко Пенков и Миле Лефков);
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција (поднесен од пратениците: Кире Божиновски, Дејан Проданоски, Зоранчо Јованчев и Петар Ристески) и
- Предлог закон за изменување на Законот за Државниот инспекторат за земјоделство (поднесен од пратениците: Кире Божиновски, Дејан Проданоски, Зоранчо Јованчев и Петар Ристески).

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во овој период одржа една работни средби со Светска Банка на тема: Презентација на Прегледот на јавните финансии на Северна Македонија: Обезбедување стабилност и зајакнување на отпорноста.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 10 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 10 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање

Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 126/24). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- уредувањето на градежното земјиште,
-патниот сообраќај и патната инфраструктура,
-железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура,
-воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура,
-внатрешната пловидба и пристаништата,
-поштенскиот сообраќај и поштенската инфраструктура,
-други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичари и ски-лифтови и слично),
-станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката,
-следењето на состојбата на животната средина,
-заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување,
-заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области,
-реставрацијата на загадените делови од животната средина,
-третманот на цврст отпад,
-просторното планирање,
-просторниот информативен систем,
-развојот и промоцијата на информатичкото општество,
-интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања,
-следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување меѓународни стандарди,
-телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура,
-радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура,
-воспоставувањето меѓународна соработка за прашања коишто се однесуваат на транспортот, дигиталната трансформација, животната средина и просторното планирање и животната средина и
други прашања што се однесуваат на транспортот, дигиталната трансформација, животната средина и просторното планирање.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЕКИМ ЌОКУ,**<br>- претседател | |
**4.** На 10 септември 2024 година, во Собранието на Република Северна Македонија по повод јубилејот 25 годишнина на Штедилница ФУЛМ, претставници од штедилницата, м-р Елеонора Згоњанин Петровиќ, управител на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје, Габриела Павловска, координатор во Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје и Катерина Шонтевска – референт во Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје, остварија средба со претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Жаклина Пешевска и претседателката на Комисијата за финансирање и буџет, Сања Лукаревска. Целта на состанокот беше да се запознаат Комисиите со можностите кои ги нуди оваа штедилница со цел за понатамошна соработка.

**5.** На 24 септември 2024 година, во Собранието се одржа средба меѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Комисијата за финансирање и буџет, со претставници од штедилницата ФУЛМ. На средбата присуствуваше, Сања Лукаревска, претседателка на Комисија за финансирање и буџет и Весна Ѓорѓиева, потпретседателката на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, Весна Ѓорѓиева, потпретседателката на Комисија за еднакви можности на жените и мажите информираше за активностите и значењето на Комисијата за еднакви можности, нагласувајќи ги целите за еднаква и правична застапеност на мажите и жените во сите сфери на општеството, вклучително и во сферата на кредитирање, штедење и платежни услуги.

**6.** На собраниската седница на 3 октомври 2024 година, на иницијатива на претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Жаклина

Пешевска, Собранието го обоивме во розово во знак на поддршка Октомври-Меѓународниот ден на борбата против рак на дојка.

Кревањето на свеста кај жените и мажите за рано откривање на оваа болест.

**7**. На 7 октомври 2024 година, претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Жаклина Пешевска оствари работна средба со Министерот за внатрешни работи Панче Тошковски. На средбата беше разговарано на заедничките заложби на министерството и комисијата за подобрување на условите за сигурен живот на сите граѓани.

**8**. На 15 октомври 2024 година, на покана на Националната федерација на фармери на Република Македонија а по повод Меѓународниот ден на руралните жени, присуствуваше и претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Жаклина Пешевска. Таа имаше свое обраќање, каде истакна дека треба многу повеќе да се залагаме и да им помагаме на руралните жени, а не само да им се восхитуваме. Настанот на Националната федерација на фармери беше подржан од Шветската организација за развој We Effect.

**9**. На 28 октомври 2024 година, на Комисијата за здравство на која се одржа расправа за борбата против ракот на дојка активно учество земаа и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и претседателката на Комисијата, Жаклина Пешевска.

**10.** На 30 октомври .2024 година, во хотел Мериот во рамки на проектот CHANGE се одржа Обука за справување со насилство врз жените во политиката, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР.

Поздравно обраќање на настанот имаше претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Жаклина Пешевска, која истакна дека насилството врз жените и девојчињата не е личен, туку е општестевен проблем, затоа на насилството во која било форма треба да му се спротиставиме гласно. Целта на обуката беше да се зголеми разбирањето за појавата на насилство врз жените во политиката и релевантните национални и меѓународни стандарди и заложбите на ОБСЕ/ОДИХР за политичкото учество на жените и за справување со насилството врз жените во политиката. Јакнење на вештините и знаењето за стратегии и мерки за спречување на насилство врз жените во парламентите и политичките партии, во физичкитот и онлајн просторот.

**11.** На покана на Сојуз-Национален совет за рамноправност на 31 октомври 2024 година, претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите Жаклина Пешевска се обрати на присутните и сподели искуства со младите. Беше истакнато дека поголемото вклучување на младите во политиката е бенефит за целото општество.

**12.** Во период од 12 до 15 ноември 2024 година во Охрид се одржа работилница за преглед и стратешко планирање на Собранието на Република Северна Македонија за унапредување на рамноправноста меѓу жените и мажите, во организација на мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР. Целта на работилницата беше да се подигне свеста кај пратениците и Собраниската служба за тековните

случувања со глобалната агенда за родово сензитивни парламенти.

Во текот на работилницата се направи преглед и оценка на имплементацијата на постојниот Акциски план за унапредување на родовата сензитивност на Собранието за 2022 - 2024 година, како и подготовка на нов Акциски план за унапредување на рамноправноста меѓу жените и мажите на Собранието за период 2025 - 2027 година.

На отварањето на работилницата се обрати претседателката на комисијата Жаклина Пешевска. Таа во своето обраќање истакна дека половата сензитивност во Собранието е клучна за обезбедување еднакви права и можности за сите граѓани. На работилницата присуствуваа и претставници на собраниската служба.

**13**. На покана на здружението за развојни инцијативи ,,Геостратешки институт” Глобал на 21 ноември 2024 година, претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, Жаклина Пешевска присуствуваше на третиот Спортски самит-идни предизвици за спортот и образованието, кој се одржа во Скопје. На самитот имаше многу плодна дебата, беа презентирани многу иновативни идеи за надминување на тековните предизвици во полето на спортот и образованието.

**14**. На 27 ноември 2024 година, во организација на мисијата на ОБСЕ во Македонија во Лабораториум се одржа настан на тема „Насилство врз младите жени и девојки: сексуално вознемирување, демнење и контролирачко однесување“. На настанот учествуваше претседателката на комисијата Жаклина Пешевска.

**15**. На 6 декември 2024 година, во Собранието на Република Северна Македонија, пратениците Даниела Николова и Љупчо Пренџов, од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите оствариjа средба со студенти од Институтот за родови студии.

Пратениците ги упатија студентите во надлежностите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и во активностите што ги презема ова работно тело во насока на јакнење на родовата рамноправност.

**16**. На 10 декември 2024 година се одржа конференција во македонското Собрание на тема, „Превенција и заштита од насилство врз жени и девојчиња, со фокус на сајбер-насилство. Пренесување на препораките од претходното на новото Собрание“. Конференцијата беше во организација на Македонското женско лоби заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието. Модератор на настанот и обраќање имаше претседателката на комисијата Жаклина Пешевска, претседателката на Република Северна Македонија Гордана Сиљановска Давкова, државната советничка во Министерството за социјална политика демографија и млади Елена Грозданова, извршната директорка на македонското женско лоби Данела Димитриевска и Лилјана Поповска член на Извршниот комитет на Европското женско лоби и поранешна пратеничка

***

**Меѓународни активности**

Претседателката на на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите,

Жаклина Пешевска и пратеничката Лидија Петкоска, членка на Комисијата, во периодот од 17 до 20 септември 2024 година учествуваа на Форум за родова еднаквост фокусиран за зајакнување на родовата еднаквост и родовата чувствителност во рамките на Берлинскиот процес, насловен како Феминистичка развојна политика – пристап за забрзување на интеграцијата во ЕУ на земјите од Западен Балкан.Министерство за економска соработка и развој, поддржано од Kvinna till Kvina, беше домакин на Форумот за родова еднаквост фокусиран за зајакнување на родовата еднаквост и родовата чувствителност во рамките на Берлинскиот процес.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања** е постојано работно тело на Собранието на Република Северна Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија „Службен весник на Република Северна Македонија” број 126/24).

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Составот на Комисијата е утврден врз основа на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието, донесена на 14 јуни 2024 година („Службен весник на РСМ” бр. 121/24; 153/24; 230/24; 251/24 и 267/24).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МИЛЕ ЛЕФКОВ,** претседател | |
| | **ДРАГАН КОВАЧКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Благица Ласовска | |
| 2. | Јован Јаулески | |
| 3. | Тони Јаревски | |
| 4. | Калтрина Беќири | |
| 5. | Даниел Стојчевски | |
| 6. | Илир Хасани | |
| 7. | Горан Мисовски | |
| 8. | Борислав Крмов | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Бојан Стојановски | |
| 2. | Душко Иванов | |
| 3. | Зоран Коцевски | |
| 4. | Беким Сали | |
| 5. | Павле Арсоски | |
| 6. | Јован Митревски | |
| 7. | Елми Азири | |
| 8. | Сашко Јанчев | |

*Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања во период од 28 мај 2024 до 31 декември 2020 година има одржано **4 седници** на кои се разгледаа **4 точки.***

Комисијата во рамките на своите надлежности кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за

основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

Согласно со оваа надлежност Комисијата, Првата седница одржана на 25 јуни 2024 година, го разгледа
*Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153 и член 153-а од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија,

Согласно член 17 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраните пратеници од листите на кандидати за остатокот од мандатот:

1,ДРАГАН НЕДЕЉКОВИЌ од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 1.

2.ВЕЛИКА СТОЈКОВА – СЕРАФИМОВСКА од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 1.

3.СЕРГЕЈ ПОПОВ од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна

партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 1.

4.ФЕРИДЕ ХАЦИУ од Коалиција ВЛЕН, за Изборната единица број 1.

5.ДИЈАНА ИЛИЕВСКА од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 2.

6. ЕМИЛИЈА АНГЕЛОВА од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 2.

7.ВЕСНА ЃОРЃИЕВА од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од

Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт – МКонцепт, за Изборната единица број 4 и

8.КАЉТРИНА БЕЌИРИ од Коалиција ВЛЕН, за Изборната единица број 6.

На Втората седница одржана на 5 јули 2024 година, го разгледа

*Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија

Согласно член 17 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраните пратеници од листите на кандидати за остатокот од мандатот:

1.ЈАНЕ МИЦЕВСКИ од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 1.

2.МАЛИША СТАНКОВИЌ од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ,

Македонски концепт – МКонцепт, за Изборната единица број 2 .

На Третата седница одржана на 11 јули 2024 година, го разгледа

*Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 153 од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија

Согласно со членот 17 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

1.БИСЕРКА ЗЛАТЕСКА од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство, Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 1.

На Четвртата седница одржана на 29 октомври 2024 година, го разгледа

*Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153-а од Изборниот законик, за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија

Согласно член 17 став (1) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

1. Катерина Димитровска од Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија - ДПСМ, Демократски сојуз - ДС, Македонска акција - МААК, Движење на национално единство на Турците - ДНЕТ, Српска Напредна странка во Македонија - СНСМ, Бошњачка народна партија - БНП, Демократски сили на Ромите - ДСР, Партија на обединети демократи на Македонија - ПОДЕМ, Партија на Власите од Македонија, ГЛАС за Македонија - ГЛАС, Нова Либерална Партија - НЛП, Социјалдемократска Унија - СДУ, Роми Обединети од Македонија - РОМ, Демократска партија на Ромите - ДПР, Работничко Земјоделска Партија на Република Македонија, Обединета Партија за еднаквост на Ромите - ОПЕР, Достоинство,

Трајно Македонско Радикално Обединување - ТМРО, Обединети за Македонија - ОМ, Македонски концепт –МКонцепт, за Изборната единица број 1.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 49 | 281 | - | 75 | 69 | 111 | **2** | 11 | 15 | **-** | **-** |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 14 | 38 | - | 3 | 2 | 18 | - | - | 14 | **1** | - |
| одбрана и безбедност | 8 | 11 | - | - | - | 1 | - | - | 10 | - | - |
| надворешна политика и надворешна трговија | 3 | 12 | - | - | - | - | - | 12 | - | - | - |
| европски прашања | 4 | 5 | - | 1 | - | 2 | - | - | 1 | **1** | - |
| прашања на изборите и именувањата | 174 | 89 | - | - | - | - | - | - | 88 | **1** | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | **1** | **1** | - | - | - | - | - | - | **1** | - | - |
| надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање | **-** | **-** | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите | 1 | 3 | - | - | - | - | - | - | 3 | - | - |
| финансирање и буџет | 22 | 73 | 3 | 22 | 21 | 16 | **2** | - | 11 | - | - |
| економски прашања, труд и енергетска политика | 14 | 40 | - | 9 | 9 | 17 | **5** | - | 5 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 6 | 10 | - | - | - | 10 | - | - | - | - | - |
| транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање | 16 | 81 | - | 19 | 15 | 38 | **2** | - | 9 | - | - |
| образование, наука и спорт | 7 | 22 | - | 7 | 6 | 8 | **1** | - | 1 | - | - |
| култура и туризам | 5 | 29 | - | 13 | 13 | 1 | - | - | 2 | - | - |
| здравство | 2 | 2 | - | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - |
| социјална политика, демографија и млади | 1 | 1 | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| локална самоуправа | 5 | 5 | - | 1 | 1 | 3 | - | - | - | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 4 | 4 | - | - | - | - | - | - | 2 | **2** | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 4 | 4 | - | - | - | - | - | - | 4 | - | - |
| **Вкупно** | **340** | **711** | **3** | **151** | **137** | **226** | **12** | **23** | **166** | **5** | **-** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Северна Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| **Ред. Број** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | |
|---|---|---|
| | ,<br>претседател | |
| | ,<br>заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| | **Од редот на пратениците Македонци** | |
| 1. | Дафина Стојаноска | |
| 2. | Александар Велјановски | |
| 3. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 4. | Антонио Милошоски | |
| 5. | Велика Стојкова- Серафимовска | |
| 6. | Даниела Николова | |
| 7. | Весна Бендевска | |
| | **Од редот на пратениците Албанци** | |
| 8. | Аднан Азизи | |
| 9. | Ријад Шаќири | |
| 10. | Беким Ќоку | |
| 11. | Фатмир Битиќи | |
| 12. | Блерим Беџети | |
| 13. | Арбана Пашоли | |
| 14 | Илире Даути | |
| 15. | **Од редот на пратениците Власи**, Душко Иванов | |
| 16. | **Од редот на пратениците Роми**, | |
| 17. | **Од редот на пратениците Срби**, Драган Недељковиќ | |
| 18. | **Од редот на пратениците Бошњаци**, Амар Мециновиќ | |
| 19, | **Од редот на пратениците Турци**, Мевмед Џафери | |

Согласно со одредбите на Законот за комитетот за односи меѓу заедниците, Собранието донесен Одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците уште во јули 2024 година.

Евидентно е дека во овој состав на Комитетот, недостига член Ром од редот на пратениците и затоа се очекува Народниот правобранител да испрати предлог за член Ром и во тој случај ќе се комплетира составот

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот периодд не оддржа седница за избор на претседател на Комитетот, па од тие причини работното тело немаше активности и не оствари ниту една средба, иако имаше барања за такви средби од меѓународни петставници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | - |
| Други акти | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.2.2. Комисија за следење на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-Комисијата на Собранието на Република Северна Македонија за следење и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници соработува со органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, како и со Владата на Република Северна Македонија;

-Комисијата може да дава препораки, мислења, како и заклучоци кои треба да се применат од органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа во однос на состојбата за соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;

-За соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа и за реализацијата на акционите планови на Владата во областа на правичната застапеност при вработувањето, Комисијата до Собранието доставува полугодишен извештај најдоцна до 31 јули и годишен извештај до 31 јануари за предходната година.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТАЛАТ ЏАФЕРИ ,** претседател | |
| | **МУСА ЏАФЕРИ ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ѓорѓија Сајкоски | |
| 2. | Дафина Стојаноска | |
| 3. | Антонио Милошоски | |
| 4. | Александар Велјановски | |
| 5. | Драган Ковачки | |
| 6. | Драган Недељковиќ | |
| 7. | Салим Сулејмани | |
| 8. | Илир Демири | |
| 9. | Сали Мурати | |
| 10. | Миле Цеков | |
| 11. | Фатмир Битиќи | |
| 12. | Соња Мираковска | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ели Панова | |
| 2. | Мевмед Џафери | |
| 3. | Бојан Стојановски | |
| 4. | Благица Ласовска | |
| 5. | Игор Здравковски | |
| 6. | Малиша Станковиќ | |
| 7. | Имрлије Салиу Фетаи | |
| 8. | Елми Азири | |
| 9. | Илир Хасани | |
| 10. | Даниел Стојчевски | |
| 11. | Борче Цветков | |
| 12. | Моника Зајкова | |

*Комисијата на Собранието на Република Северна Македонија за следење на правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во периодот од 13 август до 31 декември 2024 година, ја свика својата прва, воедно и конститутивна седница со две точки на дневен ред на 11 ноември 2024 година.*

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | 1 |
| Други акти | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-донесува годишна програма за содржината на програмите што се емитуваат на Собранискиот канал, а ги обезбедува Собранието согласно со членот 32-а од овој закон, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,

- донесува годишен план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски, најдоцна до 1 јуни во тековната година за наредната година,

- ја следи релизацијата на годишниот план за видот и содржината на програмите од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативните програми и програмите од информативен карактер што Собранието ги изработува самостојно или копродукциски,

- дава насоки на Собранискиот канал за програмската шема и ја разгледува реализацијата на програмската шема најмалку на три месеци и дава забелешки и предлози во врска со програмската шема,

- донесува финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал, за програмските содржини од членот 32-а од Законот за Собранието на Република Македонија,

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,

-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и

-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/2009) и Законот за изменување и дополнување на Законот за Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 174/2021).

Унапредувањето на Собранискиот канал ја наметна потребата од измена и дополна на Законот за Собранието на Република Македонија во делот за Собранискиот канал и допрецизирање на одредбите што се однесуваат за емитување на програмите на Собранискиот канал, надлежностите на Советот на Собранисиот канал и неговото работење ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 174/21), кој се донесе на седницата на Собранието одржана на 29 јули 2021 година.

На Собранискиот канал се емитуваат активности од работата на Собранието и други програмски содржини под услови и начин утврдени со закон.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на телевизиски сигнал до јавниот радиодифузен сервис, а јавниот радиодифузен сервис до крајните корисници. Собранието за Собранискиот канал може да обезбеди услови и за дополнителни услуги како електронски програмски водич, телопи и титлови.

На Собранискиот канал се емитуваат директни преноси од седниците на Собранието, директни преноси и снимки од седниците на работните тела и на другите тела на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат:

- меѓународни активности, официјални државни посети и средби на претседателот на Собранието и на постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, повремените делегации на Собранието и пратеничките групи за соработка со другите парламенти,
- свечени настани кои се одржуваат во Собранието и
- конференции, културни и други настани кои се одржуваат во Собранието или настани кои се под покровителство на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат програми од работата на Собранието со учество на пратениците, едукативни програми и програми од информативен карактер кои Собранието ги изработува самостојно или копродукциски. Едукативните програми и програмите од информативен карактер особено се наменети за информирање на граѓаните за прашања од надлежност на Собранието. Содржините за Собранискиот канал ги обезбедува Собранието. Трошоците за создавање на овие програмски содржини се обезбедуваат од Буџетот на Собранието.

На Собранискиот канал може да се емитуваат седници на Европскиот парламент, Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации, како и седници, конференции и други активности на меѓународни организации.

Собранието склучува договор со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието може да воспостави соработка за преземање програмски содржини, кои што ќе се емитуваат на Собранискиот канал, врз основа на одлука на Советот на Собранискиот канал.

Уредувачката одговорност на Собранискиот канал ја има јавниот радиодифузен сервис.

Јавниот радиодифузен сервис е должен да постапува согласно годишната програма за содржините на програмите на Собранискиот канал.

Програмската шема на Собранискиот канал се усогласува со Советот на Собраниски канал на начин утврден со Законот за Собранието на Република Македонија и договорот кој Собранието го склучува со јавниот радиодифузен сервис за емитувањето на активности на Собранието и на други програмски содржини на Собранискиот канал.

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој е составен од претседател и 10 члена од кои шест

пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието, потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Претседателот и членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

До изборот на претседателот на Советот, седниците ги свикува и со Советот претседава претседателот на Собранието, со право на одлучување.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Советот на Собранискиот канал работи на седници.

Седница на Советот свикува претседателот на Советот. Претседателот свикува седница и ако тоа го побара претседателот на Собранието или најмалку една третина од членовите на Советот, кои треба да достават материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на Советот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ја свикува претседателот на Собранието и со седницата претседава членот на Советот што ќе го определи претседателот на Собранието до завршувањето на седницата.

Во работата на Советот на Собранискиот канал, присуствуваат генералниот Секретар на Собранието и раководителот на организационата единица надлежна за поддршка на Советот на Собранискиот канал или лице кое тој ќе го определи, без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествува главниот и одговорен уредник на Собранискиот канал, а во случај на негова спреченост присуствува овластен претставник на јавниот радиодифузен сервис без право на одлучување.

Во работата на Советот на Собранискиот канал по потреба учествуваат и надворешни членови-експерти од соодветна област, без право на одлучување.

Советот на Собранискиот канал одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови.

Годишната програма и годишниот план Советот на Собранискиот канал ги доставува до јавниот радиодифузен сервис и ги објавува на веб-страницата на Собранието во рок од три дена од денот на донесувањето.

Советот на Собраниски канал, финансискиот и инвестиционен план го донесува најдоцна до 30 јуни во тековната за наредната година и го доставува на согласност до Буџетскиот совет на Собранието.

Буџетскиот совет е должен да ја донесе одлуката за давање на согласност на финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал најдоцна до 15 јули во тековната за наредната година. Доколку Буџетскиот совет не донесе одлука за давање на согласност, се смета дека согласноста е дадена.

Доколку во Собранието не е основан Совет на Собраниски канал и не е донесен финансискиот и инвестиционен план средствата за Собранискиот канал во

Предлог-буџетот на Собранието за наредната година ќе бидат утврдени врз основа на последниот донесен финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал.

На седницата на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 18.06.2024 година, беше донесена одлука за избор на членови на Советот на Собранискиот канал. Со изборот на членови се формираше Советот на Собранискиот канал. Со почетокот на неговото работење се создадоа услови за усвојување на законски предвидените документи за продукција на програмски содржини во Собранисkoto ТВ студио и нивно емитување на Собранискиот канал.

За почеток на работа на новиот состав на Советот на Собранискиот канал од страна на вработените во Секторот за поддршка на Советот на Собраниски канал беа изготвени Предлог Деловник на Советот на Собраниски канал и Предлог Финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за 2025 година.

Врз основа на членот 33 став 4 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) беше свикана Првата седница на Советот на Собранискиот канал. Седницата беше одржана на 29 август 2024 година, во сала 4 во Собранието на Република Северна Македонија.

На дневниот ред на Седницата беа разгледани следните точки: Предлог Деловник за работа на Советот на Собраниски канал, Предлог Финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за 2025 година и точката Разно.

Во организација на Националниот демократски институт (НДИ) и со финансиска поддршка на Швајцарската конфедерација четири вработени лица од Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал од 24 до 26 јуни 2024 година реализира возвратна студиска посета на Парламентарниот канал (La Chaîne parlementaire) на Националното Собрание на Француската Република.

Согласно донесената Годишна програма и план за видот и содржината на програмата, по завршувањето на парламентарните избори, во втората половина на 2024 година, во Собранисkoto студио се реализирани седум интервјуа со раководството на Собранието. Интервјуирани беа Претседателот на Собранието, Потпретседателот на Собранието, и пет координатори на пратеничките групи.

Во периодот од 28 мај до 31 декември 2024 година на месечно ниво времетраењето на изработена програма во Собранисkoto ТВ студио изнесува: мај (28-31мај) 1 час 35 минути 12 секунди, јуни 16 часа и 31 минута, јули 7 часа 25 минути и 33 секунди, август 5 часа 29 минути и 21 секунда, месец септември 7 часа 53 минути и 13 секунди, октомври 9 часа 02 минути и 28 секунди, ноември 10 часа 41 минути и 48 секунди и месец декември 10 часа 38 минути и 19 секунди односно вкупно 59 часа 43 минути и 36 секунди. Овие продуцирани програмски содржини во Собранисkoto ТВ студио во наведениот период се емитувани на Собранискиот канал во вкупно времетраење од 540 часа и 38 минути.

Во извештајниот период беа реализирани следните видови програмски блокови на емисии: информативната емисија „Собраниски ТВ вести", која се реализира во

континуитет (понеделник-петок) и се емитува во стандардните термини во 10:30, 14:30 и 18:30 часот, како и емисијата „Преглед и највата на настаните“ (сабота и недела); потоа „Законодавен брифинг“, која е исто така емисија од информативен карактер; „Собраниска ризница“ емисија од информатино-документарен формат, понатаму емисијата од актуелен информативен карактер - „Интервју“, како и блокот едукативни и други видови на емисии.

Во рамките на серијалот емисии Собраниска ризница беа продуцирани и емитувани следните емисии: сала „Длаборез“, сала „Македонија“, сала „Купола“; „Методија Андонов Ченто, Панко Брашнаров и Владимир Полежиновски“ - клучни личности од АСНОМ; серијалот кратки емисии посветени на поранешните претседатели на Собранието: М.Андондов Ченто, Л.Колишевски, Љ.Арсов, Д.Несторов, В.Смилевски Бато, Б.Спиров, Н.Минчев, Б.Талевски, М.Хаџивасилев Јасмин, Д.Ставрев, Б.Станковски и емисијата „Собраниска библиотека“.

Во делот на продукцијата на едукативни и други емисии беа реализирани и емитувани следниве емисии: Жени за жените, Отворено собрание, Жените од АСНОМ, Дигитализација на Собранието. НДИ Парламентарна поддршка, Меѓународен ден на демократија, Меѓународен ден на знаковен јазик, Заштитена соба, Дигитален мост – хакатон и Регистар на организации во Собранието.

Во програмскиот блок од информативен каракер „Законодавен брифинг“ беа реаализирани и емитувани вкупно 12 емисии.

Во извештајниот период беше изготвен и почна да функционира делот од Веб-страницата на Собранието посветен на Собранискиот канал, а во чија медија архива започна да се прикачуваат сите видови на продуцирани и релизирани програмски содржини.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | - |
| Други акти | | - |
| планови | | 1 |
| Информации, извештаи, деловници | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |
| разно | | 1 |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- донесува Стратешки план на Собранието, најмалку за наредните три години, со стратешки цели и приоритети кои се вклучуваат во Предлогот на буџетот на Собранието,
- го утврдува Предлогот на буџетот на Собранието за наредната година,
- дава согласност во постапката на подготвување на изменувањето и дополнувањето на Републичкиот буџет, за Буџетот на Собранието,
- го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието,
- дава финансиска согласност на Годишниот план за вработување,
- донесува одлука за утврдување на вредноста на бодот за собраниските службеници,
- донесува одлука за начинот на утврдување на платите на вработените во Службата на Собранието кои вршат помошно-технички работи,
- дава согласност на финансискиот и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година,
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со закон.

Република Северна Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 77/08 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија" бр.104/09).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и раководителот на организационата единица надлежна за финансиски прашања или лице кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет на Првата седница одржана на 24 јуни 2024 година го разгледа Предлог - заклучокот за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи, согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија (''Службен весник на Република Македонија" број 104/09'' и „Службен весник на Република Северна Македонија" број

14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) и врз основа на расправата едногласно го усвои следниот Заклучок:

Согласно со членот 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија, Буџетскиот совет го определи следниот број на надворешни соработници во пратеничките групи:

Во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ,,Твоја Македонија'' се определуваат 12 надворешни соработници;

Во пратеничката група на СДСМ и Коалицијата „За Европска Иднина“ се определуваат 4 надворешни соработници;

Во пратеничката група на Коалицијата Европски фронт се определуваат 4 надворешни соработници;

Во пратеничката група на ВЛЕН се определуваат 3 надворешни соработници;

Во пратеничката група на партијата Левица се определува 1 надворешен соработник;

Во пратеничката група на движењето ЗНАМ – За наша Македонија се определува 1 надворешен соработник.

Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Северна Македонија и генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

На Втората седница одржана на 29 август 2024 година Буџетскиот совет го разгледа Предлогот на стратешки план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2025-2029 година. и врз основа на расправата ги усвои следните Заклучоци:

1. Буџетскиот совет согласно член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и донесе Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2025-2029 година.

2. Буџетскиот Совет констатира дека со реализација на целите и приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2025-2029 година ќе се зајакнат институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

3. Овие заклучоци заедно со Стратешкиот план ќе се достават до претседателот на Собранието и до генералниот секретар на Собранието.

На истата седница Буџетскиот совет го разгледа Предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2025 година и врз основа на расправата ги усвои следните Заклучоци

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и утврди Предлогот на буџетот на Собранието за 2025 година.

2. Буџетскиот совет цени дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2025 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено,

квалитетно и континуирано извршување на неговите надлежности.

3.Финансиските средства планирани во Предлогот на буџетот на Собранието за 2025 година се потребни за реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието за периодот 2025-2029 година и за тековно работење и функционирање на Собранието.

4. Овие заклучоци на Буџетскиот совет ќе се достават до претседателот на Собранието, генералниот секретар на Собранието, Секторот за финансиски прашања во Собранието и Министерството за финансии.

На истата седница Буџетскиот совет врз основа на членот 40-љ став 4 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) Буџетскиот Совет на Собранието на Република Северна Македонија, донесе одлука за давање на финансиска согласност на Годишниот план за вработување во Службата на Собранието за 2025 година.

Буџетскиот совет на оваа седница ја разгледа и Предлог-одлуката за давање на согласност на Финансискиот и инвестиционен план на Собранискиот канал за 2025 година. Буџетскиот совет согласно надлежностите утврдени во членот 27 став 1 алинеја 8 од Законот за Собранието на Република Македонија дава согласност на Финансискиот и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година. Во членот 35 ставови 3 и 4 е утврдено дека Советот на Собраниски канал Финансискиот и инвестиционен план го донесува најдоцна до 30 јуни во тековната за наредната година и го доставува на согласност до Буџетскиот совет на Собранието. Буџетскиот совет е должен да ја донесе одлуката за давање на согласност на Финансискиот и инвестиционен план на Собранискиот канал најдоцна до 15 јули во тековната за наредната година.

Доколку Буџетскиот совет не донесе одлука за давање на согласност, се смета дека согласноста е дадена.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија едногласно ја донесе Одлуката за давање на согласност на Финансискиот и инвестиционен план на Собранискиот канал за 2025 година.

На седницата одржана на 12 ноември 2024 година Буџетскиот совет согласно надлежностите утврдени во членот 31-а став 2 од Законот за Собранието на Република Македонија (‘’Службен весник на Република Македонија број 104/09 и ‘’Службен весник на Република Северна Македонија’’ број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23) донесе Одлука за давање на согласност за изменување на Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година.

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции е основан со Одлука за основање Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 140/2007) и Одлука за изменување на Одлуката за основање Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 91/11). Согласно со оваа Одлука во надлежност на Советот е да:

- го следи и оценува текот на активностите за добивање членство во Европската Унија;
- дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство во Европската Унија;
- дава мислења и насоки за преговарачките позиции;
- разгледува информации за процесот на преговарањето;
- дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;
- ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;
- одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија;
- одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;
- по потреба дава мислења за усогласување на законодавството со правото на Европската Унија и
- најмалку двапати годишно го известува Собранието на Република Северна Македонија за својата работа.

Собранието на 12-та седница одржана на 12 август 2024 година донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Национален совет за евроинтеграци, што беше предложена од сите координатори на политичките партии во Собранието. Измените и дополнувањата на Одлуката беа со цел допрецизирање на дел од постојните одредби, за вклучување на граѓански организации кои работат во областа на европската интеграции и работодавачите во работата на Советот како и заради усогласување со донесените измени на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Новиот состав на Националниот совет за евроинтеграции се формираше на 12 ноември 2024 година. Собранието на 19 пленарна седница донесе Одлука за именување претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции. За претседател на Националниот совет за евроинтеграции се избра пратеник од редот на најголемата политичка партија во Собранието од опозицијата, додека потпретседателот на Советот се избран од редот на политичката партија која е мнозинство во Собранието.

Во ова тело значајно за преговорите за пристапување во Европската Унија, учествуваат претставници од законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт и поширокото граѓанско општество претставено преку претставници од: Здружението на новинарите на Македонија, претставници од стопанските комори, синдикатите и поголемите верски заедници. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции според досегашната практика од претходните состави на Советот, упати дописи до 10 организации со цел да номинираат претставник за учество во работата на Советот. Во новиот актуелен состав на НСЕИ, вклучени се претставници од 3 стопански комори, 2 синдикати и 5 од поголемите верски заедници. Дополнително во новиот состав на Советот беа поканети да учествуваат уште 2 претставници на организациите - Европското движење во Република Северна Македонија и Бизнис конфедерацијата на работодавачите, со кои вкупниот број на претставниците во НСЕИ е 12.

Во периодот за кој се известува, Националниот совет за евроинтеграции не одржа седници, со оглед дека составот на ова тело беше формиран на 12 ноември 2024 година. Во текот на месец декември беа реализирани активности за подготовка на Првата седница на Советот, којашто беше закажа за 17 јануари 2025 година.

***ЕУ центар на Собранието - обезбедување на подобар пристап на пратениците до информации поврзани со прашања од Европската Унија***

ЕУ центарот[1] обезбедува подобар пристап на пратениците до информации поврзани со прашања од Европската Унија, преку редовни информативни услуги.

Во периодот мај-декември 2024 година со цел информирање на пратениците, ЕУ центарот подготви **6 месечни публикации - ЕУ вести** во кои беа обработени 97 теми од областа на: политиките и законодавството на ЕУ, поважни актуелни теми на ниво на

[1] формиран во рамки на ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" спроведен во Собранието од јануари 2011 год. до јуни 2012 год.

Унијата, нови стратешки документи на ЕУ, европски статистички податоци за оконкретни области и др.

Месечната публикацијата ЕУ вести беше доставена во печатена и во електронска форма до пратениците и до дел од Собраниската служба. Публикацијата по електронски пат се доставува и до членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции. ЕУ Вести се објавуваат и на Собраниската веб-страница.

Во рамки на ЕУ центарот има мала библиотека составена од 157 наслови на книги, речници, збирки, прирачници, препораки, брошури и др. за кои се води електронски Регистар, последно ажуриран во декември 2024 година.

Со цел да се обезбеди поголема информираност на пратениците за да ги користат услугите на ЕУ Центарот, во мај 2024 година беше изготвена брошура за новоизбраните пратеници, со информативни податоци за услугите, активностите, просторните и техничките услови на ЕУ Центарот во Собранието. Како дополнување на оваа активност, беа изготвени рол банери за ЕУ Центарот кои се поставени на видливо место во зградата на Собранието.

На Воведната сесија што се одржа во јуни 2024 година, пратениците беа запознати со целта на основањето на ЕУ Центарот, неговото функционирање и информативните услуги кои редовно ги обезбедува за пратениците.

ЕУ Центарот организациски е во рамки на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и за следење на евроинтеграциите.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

Клубот на пратенички е неформална група во Собранието на Република Северна Македонија, составена од сите пратенички, независно на која пратеничка група припаѓаат.

Клубот на пратенички е формиран на 7 март 2003 година во рамките на регионалниот проект на Пактот за стабилност - Маса за родова рамноправност, со помош на локалните партнери Македонско женско лоби, СОЖМ и Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика. Клубот на пратенички има за цел да ја разгледа постојната и да предложи нова законска регулатива во областа на родовите прашања.

**МИСИЈА**

Клубот на пратенички делува со заедничка и единствена цел - преку законски решенија да се постигне родова еднаквост и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување во државата како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на македонското општество.

**ПОЗНАЧАЈНИ ДОСТИГНУВАЊА**

Со измените во Изборниот законик усвоена е законска одредба за обезбедување најмалку едно место на секои три на кандидатските изборни листи да припаѓа на помалку застапениот пол (со тоа во 2006 година избрани се 37 пратенички во Собранието - 30,8%);

Со поддршка на Клубот на пратенички подготвен е и донесен Закон за еднакви можности на жените и мажите;

Со измените во Законот за здравствено осигурување поднесени од Клубот на пратенички обезбедени се бесплатни превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката и рак на дојката за сите жени во Републиката;

На иницијатива на Клубот на пратенички направена е измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој се продолжи рокот за пензионирање по основ на стаж за уште две години;

Со поддршка на Клубот на пратенички во Законот за семејство вградена е посебна глава за заштита на жртви на семејно насилство;

Со измените во Законот за игри на среќа и забавни игри поднесени од Клубот на пратенички, се формира посебен фонд за борба против семејно насилство;

Со измените на државниот Буџет за 2008 година поднесени од Клубот на пратенички, се зголеми ставката за прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство - шелтер центри.

***Во периодот од 28 март до 31 декември, Клубот на пратенички нема реализирано активности, од причина што, во тој период не се одржа конститутивната седница на Клубот со новиот пратенички состав, согласно со Правилникот за организација и делокруг на работа на Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија.***

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Клубот за младински прашања и политики е формиран по примерот од Европскиот парламент и други западноевропски парламенти, а работи по принцип на ротација на координатори. Клубот за младински прашања и политики е неформално тело во Собранието на Република Северна Македонија, чија цел е остварување на интересите на младите, во соработка со младинските организации, неформалните младински групи и партиските подмладоци. Во Клубот за младински прашања и политики членуваат 21 пратеник од сите пратенички групи во овој собраниски состав. Најголем дел од нив се пратеници до 35 години, но и други пратеници кои имаат интерес да членуваат во Клубот.

**Активности**

- На 10 септември 2024 се одржа конститутивна седница на Клубот за младински прашања и политики на Собранието. Како најмлад пратеник во овој парламентарен состав, Драгана Бојковска претседаваше со конститутивната седница, кадешто беше назначена за координатор на Клубот.
- На 19 септември 2024 Клубот за младински прашања и политики ја одржа својата прва седница на тема: Јавна дебата посветена на младинските политики и Законот за младинско учество и политики. Како воведничари се обратија координаторката на Клубот, Драгана Бојковска; заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски и директорката на Вестминстер фондацијата за демократија, Дона Костуранова. Пред присутните се обратија и пратениците-членови на Клубот за младински прашања: Љупчо Николовски, Амар Мециновиќ, Фериде Хаџиу, Сергеј Попов и Рина Ајдари, како и Иванка Василевска, претседателка на Комисијата за образование, наука и спорт. По однос на темата на настанот - Законот за младинско учество и политики, збор земаа Зоран Илиески од Коалицијата СЕГА, Филип Ивковски од Националниот младински совет, Бленди Ходаи од Форумот за образовни промени, Александар Николовски од УСС УКИМ НТС, Ристо Савевски од Младинскиот образовен форум и Виктор Бучковски од ХЕРА. Дискутантите се осврнаа на потребата од имплементација на Законот за младинско учество и политики од страна на институциите, но се истакнаа и препораки за унапредување на постојниот закон. Беше истакнато дека е од голема важност Законот да се донесе со консензус меѓу невладините организации, институциите и пратениците. На крајот од дисусијата беше упатена порака дека Клубот останува партнер за сите младински организации и е отворен за соработка со сите заинтересирани страни во однос на младинските политики.
- На 25 септември 2024 година Клубот за младински прашања и политики одржа средба со претставници од Младинското здружение за глуви и наглуви „Млад знак”. На средбата

беше истакната потребата од создавање еднакво и инклузивно општество без дискриминација. Сите присутни се заложија за изнаоѓање решенија за проблемите со кои се соочуваат лицата со оштетен слух.

- На 26 септември 2024 беше одржана работна средба заедно со алумни членови на Клубот за младински прашања и политики и поранешни пратеници кои ги презентираа своите искуства и добри практики за креирање политики кои ги одразуваат реалните младински потреби.

- На 4 октомври 2024 координаторката на Клубот, Драгана Бојковска, заедно со членови на собраниската Комисија за образование, наука и спорт предводени од претседателката на Комисијата, Иванка Василевска, оствarija средба со претставници на Националното студентско тело. На состанокот се дискутираше за барањата за унапредување на студентскиот стандард и за подигнувањето на квалитетот во високото образование. Беа разгледани нивните барања за подобрување на условите за живот на студентите и за потребата од квалитетно образование.

- На 14 октомври 2024 Клубот за младински прашања и политики одржа работна средба со Мариа Армин, претставник од Британскиот парламент. На средбата беа разменети искуства од работата на Британскиот парламент со акцент на младинските прашања и политики. Средбата се реализираше на иницијатива на Фондацијата за демократија на Вестминстер.

- На 15 октомври 2024 се одржа работна средба на Клубот за младински прашања и политики со Младинскиот образовен форум (МОФ). Тим од млади истражувачи од МОФ, кој работи во рамките на проектот Регионална програма за истражување и младинско лидерство (RYLMP), презентираше пред членовите на Клубот клучни наоди од истражувањето. Темите вклучуваа ширење на дезинформации, образование, миграции, младинско учество и зелени политики.

- Од 24 до 25 октомври 2024 се одржа работилница за стратешко планирање на Клубот за младински прашања и политики. Пратениците ги поставија приоритетите за работата на Клубот во наредниот период, со фокус на заштитата на менталното здравје на младите, младинското учество и младинскиот стандард.

- На 29 октомври 2024 се одржа јавна расправа по повод Деновите за медумска писменост, во организација на Младинскиот образовен форум (МОФ), а во соработка со Клубот за младински прашања и политики. Настанот го отвори Ристо Савески, претседател на МОФ, а воведни обраќања имаа претседателот на Собранието, Африм Гаши, генералната секретарка на Собранието, Марина Димовска, како и координаторката на Клубот за младински прашања и политики, Драгана Бојковска. Претседателот Гаши во својот говор истакна дека е потребно постојано да се промовира медиумската писменост во училиштата, универзитетите, институциите и во различните заедници. Генералната секретарка Димовска потенцираше дека денеска, кога информациите се лесно достапни,

но постои масовно ширење на дезинформации, медиумската писменост е центар на гравитација во борбата со лажните вести. Координаторката на Клубот Бојковска ја окарактеризира медиумската писменост како неопходност, а не само вештина за општествените чинители, при што ја истакна важноста на критичкото размислување, особено кај младите кои се иноватори на нови и свежи идеи. На јавната расправа беше ставен акцент на лицата со попреченост, за кои медиумската писменост е особено важна, бидејќи влијае на нивната способност да пристапат до правилни информации, да ги анализираат и целосно да учествуваат во општеството. Учесниците на ова одбележување на деновите на медиумската писменост, меѓу кои пратеници, претставници на УСАИД, глуви и слепи лица, Институтот за македонска литература, Сојузот на средношколци, ја поздравија иницијативата за одржување на ваква јавна расправа и дадоа свои идеи и забелешки во насока на подигнување на свеста и важноста на медиумската писменост во нашата земја.

- На 4 ноември 2024 Клубот за младински прашања и политики на Собранието одржа дискусија по извршената ревизија на Држаниот завод за ревизија на тема: Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови и развој на студентскиот стандард. Воведно обраќање имаше главниот државен ревизор, Максим Ацевски, а потоа пред присутните се обратија министерката за образование и наука, Весна Јаневска и министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски. Во дебатата по однос на состојбата во државните студентски домови и студентскиот стандард се вклучија пратениците Драгана Бојковска, Јован Јаулески, Сергеј Попов и Бојан Стојаноски, како и претставници од Националното студенстско тело, Форумот за образовни промени, Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи и директорот на Државниот студентски дом „Скопје“. Дискутантите се осврнаа на досегашните мерки и политики преземени за подобрување на студентскиот стандард и условите за живеење во државните студенстски домови. Беше истакнато дека досегашните мерки не се доволно ефикасни и е потребно нивно реосмислување во однос на исхраната на студентите, пристапот до интернет како и генерално условите за живот во студентските домови.

- Од 26 до 28 ноември 2024 година собраниска делегација предводена од Драгана Бојковска, координаторка на Клубот за младински прашања и политики, беше во работна посета на Државниот збор на Република Словенија. Посетата беше фокусирана на работата на Клубот на млади пратеници од Словенечкиот парламент, соработката на Клубот со комисии кои покриваат младински прашања и политики, како и поддршката што Клубот ја добива од Парламентот. Собраниската делегација беше составена од пратениците: Моника Зајкова, Калтрина Беќири и Сергеј Попов од Клубот за младински прашања и политики; Илире Даути и Ангелинка Петкова од Комисијата за социјална политика, демографија и млади; Иванка Василевска од Комисијата за образование, наука и спорт и двајца собраниски службеника. Делегацијата оствари средба со претседателот и членовите на Комисијата за образование, наука и млади, со претседавачот и членовите на

Клубот на млади пратеници, како и со генералната секретарка на Словенечкото собрание. Средбата со Комисијата за образование, наука и млади беше фокусирана на работата во областа на младинските прашања и политики, при што од страна на словенечките пратеници беа посочени законските прописи кои ги засегнуваат младите од претшколска возраст сѐ до високо образование и образование на возрасни, како и низа мерки коишто се преземаат за обезбедување подобар живот на младата популација. Претставниците од Клубот на млади пратеници го споделија нивното искуство околу начинот на кој вршат консултирање и вклучување на младите во креирањето и носење на одлуки. Тие го објаснија процесот на соработката со младинските организации со цел донесување законски решенија во најдобар интерес на младите. Во рамки на студиската посета беше остварена средба со Младинскиот совет на Словенија, при што беа презентирани нивните активности, соработката со локалната самоуправа и со Клубот на млади пратеници, а ги објаснија и законските одредби кои го уредуваат функционирањето на младинските организации. Собраниската делегација оствари средба и со Студентската организација на македонски студенти во Словенија кои дадоа информации околу студентскиот стандард во Словенија, состојбата со домувањето, добрите практики во областа на студентското организирање, можноста за студентска работа, како и мотивите за евентуално враќање во земјата. Посетата беше организирана со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер преку проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Британската амбасада во Скопје.

- На 19 декември 2024 на покана на Форумот за образовни промени, координаторката на Клубот Драгана Бојковска и заменик-координаторката Моника Зајкова беа учесници на панел дискусијата за субвенциониран меѓуградски превоз. Панел-дискусијата се одржа во Студентскиот културен центар, а на истата учествуваа заменик-министерот за образование, наука и спорт Лулзим Алиу и претседателот на УСС-УКИМ Александар Николовски.

- На 20 декември 2024 Клубот за младински прашања и политики организираше прием и неформална дружба со цел дискусија за младинските предизвици и приоритети во 2025 година. На настанот беше направена рефлексија на активностите спроведени во 2024 година, беа презентирани приоритетните области за работата на Клубот, а претставниците на младинските организации имаа можност да споделат повеќе за својата претстојна работа во младинскиот сектор. Учесниците беа охрабрени да ја искористат оваа пригода за споделување на своите активности и предлози за политики за млади, кои ќе го најдат своето место во планот за работа на Клубот за младински прашања и младински политики. Ова беше дел од континуираната работа на Клубот, кој постојано соработува со младите и го отвора Собранието за нив. Настанот беше организиран со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер.

## 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

### 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Интерпартиската парламентарна група за правата на лица со попреченост е неформална група во Собранието на Република Северна Македонија составена од пратеници од сите политички партии претставени во Собранието. Групата во овој парламентарен состав е формирана на 30 октомври 2024 годин на иницијатива на ЗЕТА – здружение за попреченост и правда.

Визијата за формирање на оваа група е да претставува спрега меѓу организациите на лица со попреченост и власта, да биде гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на лицата со попреченост пред народните избраници, како и да помогне тие потреби да се вообличат во конкретни законски решенија кои ќе гарантираат остварување на правата и создавање еднакви можности овозможувајќи инклузија на лицата со попреченост во сите општествени текови.

Во овој парламентарен состав, во Интерпартиската парламентарна група за правата на лица со попреченост членуваат 54 пратеници од различни политички партии. Претседавач е Никола Мицевски, а потпретседавачи се Весна Бендевска и Јован Митрески.

Активности

На 30 октомври 2024 се формираше Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост. За претседавач беше избран пратеникот Никола Мицевски, а за потпретседавачи Весна Бендевска и Јован Митрески. Конститутивната седница ја отвори претседателот на Собранието, Африм Гаши, кој посочи дека лицата со попреченост се чувствителен, но витален дел од нашето општество и дека унапредувањето на нивните права ја надминува институционалната одоговорност, бидејќи таа, пред сè, е морална и човечка. На темата унапредување на правата на лицата со попреченост говореа и потпретседателите Бендевска и Митрески, како поранешни претседавачи. Беше нагласено дека соработката треба да се интензивира, бидејќи само така ќе можат да се унапредуваат правата на лицата со попреченост. Мицевски како иден претседавач ќе се залага најмалку еднаш месечно да се остваруваат средби со претставници на оваа заедница, ќе иницира јавни расправи и дебати, затоа што прашањето за попреченост е фундаментално прашање, а како пратеници треба да придонесат еднаквоста и достоинственоста да станат реалност. Пред присутните се обратија и претставници на здруженијата на лица со попреченост, кои имаа можност да дадат свои забелешки, критики и сугестии, како и да ги посочат дискирминаторските бариери со кои се соочуваат во секојдневното функционирање.

На 12 декември 2024 година Интер-партиската парламентарна група одржа работен состанок на кој беа утврдени идните цели за работа на ова неформално собраниско тело. Се формираше Работна група составена од по еден претставник од секоја пратеничка група во Собранието, и тоа: Ангелинка Петкова (ВМРО – ДПМНЕ), Весна Бендевска (ЗНАМ), Арбана Пашоли (ДУИ), Имрлије Салиу Фетаи (ВЛЕН), Сашко Јанчев (Левица) и Јованка Тренчевска (СДСМ)

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

## 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

Со 76 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и ниту еден „ВОЗДРЖАН“, Африм Гаши од редовите на АЛТЕРНАТИВА, Коалиција ВРЕДИ, е избран за претседател на Собранието на Република Северна Македонија на 28 мај 2024 година.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија г. Африм Гаши дејствува во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Северна Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Северна Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Северна Македонија и со Владата на Република Северна Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Северна Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжува да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

## МАЈ 2024 ГОДИНА

### Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Африм Гаши

- Интервју за „Радио Слободна Европа“ (29 мај 2024)
- Интервју за Радио Телевизија Косово – РТК (31 мај 2024)
- Интервју за Телма ТВ (31 мај 2024)

### КООРДИНАЦИИ

- Среда, 29 мај 2024 година, 14:00 часот – Коодинација бр. 1

### СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 0 |
| Мултилатерални активности | 0 |
| Други активности | 3 |
| Координации | 1 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 0 |

## ЈУНИ 2024 ГОДИНА

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Средба со амбасадорот на Кралството Шведска во РСМ, Н.Е. Ами Ларсон Џеин (6 јуни 2024)
- Средба со амбасадорот на Република Бугарија во РСМ, Ангел Ангелов (6 јуни 2024)
- Средба со амбасадорот на ЕУ во Република Северна Македонија, Дејвид Гир (7 јуни 2024)
- Средба со амбасадорот на САД во РСМ, Н.Е. Анџела Агелер (10 јуни 2024)
- Средба со швајцарската амбасадорка, Н.Е. Вероник Улман (10 јуни 2024)
- Средба со италијанскиот амбасадор, Н.Е. Андреа Силвестри (11 јуни 2024)
- Средба со францускиот амбасадор, Н.Е. Сирил Бомгартнер (11 јуни 2024)
- Средба со амбасадорот на Косово, Флоријан Ќехаја (11 јуни 2024)
- Средба со претседателот на Република Албанија, Бајрам Бегај (13 јуни 2024)
- Средба со германската амбасадорка, Н.Е. Петра Дрекслер (13 јуни 2024)
- Средба со Н.Е. Метју Лосон, амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (13 јуни 2024)
- Средба со претседателката на Република Косово, Н.Е. Вјоса Османи – Садриу (13 јуни 2024)
- Средба со Александра Пападополу, заменик министер за надворешни работи на Република Грција и Н.Е Софија Филипиду, амбасадор на Република Грција во Република Северна Македонија (14 јуни 2024)
- Средба со Стефани Раст, извршна директорка на НДИ (18 јуни 2024)
- Средба со турскиот амбасадор, Н.Е. Фатих Улусој (19 јуни 2024)
- Средба со словенечкиот амбасадор, Н.Е. Грегор Прескер (19 јуни 2024)

- Средба со претставници на Фондацијата за демократија на Вестминстер (25 јуни 2024)
- Средба со Делегација од баварскиот парламент (26 јуни 2024)

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со постојаниот координатор на Обединети нации, Росана Дуцак (10 јуни 2024)
- Средба со постојаниот претставник на УНДП, Армен Григоријан (11 јуни 2024)
- Средба со амбасадорот на ОБСЕ во РСМ, Н.Е. Килијан Вал (26 јуни 2024)
- Средба со директорот на Канцеларијата на Светска банка за Косово и Република Северна Македонија, Масимилиано Паолучи (26 јуни 2024)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Приемот во Британската амбасада по повод одбележување на роденденот на Кралот (вторник, 18 јуни 2024 година)
- Свечена изјава на Исамедин Лимани и Александар Камбовски, членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија (среда, 19 јуни 2024 година)
- Обраќање на 11-тата Пленарната сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (четврток, 20 јуни 2024 година)
- Обраќање по повод на одбележувањето на Меѓународниот ден на бегалците - 20 Јуни (понеделник, 24 јуни 2024 година)
- Учество на промоција на инвестицијата на „Алказар Енерџи“ за изградба на парк на ветерници (вторник, 25 јуни 2024 година)
- Учество на церемонијата на дипломирање на студенти при Меѓународниот балкански универзитет (четврток, 27 јуни 2024 година)

**КООРДИНАЦИИ**

- Понеделник, 3 јуни 2024 година, 11:00 часот – Координација бр. 2
- Вторник, 6 јуни 2024 година, 12:00 часот – Координација бр. 3
- Понеделник, 10 јуни 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 4
- Среда, 12 јуни 2024 година, 11:00 часот – Координација бр. 5
- Понеделник, 17 јуни 2024 година, 11:00 часот – Координација бр. 6
- Петок, 23 јуни 2024 година, 17:00 часот – Координација бр. 7

**СЕДНИЦИ**

- Петок, 7 јуни 2024 година,11:00 часот – Седница бр.2
- Четврток, 13 јуни 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 3
- Петок, 14 јуни 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 4
- Вторник, 18 јуни 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 5
- Среда, 19 јуни 2024 година, 13:00 часот – Седница бр. 6
- Сабота, 22 јуни 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 7
- Недела, 23 јуни 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 7 (продолжение)
- Вторник, 25 јуни 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 8

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 18 |
| Мултилатерални активности | 4 |
| Други активности | 6 |
| Координации | 6 |
| Претседателства | 0 |
| Седници | 8 |

### ЈУЛИ 2024 ГОДИНА

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Средба со чешкиот амбасадор, Н.Е. Јарослав Лудва (2 јули 2024)
- Средба со Н.Е. Адела Моника Аксинте, амбасадорка на Романија (2 јули 2024)
- Средба со израелската амбасадорка, Н.Е. Симона Франкел (2 јули 2024)
- Средба со австралискиот амбасадор, Н.Е. Даниел Џозеф Емери (3 јули 2024)
- Средба со шпанскиот амбасадор, Н.Е. Хосе Луис Лозано Гарсија (3 јули 2024)
- Средба со литванската амбасадорка, Н.Е. Вилма Дамбраускиена (3 јули 2024)
- Средба со посебен советник за Западен Балкан, Анжеј Франгеш (3 јули 2024)
- Проштална средба со Н.Е. Дирк Јан Коп, амбасадор на Кралството Холандија (4 јули 2024)
- Средба со Н.Е. Нивес Тигањ, амбасадорка на Република Хрватска (4 јули 2024)
- Проштална средба со Н.Е. Џанг Syo, амбасадор на Народна Република Кина (4 јули 2024)
- Средба со претседателот на Врховната Рада на Украина, Руслан Стефанчук (10 јули 2024, Вашингтон)
- Средба со амбасадорката на Украина, Лариса Дир (17 јули 2024)
- Средба со јапонскиот амбасадор Оцука Казуја (18 јули 2024 година)
- Средба со норвешката амбасадорка Кристин Мелсом (22 јули 2024)
- Средба со Лутфи Сунар, ректор на Меѓународниот балкански универзитет (22 јули 2024)
- Средба со Авад ал Анзиј Бин Сибтиј, заменик-министер за исламски прашања на Кралството Саудиска Арабија (22 јули 2024)
- Проштална средба со евроамбасадорот Дејвид Гир (29 јули 2024)

### Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Средба со посебен советник за Западен Балкан, Анжеј Франгеш (3 јули 2024)
- Средба со Делегација предводена од Роберт Бенџамин, директор во НДИ за Централна и Источна Европа (10 јули 2024, Вашингтон)
- Средба со претставници на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор – ДЦАФ (18 јули 2024)
- Средба со Даниел Браун, официјален претставник на Фондацијата Конрад Аденауер во земјата (30 јули 2024)

- Учество на Парламентарниот самит на НАТО, во рамки на Самитот на Алијансата, по повод 75-годишнината од нејзиното формирање, Вашингтон, САД (8-10 јули 2024)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со претставници од Стопанска комора на Северозападна Македонија (2 јули 2024)
- Обраќање на Парламентарниот самит на НАТО (9 јули 2024)
- Обраќање по повод на одбележувањето на 11 јули Меѓународниот ден на сеќавање на геноцидот во Сребреница (12 јули 2024)
- Претседавање со седницата на Управувачкиот совет на Програмата за парламентарна поддршка (15 јули 2024)
- Претседавање со конститутвната седница на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (15 јули 2024)
- Средба со претставници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (25 јули 2024)
- Интервју за Собранискиот канал ТВ Студио на Собранието на Република Северна Македонија (26 јули 2024)

**КООРДИНАЦИИ**

- Понеделник, 1 јули 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 8
- Понеделник, 5 јули 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 9
- Понеделник, 22 јули 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 10
- Понеделник, 29 јули 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 11

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА**

- Понеделник, 15 јули 2024 година, 12:00 часот – Работен состанок бр. 1

**СЕДНИЦИ**

- Петок, 5 јули 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 9
- Четврток, 11 јули 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 10
- Вторник, 23 јули 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 11
- Вторник, 23 јули 2024 година, 20:15 часот – Седница бр. 10 (продолжение)

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 17 |
| Мултилатерални активности | 5 |
| Други активности | 7 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 4 |

## АВГУСТ 2024 ГОДИНА

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со Никол Варнс, заменик-шеф на Мисијата во амбасадата на САД во РСМ (5 август 2024)
- Средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина, Драган Јаќимовиќ (15 август 2024)
- Средба со австрискиот амбасадор Мартин Памер (23 август 2024)

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со Роберт Скот Хејзлет, виш резидентен директор на Националниот демократски институт во земјава и тим-лидер на Програмата за парламентарна поддршка (20 август 2024)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Обраќање на Свеченото одбележување на државниот празник 2 Август, Ден на Републиката (2 август 2024)
- Положување на цвеќе пред споменикот на Никола Карев (2 август 2024)
- Учество на свечениот прием во Музејот на современа уметност по повод 23 години од Охридскиот Рамковен Договор (13 август 2024)
- Учество на концерт во Културно информативниот центар по повод 114-годишнината од раѓањето на Мајка Тереза (26 август 2024)
- Брифинг со новинари (27 август 2024)
- Свечена изјава на Марјана Илиеска, член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (30 август 2024)

**<u>КООРДИНАЦИИ</u>**

- Понеделник, 12 август 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 12

**<u>ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА</u>**

- Вторник, 13 август 2024 година, 10:30 – Работен состанок бр. 2

**<u>СЕДНИЦИ</u>**

- <u>Понеделник, 12 август 2024 година, 11:00 часот</u> – Седница бр. 12
- <u>Вторник, 13 август 2024 година, 12:00 часот</u> – Седница бр. 12 (продолжение)

**<u>СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ</u>**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 3 |
| Мултилатерални активности | 1 |
| Други активности | 6 |
| Координации | 1 |
| Претседателства | 1 |
| Седници | 2 |

## СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Средба со холандската амбасадорка, Узлем Џанел (2 септември 2024)
- Средба со амбасадорот на Албанија, Денион Меидани (3 септември 2024)
- Посета на турскиот министер за надворешни работи, Хакан Фидан (5 септември 2024)
- Средба со францускиот амбасадор, Кристоф ле Риголер (6 септември 2024)
- Средба со италијанскиот потпретседател на Владата и министер за надворешни работи и меѓународна соработка, Антонио Тајани (10 септември 2024
- Средба со германска делегација од Сојузниот уставен суд (11 септември 2024)
- Средба со група нерезидентни амбасадори за нашата земја, со седиште во Софија (12 септември 2024)
- Средба со претседателот на Врховната ревизорска институција на Чешка, Мирослав Кала (16 септември 2024)
- Средба со хрватската амбасадорка Нивес Тигањ (19 септември 2024)
- Средба со новиот бугарски амбасадор Желјазко Рдуков (19 септември 2024)
- Официјална посета на претседателката на Собранието на Република Албанија, Елиса Спиропали (23 септември 2024)
- Средба со директорот на Меѓународниот републикански институт, Џон Флуарти (25 септември 2024)
- Средба со претседателот на Владата на Република Унгарија**,** Виктор Орбан (27 септември 2024, Охрид)

### Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Средба со евроамбасадорот Михаилис Рокас (10 септември 2024)
- Средба со Лаима Луција Андрикиене, членка на Европскиот суд на ревизори (24 септември 2024)
- Средба со Рита Колумбија, постојана координаторка на Обединетите нации (26 септември 2024)

### Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Интервју за Сител ТВ (2 септември 2024)
- Обраќање на настанот: Прогресот на Северна Македонија во Берлинскиот процес - Презентација на акциски планови за заеднички регионален пазар и Зелена агенда (4 септември 2024)
- Интервју за Лајм ТВ (6 септември 2024)
- Прием и обраќање по повод 8 Септември – Денот на независноста (6 септември 2024)
- Учество на свечен настан – концерт на Филхармонија по повод 8 Септември – Денот на независноста (8 септември 2024)
- Обраќање на конститутивната седница на Клубот за младински прашања и политики (10 семптември 2024)
- Свечена изјава на г–а Џенета Бектовиќ, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија (12 септември 2024)
- Обраќање на одбележувањето на меѓународниот Ден на демократијата - 15 Септември (17 септември 2024)
- Организирање на крводарителска акција и дарување крв (19 септември 2024)
- Брифинг со новинари (26 септември 2024)

## КООРДИНАЦИИ

- Понеделник, 2 септември 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 13
- Вторник, 10 септември 2024 година, 10:30 часот – Координација бр. 14
- Понеделник, 16 септември 2024 година, 10:00 часот - Координација бр. 15
- Понеделник, 30 септември 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 16

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

- Понеделник, 2 септември 2024 година, 11:00 часот – Работен состанок бр. 3
- Понеделник, 16 септември 2024 година, 11:00 часот – Работен состанок бр. 4
- Понеделник, 30 септември 2024 година, 10:30 часот – Работен состанок бр. 5

## СЕДНИЦИ

- Среда, 11 септември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 14
- Вторник, 17 септември 2024 година, 12:00 часот – Седница бр. 14 (продолжение)
- Вторник, 17 септември 2024 година, 12:15 часот – Седница бр. 12 (продолжение)
- Вторник, 24 септември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 15
- Вторник, 24 септември 2024 година, 11:15 часот – Седница бр. 14 (продолжение)

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 13 |
| Мултилатерални активности | 3 |
| Други активности | 10 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 3 |
| Седници | 5 |

## ОКТОМВРИ 2024 ГОДИНА

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Официјална посета на Република Туркије (2-5 октомври 2024)
- Средба со претседателот на Големото национално собрание на Туркије Н.Е. Нуман Куртулмуш (3 октомври 2024, Анкара, Туркије)
- Средба со министерот за надворешни работи на Република Туркије Хакан Фидан (3 октомври 2024, Анкара, Туркије)
- Средба со претседателот на Уставниот суд Кадир Озкаја (3 октомври 2024, Анкара, Туркије)
- Средба со претседателот на Интерпарламетарната група за пријателство Туркије-Северна Македонија Ахмет Килич и членовите на групата (3 октомври 2024, Анкара, Туркије)
- Средба со Вршителот на должност претседател за верски прашања Селим Аргун, и потпретседателите на Претседателството за верски прашања – Дијанет (3 октомври 2024, Анкара, Туркије)
- Средба со претседателот на Република Туркије, Н.Е. Реџеп Таип Ердоган (4 октомври 2024, Анкара, Туркије)

- Средба со амбасадорот на Црна Гора, Зоран Миљаниќ (7 октомври 2024)
- Средба со шпанскиот амбасадор, Рафаел Сориано Ортис (10 октомври 2024)
- Средба со катарскиот амбасадор, Шеик Јасим Бин Хамад Ал-Тани (10 октомври 2024)
- Средба со Николае Стефанута, потпретседател на Европскиот парламент (15 октомври 2024, Женева, Швајцарија)
- Работна посета во Берлин, Германија (16-18 октомври 2024)
- Средба со Ана Лирман, државен министер за Европа и клима во Германија (17 октомври 2024, Берлин, Германија)
- Средба со Миахел Рот, претседател на Комисијата за надворешна политика во Бундестаг (17 октомври 2024 година, Берлин, Германија)
- Средба со Дирк Вупел, претседател на Парламентарната група за пријателство меѓу Германија и земјите од Југоисточна Европа (17 октомври 2024, Берлин, Германија)
- Средба со Антон Хофрајтер, претседател на Комисијата за европски прашања во Бундестагот (18 октомври 2024, Берлин, Германија)
- Средба со Барбел Бас, претседател на германскиот Бундестаг (18 октомври 2024, Берлин, Германија)
- Средба со Руслан Стефанчук, претседател на Врховната рада на Украина (23 октомври 2024, Рига, Република Летонија)
- Средба со Никола Цамај, потпретседател на Парламентот на Црна Гора (24 октомври 2024, Рига, Република Летонија)
- Средба со Кенет Форслунд, потпретседател на Парламентот на Шведска (24 октомври 2024, Рига, Република Летонија)
- Средба со Лаури Хусар, претседател на Парламентот на Естонија (24 октомври 2024, Рига, Република Летонија)
- Средба со Гордан Јандроковиќ, претседател на Парламентот на Хрватска (25 октомври 2024, Рига, Република Летонија)
- Средба со министерот за Хаџ на Кралството Саудиска Арабија, Тавфик Ф. Алрабиах (30 октомври 2024)

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со претседателот на Меѓународниот одбор на ревизори за НАТО, Радек Висингер (10 октомври 2024)
- Учество на 149-тото Собрание на Интерпарламентарната унија – ИПУ (13-17 октомври 2024, Женева, Швајцарска Конфедерација)
- Средба со Тулија Аксон, претседател на Интерпарламентарната Унија (14 октомври 2024, Женева, Швајцарија)
- Учество на Третиот парламентарен самит на Меѓународната кримска платформа (23-24 октомври 2024, Рига, Република Летонија)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Интервју за парламентарниот канал на Големото национално собрание на Туркије, „TBMM TV/Parliament TV“ (3 октомври 2024 година, Анкара, Турција)
- Обраќање на конститутивната седница на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Кримската платформа (7 октомври 2024)
- Обраќање на одбележувањето на Меѓународниот ден за намалување на ризикот од катастрофи, 13 Октомври – „Младите за намалување на ризикот од катастрофи“ (8 октомври 2024)

- Обраќање на свеченото отворање на Волонтерската програма на Собранието (10 октомври 2024)
- Обраќање на 149-тото Собрание на Интерпарламентарната унија – ИПУ (14 октомври 2024, Женева, Швајцарска Конфедерација)
- Обраќање на настанот по повод промоција и свечено пуштање во употреба на заштитената соба и заштитениот работен простор (21 октомври 2024)
- Обраќање на Третиот парламентарен самит на Меѓународната кримска платформа (24 октомври, Рига, Република Летонија)
- Интервју со Дитмир Бушати за Public Square (26 октомври 2024)
- Обраќање на настанот по повод одбележување на месецот за подигнување на свесноста за ракот на дојката (28 октомври 2024)
- Обраќање на јавната расправа по повод Деновите за медумска писменост 2024 (29 октомври 2024)
- Учество на прием организиран од амбасадорот на Туркије по повод 101 годишнината на Република Туркије (29 октомври 2024)
- Обраќање на конститутивна седница на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на лицата со попреченост (30 октомври 2024)
- Брифинг со новинари (31 октомври 2024)

## КООРДИНАЦИИ

- Понеделник, 21 октомври 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 17
- Понеделник, 28 октомври 2024 година, 10:00 часот - Координација бр. 18

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

- Понеделник, 21 октомври 2024 година, 10:30 часот – Работен состанок бр. 6
- Понеделник, 28 октомври 2024 година, 10:30 часот – Работен состанок бр. 7

## СЕДНИЦИ

- Вторник, 22 октомври 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 17
- Вторник, 22 октомври 2024 година, 11:15 часот – Седница бр. 15 продолжение
- Вторник, 22 октомври 2024 година, 11:30 часот – Седница бр. 16 продолжение
- Вторник, 29 октомври 2024 година, 14:00 часот – Седница бр. 17 продолжение
- Четврток 31 октомври 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 18

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 22 |
| Мултилатерални активности | 4 |
| Други активности | 13 |
| Координации | 2 |
| Претседателства | 2 |
| Седници | 5 |

## НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Учество на прием организиран од амбасадорот на Јапонија Оцука Казуја, по повод 30 годишнината на дипломатските односи меѓу нашите земји (1 ноември 2024)
- Средба со амбасадорот на Франција Кристоф Ле Риголер, Француска резиденција (7 ноември 2024)
- Официјална посета на Тирана, Република Албанија (13 ноември 2024)
- Средба со Елиса Спиропали, претседателка на Собранието на Република Албанија (13 ноември 2024, Тирана, Албанија)
- Средба со Бајрам Бегај, претседател на Република Албанија (13 ноември 2024, Тирана, Албанија)
- Средба со Реџеп Мејдани, поранешен претседател на Република Албанија (13 ноември 2024, Тирана, Албанија)
- Средба со новоименуваниот амбасадор на Канада, Мишел Камерон (20 ноември 2024)
- Средба со експерти од германскиот Бундестаг и со претставници на НДИ, со амбасадорките на Германија и на Швајцарија, Петра Дрекслер и Вероник Улман, со цел примопредавања на безбедносни рентген скенери од Бундестагот за Собранието на Република Северна Македонија (21 ноември 2024)
- Официјална посета на Република Косово (25 ноември 2024)
- Средба со Глаук Коњуфца, претседател на Собранието на Република Косово (25 ноември 2024, Приштина, Косово)
- Средба со Мемли Красниќи, претседател на Демократската партија на Косово (25 ноември 2024, Приштина Косово)
- Средба со Албин Курти, претседател на Владата на Република Косово (25 ноември 2024)
- Средба со делегација на Комисија за надворешни работи, Дом на пратеници од Парламентот на Чешка (26 ноември 2024)
- Средба со шведската амбасадорка Ами Ларсон Џеин (27 ноември 2024)

### Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Средба со Роберт Скот Хејзлет, виш резидентен директор на Националниот демократски институт (НДИ) во земјава и со претставниците на оваа организација Слаѓана Пановска и Едип Билал (11 ноември 2024)
- Средба со Јан Борг, актуелен претседавач на ОБСЕ, заменик-претседател на Влада и министер за надворешни работи и трговија на Малта (12 ноември 2024)
- Средба со поранешни конгресмени и служба од Конгресот на САД, претставници на Меѓународниот републикански институт од Вашингтон и претставници од Канцеларијата на ИРИ во РСМ (12 ноември 2024)
- Средба со Тијс Рутен, известител во сенка на политичката партија на Социјалдемократите во Европскиот парламент (18 ноември 2024, Брисел)
- Средба со Томас Вајц, известител за Северна Македонија во Европскиот парламент (18 ноември 2024, Брисел)
- Средба со Роберта Мецола, претседателка на Европскиот парламент (18 ноември 2024, Брисел)
- Средба со Ирене Фелин, специјална претставничка на Генералниот секретар на НАТО за жени, мир и безбедност (19 ноември 2024, седиште на НАТ, Брисел)
- Средба со Нина Шољан, раководител на Одделот за политички прашања поврзани со напредокот на Северна Македонија (19 ноември 2024, седиште на НАТО, Брисел)

- Средба со Борис Руге, заменик на генералниот секретар на НАТО (19 ноември 2024, седиште на НАТО, Брисел)
- Средба со Никола де Сантис, шеф на Одделот за јавна дипломатија на НАТО (19 ноември 2024, седиште на НАТО, Брисел)
- Средба со Ариела Виехе, раководител на Одделението за тековни операции на НАТО (19 ноември 2024 година, седиште на НАТО, Брисел)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со студенти на Институтот за безбедност од Филозофскиот факултет (1 ноември 2024)
- Средба со претставници на на МАТТО - Стопанска комора на Македонија – Турција (4 ноември 2024)
- Состанок со Советот за безбедност, Вила Водно (4 ноември 2024)
- Интервју за Медиумска информативна агенција - МИА (9 ноември 2024)
- Свечена изјава на новоизбраните членови на Државната изборна комисија, Светлана Карапетрова и Ангелчо Ристов (14 ноември 2024)
- Обраќање по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на толеранцијата (15 ноември 2024)
- Интервју за Еуроњус Албанија (16 ноември 2024)
- Средба со амбасадорот Дане Талески, претставник на Северна Македонија во НАТО (19 ноември 2024, седиште на НАТО, Брисел)
- Доделување на Државната награда „22 Ноември“ за 2024 година за признание на луѓе од политичкиот, културниот и општествениот живот во Република Северна Македонија (22 ноември 2024)
- Учество на свечен настан по повод 22 Ноември – Денот на азбуката на албанскиот јазик (22 ноември 2024)
- Учество на прием организиран во чест на именувањето на Радмила Шеќеринска за заменик генерален секретар на НАТО (22 ноември 2024)
- Обраќање пред студентите на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Приштина (25 ноември 2024, Приштина, Косово)
- Учество на прием организиран од амбасадорот на Република Албанија, по повод 28 Ноември – Денот на независноста на Албанија (25 ноември 2024)
- Учество на свечен настан организиран од ОУ „25 Мај“ – Скопје, по повод ноемвриските празници (26 ноември 2024)
- Средба со Алберт Хани, Генерален секретар на канцеларијата за Регионална младинска соработка - RYCO (26 ноември 2024)
- Учество на прием по повод 25 годишнината од постоење на Државниот Завод за ревизија (27 ноември 2024)
- Брифинг со новинари (28 ноември 2024)
- Средба со претставници на Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ) и генералниот секретар на Европската Федерација на новинари (ЕФН), Рикардо Гутиерес (29 ноември 2024)
- Посета на Гостивар, средба со градоначалникот Валбон Лимани, посета на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните и посета на основното училиште „Исмаил Ќемали“ (29 ноември 2024)

**<u>КООРДИНАЦИИ</u>**

- Вторник, 5 ноември 2024 година, 9:30 часот – Координација бр. 20
- Понеделник, 11 ноември 2024 година, 10:00 часот – Координација бр. 21
- Вторник, 26 ноември 2024 година, 11:00 часот – Координација бр. 22

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

- Понеделник, 11 ноември 2024 година, 10:30 часот – Работен состанок бр. 8
- Вторник, 26 ноември 2024 година, 11:30 часот – Работен состанок бр. 9

## СЕДНИЦИ

- Вторник, 12 ноември 2024 година, 11:00 часот - Седница бр. 19
- Среда, 13 ноември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 19 (продолжение)
- Четврток, 21 ноември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 20
- Четврток, 28 ноември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 21

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 14 |
| Мултилатерални активности | 11 |
| Други активности | 19 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 2 |
| Седници | 4 |

## ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

### Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши

- Официјална посета на Стокхолм, Кралството Шведска (2 - 4 декември 2024)
- Средба со Керстин Лундгрен, потпретседателка на Риксдагот на Парламентот на Шведска (2 декември 2024)
- Средба со Мајк Винерштиг, раководител на Секторот за безбедносна политика во Шведската агенција за одбранбени истражувања (2 декември 2024)
- Средба со Кристијан Даниелсон, државен секретар за ЕУ (2 декември 2024)
- Средба со Н.Е. Кралот на Шведска, Карл XVI Густав (2 декември 2024, Стокхолм, Шведска)
- Средба со Андреас Норлен, претседател на Риксдагот, Парламентот на Шведска (3 декември 2024, Стокхолм, Шведска)
- Средба со Даг Хартелиус, државен секретар во Министерството за надворешни работи на Шведска (3 декември 2024, Стокхолм, Шведска)
- Средба со Клаудија Гадберг Морнер, заменик генерален ревизор на Шведска (3 декември 2024, Стокхолм, Шведска)
- Заедничка средба со амбасадорката на САД Ангела Агелер, Помошник секретарот за Западен Балкан во Бирото за европски и евроазиски прашања Александар Касаноф и алумни пратеници на американските програми (5 декември 2024)
- Прошталнa средба со италијанскиот амбасадор во земјава, Андреа Силвестри (9 декември 2024)
- Средба со делегација на Собранието на Република Албанија, предводена од пратеникот Насуп Начо (10 декември 2024)
- Учество на прием во амбасадата на Државата Катар, по повод Националниот ден на Катар (10 декември 2024)

- Средба со амбасадорот на Република Казахстан, Н.Е. Сатибалди Буршаков (13 декември 2024)
- Работна посета на Париз, Франција (17-19 декември 2024)
- Средба со Јаел Браун Пивет, претседателка на Националното собрание на Франција (18 декември 2024)
- Средба со Жерар Ларше, претседател на Сенатот на Франција (18 декември 2024)
- Средба со Бруно Фукс, претседател на Комисијата за надворешна политика (19 декември 2024 година, Париз, Франција)
- Средба со Махмут Чевик, заменик-претседател на Турската агенција за соработка и координација ТИКА, одговорен на Департментот за Балкан и Источна Европа (20 декември 2024)
- Официјална посета на Делегација предводена од Нуман Куртулмуш, претседател на Големото национално собрание на Република Туркије (21 декември 2024)
- Средба со францускиот амбасадор, Кристоф ле Риголер (23 декември 2024)
-

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Средба со Кевин Касас Замора, генерален секретар на Меѓународниот институт за демократија и изборна помош (2 декември 2024, Стокхолм, Шведска)
- Средба со регионалниот директор на УНХЦР за Европа, г. Филип Леклер (12 декември 2024)
- Средба со претставничка на УНИЦЕФ во Северна Македонија, г-ѓа Лесли Милер (13 декември 2024)

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши**

- Обраќање на настан по повод одбележување на Меѓународниот ден на борба против корупцијата – 9 Декември (5 декември 2024)
- Посета на Охрид, средба со градоначалникот Кирил Пецаков, посета на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните и средба со семејството Филеви (6 декември 2024)
- Учество на свечената академија по повод денот на Свети Климент Охридски (8 декември 2024)
- Обраќање на Седмата пленарна конференција на Националната конвенција за Европска Унија во Република Северна Македонија (11 декември 2024)
- Претседавање со втората седница на Управувачкиот совет на Програмата за парламентарна поддршка (16 декември 2024)
- Прием на амбасадори, претставници на меѓународните организации и граѓанското општество по повод новогодишните празници (16 декември 2024)
- Интервју за МРТ2 (17 декември 2024)
- Свечена изјава на Ардијан Демири, член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (20 декември 2024)
- Свечена изјава на Данка Ристова и Аритон Ала, членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија (20 декември 2024)
- Учество на настан организиран од МАТУСИТЕБ и ТИКА, по повод на одбележување на Денот на наставата на турски јазик (21 декември 2024)
- Посета на училиштата „Златан Стремец“ и „Иднина„ по повод на новогодишните празници за учениците (25 декември 2024)
- Брифинг со новинари (26 декември 2024)

- Прием на новинари и претставници на медиумите по повод новогодишните празници (26 декември 2024)
- Интервју за Алсат ТВ (26 декември 2024)
- Интервју за Канал 5 ТВ (30 декември 2024)
- Новогодишно видео обраќање (31 декември 2024)

## КООРДИНАЦИИ

- Вторник, 10 декември 2024 година, 10:00 часот – Координација 23
- Понеделник, 16 декември 2024 година, 10:00 часот – координација 24
- Понеделник, 23 декември 2024 година, 10:00 часот – координација 25

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

- Вторник, 10 декември 2024 година, 10:30 часот – Работен состанок бр. 10
- Понеделник, 16 декември 2024 година, 09:45 часот – Работен состанок бр. 11
- Понеделник, 23 декември 2024 година, 09:45 часот – Работен состанок бр. 12

## СЕДНИЦИ

- Вторник, 10 декември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 22
- Среда, 11 декември 2024 година, 13:00 часот – Седница бр. 22 (продолжение)
- Четврток, 12 декември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 22 (продолжение)
- Четврток, 12 декември 2024 година, 11:15 часот – Седница бр. 15 (продолжение)
- Понеделник, 16 декември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 24
- Понеделник, 16 декември 2024 година, 11:15 часот - Седница бр. 14 (продолжение)
- Понеделник, 16 декември 2024 година, 11:30 часот - Седница бр. 22 (продолжение)
- Вторник, 24 декември 2024 година, 13:00 часот – Седница бр. 27
- Вторник, 24 декември 2024 година, 13:15 часот – Седница бр. 23
- Среда, 25 декември 2024 година, 12:00 часот – Седница бр. 25
- Среда, 25 декември 2024 година, 12:00 часот – Седница бр. 27 (продолжение)
- Четврток, 26 декември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 26
- Петок, 27 декември 2024 година, 11:00 часот – Седница бр. 28

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 20 |
| Мултилатерални активности | 3 |
| Други активности | 16 |
| Координации | 3 |
| Претседателства | 3 |
| Седници | 13 |

## 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието од редот на пратениците избира претседател и потпретседатели на Собранието.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието. Потпретседателите се избираат од редот на пратениците кои припаѓаат на различни политички партии застапени во Собранието.

Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политичката партија застапена во Собранието која е најголема опозициска партија.

Процедурата за предлагање на кандидати за потпретседатели е ист како и предлагањето на претседателот.

За потпретседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ако за потпретседател се предложени повеќе кандидати од бројот кој се избира, а не е избран предвидениот број, ќе се повтори гласањето за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани и тоа меѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање не е избран предвидениот број на потпретседатели, се повторува постапката за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани.

Ако се предложени онолку кандидати колку што е потребно да се изберат, а не е избран предвидениот број, се повторува целата изборна постапка за оној број потпретседатели кои не се избрани.

Со утврдување на одлуката за бројот на потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија на третата седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 13 јуни 2024 година, се започна процедурата за избор на потпретседатели на Собранието. На 14 јуни 2024 година на 4-та седница се избраа тројца потпретседатели и тоа Антонио Милошоски од ВМРО-ДПМНЕ, Весна Бендевска од ЗНАМ и Јован Митревски од СДСМ.

### ➢ Потпретседател Антонио Милошоски

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Антонио Милошоски потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на ВМРО – ДПМНЕ, Избран е за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на четвртата собраниска седница на 14 јуни 2024 година.

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на

кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието, (каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови).

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела и тоа како претседател на Комисијата за европски прашања, член на Комисија за одбрана и безбедност, Комисија за надворешна политика и надворешна трговија, Комисија за уставни прашања и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Член е и на Комитетот за односи меѓу заедниците и Комисијата за следење на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Претседател е на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија

Заменик-член е на Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација (ПС НАТО), а што се однесува на билатералната соработка претседател е на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Германија и член на Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија и Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Австралија и Парламентот на Нов Зеланд,

1. **Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Работна средба со Др. Марк Шпиц државен секретар за федерални, меѓународни работи и медиумски политики на Северна Рајна Вестфалија, Германија (12 септември 2024)
- работна вечера со амбасадорката на Швајцарија Вероника Улман ( 18 септември 2024)
- средба со претставници на невладини организации од Западен Балкан (24 септември 2024)
- средба со германскиот пратеник Петер Бауер и програмскиот менаџер во Фондација Конрад Аденауер Давор Пашовски (3 октомври 2024)
- работна средба со поранешни конгресмени и служба од Конгресот на САД, Претставници на Меѓународниот републикански институт од Вашингтон и претставници од Канцеларијата на ИРИ во Република Северна Македонија

- работна средба со Државниот ревизор Максим Ацевски и државни ревизори од Италија (13 ноември 2024

**2. Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми**

- Учество на Самитот за парламентарната димензија на Берлинскиот процес, кој се одржа во Берлин, Германија (10 ноември 2024)
- Оддавање почит на жртвите на земјотресот во Скопје од 26 јули 2063 година  (26 јули 2024)
- Оддавање почит пред вечните почивалишта на загинатиот претседател Борис Трајковски, поранешниот претседател Киро Глигоров, командатот генерал Михало Апостолски и споменикот на паднатите партизани (26 јули 2024)
- Оддавање почит пред споменикот "Основачи на ВМРО" во Скопје по повод 23 Октомври Денот на Македонската револуционерна борба (23 октомври 2024).

## ➢ Потпретседател Јован Митревски

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Јован Митревски потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на  СДСМ. Избран е за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на четвртата собраниска седница на 14 јуни 2024 година.

Како пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисијата за уставни прашања и Комисија за економски прашања, труд и енергетска политика  и како заменик член во  Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања,

Како Потпретседател, согласно Законот за Собранието е избран да биде претседател на Советот на Собранискиот канал.

Член е и на Пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламентите на Република Малта, Украина, Народна Република Кина и Унгарија,

***1. Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми***

- Обраќање на Првиот состанок на Интерпартиската парламентарна група за поддршка на Кримската платформа за во овој нов мандат на Собранието на Република Северна Македонија  (7 Октомври 2024)

- Обраќање на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост. Преку оваа група, Собранието воспоставува важен мост кон граѓаните со попреченост и ги зајакнува нивните права и нивното учество (30 Октомври 2024)
- Полагање цвеќе по повод 80 годишнината од ослободувањето на Струга од фашистичката окупација (85 ноември 2024 година)

## ➢ Потпретседател Весна Бендевска

Весна Бендевска потпретседателка на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на ЗНАМ. Избрана е за потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија на четвртата собраниска седница на 14 јуни 2024 година.

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела и тоа како член на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Комисија за уставни прашања и Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и како заменик член во Комисија за надворешна политика и надворешна трговија и Комисијата за образование, наука и спорт . Член е и на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Член е на Националниот совет за евроинтеграции.

Заменик член е на Делегација на Собранието во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација а што се однесува на билатералната соработка претседател е на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Решпублика Грција и член е на Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел и Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска.

**1. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Потпретседателката на Собранието, Весна Бендевска, оствари средба со Касандра Фернандо, претседателка на Групата за пријателство со Република Северна Македонија во Парламентот на Австралија. (30 јули 2024)
- Средба на поранешните конгресмени Дејвид Скагс и Бил Флорс, како и претставниците од администрацијата на американскиот Конгрес и на ИРИ со претседателот на Собранието Африм Гаши и со потпретседателите Антонијо Милошоски, Весна Бендевска и Јован Митрески (12 ноември 2024)

**2. Учество на конференции и други меѓународни средби и свечености по повод значајни датуми**

- Потпретседателката на Собранието, Весна Бендевска, се обрати на отворањето на 54 интернационален Фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ во Битола (29 јули 2024)
- Собраниска делегација, предводена од потпретседателката Весна Бендевска, положи свежо цвеќе во Меморијалниот центар АСНОМ во Пелинце (2 август 2024)
- Присутност на потпретседателката на Собранието, Весна Бендевска на свеченото промовирање и пуштање во употреба на заштитената соба и заштитениот простор- т.н. глува или тивка соба. (21 октомври 2024)
- Учество на потпретседателката на Собранието, Весна Бендевска на Јавна расправа на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, по работните верзии на Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници. (28 октомври 2024)
- Учество на потпретседателката на Собранието, Весна Бендевска во формирањето на Интерпартиска парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со попреченост, во својство на потпретседавач на групата (30 октомври 2024)
- Во организација и на покана од мисијата на ОБСЕ во Скопје, во хотел Александар Палас, потпретседателката Весна Бендевска имаше воведно обраќање за „Учество на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот со Република Северна Македонија“. (27 ноември 2024),

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени девет собраниски службеници, од кои сите девет се со високо образование. Тесна соработка и вклученост во работењето на Секторот во дел од мултилатералните и билатералните активности и изготувањето на стручни материјали од доменот на меѓународната соработка остварува и еден собраниски државен советник за меѓународна соработка, со високо образование.*

*Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија (бр.01-565/1 од 29.01.2021 г.), во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:*

- *професионално и навремено реализирање на активностите на пратениците-членови на делегациите на Собранието на Република Северна Македонија од аспект на претставувањето на Собранието во парламентарната димензија на меѓународните мултилатерални организации;*
- *стручна поддршка на работата на делегациите на Собранието во меѓународните парламентарни собранија, пратеничките групи на Собранието за билатерална парламентарна соработка и останатите ад -хок делегации, кои се реализираат во традиционален или виртуелен формат;*
- *меѓународна кореспонденција и стручна подготовка на претседателот на Собранието за учество на меѓународни настани и за средби во земјата со меѓународни претставници;*
- *подготовка на потсетници, извештаи, белешки и соопштенија од учества на меѓународни настани, како и годишни и мандатни извештаи од работата на Секторот;*
- *стручна подготовка на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Северна Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.*

***************

**Правна рамка за меѓународната соработка на Собранието**

- Деловник на Собранието на Република Северна Македонија
- Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија
- Одлуки за персонален состав на делегациите и пратеничките групи за билатерална соработка

На седницата одржана на 30 септември 2020 година, Собранието донесе „Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ број 237/2020). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Парламентарното собрание на НАТО, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, ПС на Медитеранот и ПС на ПСЈИЕ. Персоналниот состав на делегациите беше избран на седницата одржана на 23 декември 2020 година. (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 310/20).

Врз основа на „Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација“ (Службен весник на Република Македонија број 88/04) и Одлуката за измена на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација“ (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 289/20), се основа и Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Согласно “Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија” (“Службен весник на РСМ” број 237/2020 и број 310/20), се основаше Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата и се утврди дека истата се состои од шеф и најмногу четири членови. Врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) и со Одлука на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија (донесена на 13 октомври 2020 година) и во овој мандат е формирана Секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови, врз основа на Правило 11, е избрана и делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Согласно “Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија” (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 310/20), се формираше Делегација во Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (ПАБСЕК), која се состои од шеф и тројца членови. Персоналниот состав на оваа делегација се утврди на седницата на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 29 јули 2021 година (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 173/21).

Согласно “Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија” (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 310/20), Делегацијата на Собранието во ИПСП (двајца пратеници од православна вероисповест) се утврдува со официјално писмо од претседателот на Собранието, упатено до претседателот на Организацијата.

**Вкупниот број на делегации изнесува 11 (единаесет).**

На седницата одржана на 23 јули 2024 година Собранието донесе Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави (Службен весник на Република Северна Македонија број 153/24) и се основаа **вкупно 51 пратенички групи за соработка** со парламенти на други држави и тоа со: Исламска Република Авганистан; Австралија и Нов Зеланд; Република Австрија; Република Албанија; Република Азербејџан; Балтичките земји: Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија; Кралството Белгија; Босна и Херцеговина; Република Бугарија; земјите од Блискиот Исток и Арапскиот залив; Сојузна Република Германија; Република Грција; Република Грузија, Кралството Данска; Индија, Република Индонезија; Државата Израел; Исламската Република Иран; Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка; Италија; Јапонија; Канада; Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Туркменистан; Народна Република Кина; Република Косово; земјите од Латинска Америка и од Карибите; Големото Војводство Луксембург; Република Малта и Република Кипар; Монголија; Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска; Република Полска; Португалската Република; Романија; Руската Федерација; САД; Словачката Република; Република Словенија; Република Србија; Република Турција; Украина; Унгарија; Република Финска; Француската Република; Кралството Холандија; Република Хрватска; Црна Гора; Чешката Република; Швајцарската Конфедерација; Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Марија Петрушевска
**Членови:** г.--ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска и г. Беким Ќоку
**Заменици-членови:** г-ѓа Иванка Василевска, г-ѓа Сања Лукаревска и г. Садула Дураки

Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 46 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал, и сл.);
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите, каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, девет постојани комисии, како и шест политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно **612 членови, од кои 306 се членови и 306 заменици-членови**, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина, Мароко, Јордан и Киргистан со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Северна Македонија учествува во работата на ПС СЕ од 1993 година, кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Северна Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите, по правило, учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), предводена од г-ѓа Марија Петрушевска, а во чиј состав се и членовите г. Беким Ќоку и г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска, учествуваа на редовната Есенска сесија на ПССЕ, која се одржа од 30 септември до 4 октомври 2024 година во Стразбур, Француската Република, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на делегацијата.

На состанокот на Бирото на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на предлог на Политичката партија на Европските народни партии, шефицата на Делегацијата на Собранието, г-ѓа Марија Петрушевска, беше избрана за членка на Мониторинг комисијата.

2. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија составена од пратениците г-ѓа Лидија Петкоска, г-ѓа Бисера Костадиновска Стојчевска, г. Беким Ќоку и г-ѓа Даниела Белимова на 10 и 11 октомври 2024 година, учествуваше на состанокот на Поткомитетот за Западен Балкан, кој е дел од Комитетот за политички прашања и демократија, во рамките на ПССЕ, што се одржа во Белград, Република Србија.

3. Г-ѓа Марија Петрушевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Совет на Европа (ПССЕ), учествуваше на седницата на Постојаниот комитет на ПССЕ, што се одржа на 29 ноември во Луксембург, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

4. Г. Беким Ќоку, член на Делегацијата, учествуваше на седницата на Комисијата за култура, наука, образование и медиуми, во својство на заменик-член на Комисијата, што се одржа на 3 и 4 декември во Париз, Француската Република, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

5. Пратеникот г. Беким Ќоку учествуваше и на Конференцијата на тема: “Борбата на Советот на Европа против злоупотреба на децата во институциите на Европа“, која се одржа на 6 декември во Стразбур, Француската Република, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

6. Пратеничката г-ѓа Бисера Костадиновска-Стојчевска учествуваше на состанокот на Комисијата за правни прашања и човекови права, што се одржа на 9 и 10 декември 2024 г. во Националното Собрание на Република Ерменија, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

7. На редовниот годишен состанок на секретари на делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 16 декември 2023 година во Париз, Француската Република, учествуваше г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ**

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Моника Зајкова
**Членови:** г. Никола Мицевски и г. Халил Снопче
**Заменици-членови:** г-ѓа Ели Панова, г. Бобан Карапејовски и г-ѓа Дијана Тоска.

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната димензија на ОБСЕ. Во него членуваат **323 членови** на парламентите од **57 држави членки** на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

**Главни задачи** на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така, се стреми кон остварување на следниве **цели**, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите учеснички, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во земјите учеснички и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ. Собранието обезбедува форум за парламентарна дипломатија, набљудување на избори и зацврстување на меѓународната соработка за исполнување на заложбите во врска политичките, безбедносните, економските прашања, прашањата за човековите и права и животната средина.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. Пратеникот Халил Снопче, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), учествуваше на 31. годишна сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 29 јуни до 3 јули 2024 година во Букурешт, Романија, во придружба

на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата.

2. Делегација на Собранието во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), во состав: г-ѓа Моника Зајкова, шеф на Делегацијата, г. Халил Снопче и г. Никола Мицевски, членови на Делегацијата, учествуваше во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на парламенарните избори во Азербејџан, што се одржаа на 1 септември 2024 г., во придружба на ко-секретарот на Делегацијата, г-ѓа Лидија Каракамчева.

3. Пратеничката г-ѓа Моника Зајкова, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), учествуваше на Состанокот на Мрежата на млади парламентарци на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 4 до 6 септември 2024 година во Ставангер, Норвешка, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата.

4. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во состав г-ѓа Моника Зајкова, шеф на Делегацијата и г. Бобан Карапејовски, член, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, учествуваше на Вториот состанок на Меѓупарламентарниот форум на Делегациите од Југоисточна Европа во ПС на ОБСЕ, што се одржа од 18 до 20 септември 2024 година во Подгорица и Будва, Црна Гора.

5. Делегацијата во ПС на ОБСЕ во состав: г-ѓа Моника Зајкова, шеф на Делегацијата, г. Халил Снопче, член и г-ѓа Ели Панова, заменик член учествуваа на 22. Есенска сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 2 до 4 октомври 2024 година во Даблин, Ирска, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, ко-секретар на Делегацијата.

6. Пратениците г-ѓа Моника Зајкова, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), г. Никола Мицевски и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, учествуваа во Мисијата на ПС на ОБСЕ за набљудување на изборите во САД, што се одржаа на 5 ноември 2024 година.

7. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Африм Гаши, на 12 ноември 2024 година оствари средба со г. Јан Борг, претседавач на ОБСЕ, заменик-претседател на Владата и министер за надворешни и европски работи и трговија на Малта, во рамките на неговата работна посета на земјава. На средбата присуствуваа пратениците: г-ѓа Моника Зајкова, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ; г. Никола Мицевски и г. Халил Снопче, членови на Делегацијата, г-ѓа Марина Димовска, генерална секретарка на Собранието и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г. Драган Ковачки
**Членови:** г. Беким Сали
и г-ѓа Славјанка Петровска
**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски,
г. Илир Хасани
и г. Благој Бочварски.

ПС на НАТО има 281 делегат од 32 земји-членки на НАТО, делегати од 11 асоцијативни земји членки, од Европскиот

парламент, од 4 регионални партнери и од Медитеранските асоцијативни земји членки, како и парламентарни набљудувачи од 7 други земји и 2 парламентарни собранија (ПС на ОБСЕ и ПС на СЕ) и делегација од ЕП, кои исто така, земаат учество во активностите на Собранието. Делегатите на ПС на НАТО се номинираат од националните парламенти, во согласност со нивните процедури, врз основа на партиската застапеност, така што ПС на НАТО застапува широк спектар на политички мислења.

Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се: охрабрување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања; привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа; пренесување колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки; подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

**ПС на НАТО брои 281 члена,** има пет постојани комитети, осум поткомитети, Интерпарламнетарен совет НАТО-Украина и Специјална група за Медитеранот.

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО има статус на полноправен член од 27 март 2020 година (после 25 години статус на асоцијативен член кој го имаше уште од 1995 година) и брои тројца членови и тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. Во пресрет на Самитот на НАТО, посветен на одбележувањето на 75-годишнината од постоењето на Алијансата, на иницијатива на Претседателот на Претставничкиот дом на Конгресот на САД, Мајк Џонсон и нивната Делегација во ПС на НАТО, на 9 јули 2024 година во Вашингтон се одржа Парламентарен Самит на ПС НАТО, на кој учествуваа претседателите/спикерите на

парламентите на земјите-членки на НАТО и шефовите и замениците-шефови на делегации. Од Собранието на Република Северна Македонија учествуваше г. Африм Гаши, претседател на Собранието на РС Македонија, при што имаше и свое обраќање.

По завршувањето на Парламентарниот Самит, шефовите и замениците-шефови на делегациите одржаа Специјален состанок на Постојаниот комитет, на кој се усвоија статутарни и деловнички промени, со кои се формираше привремено врвно раководство на ПС НАТО, поради одредени кариерни промени кај досегашното. На состанокот учествуваше пратеникот заменик-шефот на Делегацијата, г. Миле Талевски, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

Во рамки на активностите поврзани со НАТО Самитот на шефовите на држави и влади на НАТО по повод 75-годишнината од Алијансата, на 10 и 11 јули 2024 година во Вашингтон паралелно се одржа НАТО Јавен Форум со бројни учесници на глобално ниво, на кој учествуваше заменик-шефот на Делегацијата, г. Миле Талевски.

2. Во заедничка организација на ПС на НАТО и Сејмот и Сенатот на Република Полска, на 16 и 17 септември 2024 година, во Варшава се одржа 106-от Рос-Рот семинар на тема: "Силна одбрана и демократска отпорност: Полска, адаптацијата на НАТО и идната европска безбедност", на кој учествуваа пратениците: г. Драган Ковачки - шеф на Делегацијата во ПС на НАТО, г. Беким Сали и г-ѓа Славјанка Петровска - членови на Делегацијата, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

3. На заедничките состаноци и теренската посета на Политичкиот комитет и Комитетот за демократија и безбедност на ПС на НАТО, од 14 до 16 октомври 2024 година во Атина и Хања (Крит), Република Грција, учествуваше шефот на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на НАТО, г. Драган Ковачки, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

4. Во заедничка организација на Парламентарното собрание на НАТО и НАТО, на 4-5 ноември 2024 година, се одржа редовниот брифинг за новоизбрани пратеници во седиштето на Алијансата во Брисел. На состанокот учествуваа пратеници од 9 земји членки и 5 асоцијативни делегации, кои за прв пат се дел од телата на Парламентарното собрание, меѓу кои и Делегацијата од Собранието во состав: г. Драган Ковачки - шеф на Делегацијата во ПС на НАТО, г. Беким Сали и г-ѓа Славјанка Петровска - членови на Делегацијата, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

5. Претседателот на Собранието на РС Македонија, г. Африм Гаши, на иницијатива на Одделот за јавна дипломатија во НАТО, предводеше Делегација од пратеници во работна посета на НАТО. Во Делегацијата беа координаторите на Пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, г. Никола Мицевски и г. Оливер Спасовски; заменик-координаторите на ВРЕДИ и ДУИ, г-ѓа Мерита Колчи-Коџаџику и г-ѓа Арбана Пашоли; пратеникот од ЗНАМ, г. Павле Арсоски и шефот на Делегацијата на Собранието во ПС НАТО, г. Драган Ковачки, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата на Собранието во ПС НАТО.

6. На Годишната сесија на Парламентарното собрание на НАТО, која се одржа од 22-25 ноември 2024 г. во Монтреал, Канада, учествуваше Делегацијата на Собранието во ПС НАТО во состав: г. Драган Ковачки, шеф на Делегација и пратениците г. Беким Сали и г-ѓа Славјанка Петровска, членови на Делегацијата, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, ко-секретар на Делегацијата.

7. Во рамките на редовните годишни активности на ПС на НАТО, на Годишниот 24.Трансатлантски парламентарен форум, што во заедничка организација на ПС на НАТО, Националниот одбранбен универзитет на САД и Атлантскиот совет се одржа на 9 и 10 декември 2024 година во Вашингтон, САД, учествуваше Делегацијата на Собранието во ПС НАТО во состав: г. Драган Ковачки, шеф на Делегацијата, г. Беким Сали и г-ѓа Славјанка Петровска, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Африм Гаши

**Членови:** г. Никола Мицевски,
г. Халил Снопче, г. Бојан Карапејовски,
г.Оливер Спасовски, г. Борислав Крмов
г. Блерим Беџети и
г-ѓа Марина Димовска.

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни органи-зации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 181 национални парламенти, а 15 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Северна Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на

меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија, во чиј состав се пратениците г. Сергеј Попов, г-ѓа Мимоза Муса и г. Љупчо Николовски, учествуваа на 10. глобална Конференција за млади парламентарци, што се одржа од 12 до 14 септември 2024 година во Ереван, Ерменија, во придружба на г.Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

2. На 149. Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ), што се одржа од 13 до 17 октомври 2024 година во Женева, Швајцарска Конфредерација, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ИПУ во состав: г. Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија и шеф на Делегацијата и пратениците г-ѓа Дафина Стојаноска, г. Фатмир Битиќи, г-ѓа Арбана Пашоли, г. Халил Снопче, г. Бобан Карапејовски и г.Борислав Крмов, членови на Делегацијата, како и генералната секретарка г-ѓа Марина Димовска, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Рина Ајдари
**Членови:** г-ѓа Рашела Мизрахи и г-ѓа Калтрина Беќири
**Заменици-членови:** г-ѓа Бети Стаменковска Трајковска, г. Миле Лефков и г-ѓа Славјанка Петровска.

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија.

Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Северна Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој,

зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ), во состав од пратениците: г-ѓа Рина Ајдари, шеф на Делегацијата, г-ѓа Рашела Мизрахи и Калтрина Беќири, членови, учествуваше на Есенската сесија на Парламентарното собрание на ЦЕИ, што се одржа на 1 октомври 2024 година во Тирана, Република Албанија, во придружба на ко-секретарот на делегацијата г-ѓа Татјана Поповска.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г.Ѓорѓија Сајковски
**Членови:**г. Енес Ибраим, г. Абдула Салиу
**Заменици-членови:** г-ѓа Марија Георгиевска, г-ѓа Иванка Василевска и г. Бедри Фазли

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како наследник на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно член 6 став 1 од Статутот, "Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Северна Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието".

Земји-членки (31) на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Малта, Мавританија, Монако, Црна Гора, Мароко, Северна Македонија, Палестина,

Португалија, Катар, Романија, Сан Марино, Србија, Словенија, Сирија, Тунис, Турција и ОАЕ. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а партнерски држави се: Бахреин, Бугарија, Грузија, Саудиска Арабија, Кувајт, Молдавија, Швајцарија, Украина, Обединетото Кралство и САД. ПСМ има поштишано договори за соработка со: ЕУ, ОБСЕ, ЕП, ПС ОБСЕ, ПС НАТО, ПАБСЕК, Пан-Африканскиот парламент, ИПС на Православието, Арапската ИПУ, ТуркПА, ПС на Унијата за Медитеранот, ЕБРД, повеќе форуми на ОН, како и многубројни универзитети ширум светот.

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите-членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела, на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Собранието на Република Северна Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

Во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година Делегацијата немаше активности.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Африм Гаши

**Членови:** г.Петар Ристески, г-ѓа Мимоза Муса, г. Илир Демири и г.Фатмир Битиќи

**Заменици-членови:** г. Павле Арсовски, г.Тони Јаревски, г. Исмаил Јахоски и г, Борче Цветков.

Парламентарно собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и понатамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за

меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

- Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

- Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

- Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Советот за регионална соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

- Интензивирање на парламентарните дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондации.

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Северна Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сè заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. На 19 и 20 јуни 2024 година во Собранието се одржа 11. Пленарна сесија на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, на која присуствуваа парламентарци од единаесет парламенти. Во рамките на сесијата седници одржаа Генералните комисии за економија, инфраструктура и енергетика; за социјален

развој, образование, истражување и наука; за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, како и Седница на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ. Оваа сесија беше последен настан во рамките на нашето претседавање со ПСЈИЕ, откако земјава го презеде претседавањето во јули 2023 година. Целта беше градење добрососедски односи, со што се зацврстува стабилноста и безбедноста на Регионот, кои се основните постулати на основачката Повелба на Процесот од Букурешт.

На сесијата учествуваа: г. Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија и на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ, кој претседаваше со Пленарната сесија, пратениците: г. Антонијо Милошески, претседавач со Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, г. Фатмир Битиќи, претседавач со Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергетика, Дијана Тоска, Павле Арсоски и Мимоза Муса, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, национален координатор и г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор.

2. Пратеникот Петар Ристески, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), учествуваше на Седницата на Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 10 и 11 декември 2024 година во Тирана, во рамките на Албанското претседателство со ПСЈИЕ, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска,заменик - национален координатор во ПС ПСЈИЕ.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Бети Стаменкоска Трајкоска

**Членови на Делегацијата:** г. Муса Џафери г-ѓа Драгана Бојковска и г-ѓа Саранда Имери Стефаи.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, кои што се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова Собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на

образованието и комуникациите во франкофонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 88 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат четири комисии: за политички прашања; за образование, комуникациии и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања, четири регионални собранија: Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа, Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберколоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Собранието во Парламентарното собрание на Франкофонијата за прв пат основало Секција во ПС на Франкофонијата во јануари 2001 година. Во овој парламентарен состав претседателот на Собранието на Република Северна Македонија на 13 октомври 2020 година во име на пратениците кои го користат или се служат со францускиот јазик донесе Одлука за основање на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на Франкофонијата.

Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 13 и 14 октомври 2020 година. Секцијата брои девет членови, Бирото на Секцијата шест членови, а Делегацијата четири членови.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. По повод 5 октомври, Светскиот ден на учителот, Делегација на Секцијата на Собранието во ПС на Франкофонијата на 17 октомври 2024 г. оствари посета на билингвалните паралелки на француски јазик во Гимназијата Гоце Делчев во Куманово. Делегацијата беше во состав од пратеничките: г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, претседателка на Секцијата и г-ѓа Драгана Бојковска, членка на Секцијата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата. Во придружба на Делегацијата беше г. Кристоф Ле Риголер, амбасадор на Француската Република во Република Северна Македонија.

2. Членовите на Франкофонската секција на Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска и г.Муса Џафери, учествуваа на 36. Сесија на Регионалното собрание за Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, во Приштина, Косово, од 11 до 13 ноември 2024 година во придружба на г.Агим Сулејмани, во својство на секретар на Делегацијата.

3. Шефот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, Бети Стаменкоска-Трајкоска, учествуваше на Ателје за жени лидерки, од 24-30 ноември 2024 година во Париз, Француската Република.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ПРАВОСЛАВИЕТО (ИПСП)

**Шеф на Делегацијата:** г. Миле Талевски
**Член на Делегацијата:** г-ѓа Иванка Василевска

Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПСП) е меѓународна политичка организација основана во 1993 година, со седиште во Грчкиот парламент во Атина. Оваа иницијатива произлезе од Парламентот на Република Грција, а во моментов членовите на ИПСП се официјални парламентарни делегации, како и групи или одделни пратеници од триесет парламенти од целиот свет.

Целта на организацијата е да развие повеќеслојна политичка и културна соработка во насока на поттикнување на контакти и проширување на односите на доверба, разбирање на современите политички феномени и општествени трендови и истакнување на елементите на православието како позитивно влијание на меѓусебното разбирање меѓу културите. Затоа постојат два столба на кои се заснова ИПСП: од една страна одбрана на независниот парламентаризам и од друга страна ширење и консолидирање на принципите и вредностите на православната христијанска традиција. Секоја активност на ИПСП е фокусирана на оние кои страдаат.

Последното 27.годишно Генерално Собрание на ИПСП поради исклучителни околности предизвикани од пандемијата на Ковид 19 се одржа во виртуелен формат на 17 септември 2020 година. Во рамките на ова Генерално Собрание Собраниетоа на Република Северна Македонија доби покана за прв пат официјално да учествува во неговата работа со свои претставници, но и покана Собранието да делегира постојана делегација во ИПСП. Врз основа на добиената покана за полноправно членство и постигнатиот општ политички консензус меѓу парламентарните политички партии, следеше соодветна измена на “Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 310/2020), по што за прв пат се делегираа двајца пратеници од Собранието на Република Северна Македонија за членови во Интер-парламентарното собрание на Православието.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. На покана на Генералниот секретар на Интерпарламентарното Собрание на Православието (ИПС на Православието), шефот на Делегацијата на Собранието во ИПСП, пратеникот г. Миле Талевски, на 14 септември 2024 година присуствуваше на состанокот со Вселенскиот Патријарх Вартоломеј во Истанбул, Туркије, во придружба на г-ѓа Татјана Поповска, ко-секретар на Делегацијата.

## ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ЦРНОМОРСКА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА (ПАБСЕК)

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Благица Ласовска

**Членови на Делегацијата:** г. Садик Сулејмани, г. Скендер Реџепи и г. Благој Бочварски

Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК), беше креирано како резултат на големите политички промени во доцните 1980-те години, кога нациите на регионот на Црното море повторно се појавија на светската сцена. Потрагата на земјите од регионот за начините на соочувањето со предизвиците во врска со националниот развој и европската интеграција, го трасираше патот за комбинирање на нивните напори за претварање на Регионот на Црното море во регион на стабилност, просперитет и мир. Искористувајќи ги заедничките именители како што се географската близина и заедничкото културно и историско наследство, земјите од регионот го забрзаа воспоставувањето билатерални и мултилатерални односи.

Декларацијата на Самитот за Црноморска економска соработка и изјавата од Босфор, потпишана во Истанбул, на 25 јуни 1992 година, ги дефинира основните принципи и целите на Црноморската економска соработка (БСЕЦ), со што формално се воведува нов процес на регионална соработка со учество на единаесет земји: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Бугарија, Грузија, Грција, Република Молдавија, Романија, Руската Федерација, Турција и Украина. Србија и Црна Гора се приклучија на ПАБСЕК во 2004 година, со што станаа дванаесеттата земја-членка. Во 2006 година, откако Црна Гора ја прогласи својата независност, Република Србија стана правен наследник на поранешната држава, и во БСЕК и во ПАБСЕК.

Работни јазици на Собранието се англиски, француски, руски и турски. Официјален јазик на документите и кореспонденцијата на ПАБСЕК е англискиот јазик.

Главни тела се: **Генералното собрание,** кое се состанува два пати годишно во редовна пленарна сесија (пролет и есен); **Постојан комитет,** кој се состои од Претседателот на Собранието, Заменици на претседателот на Собранието, претседателите на трите комисии и шефовите на националните делегации; **Биро на Собранието,** кое се состои од Претседателот и шест потпретседатели; **Комисии** - Собранието има три специјализирани комисии: **Комисија за економска и развојна политика; Комисија за правни прашања и меѓународна соработка и Комисија за социјална и хуманитарна политика.**

Меѓународниот секретаријат на ПАБСЕК е со седиште во Истанбул, Туркије. Меѓународниот секретаријат е извршно и техничко тело за централна комуникациска врска помеѓу парламентарните делегации на ПАБСЕК, помеѓу БСЕК и неговите поврзани

тела и Парламентарното собрание и помеѓу ПАБСЕК и другите институции и меѓународните организации. Меѓународниот секретаријат е предводен од Генерален секретар.

Собранието на Република Северна Македонија стана полноправна членка на седницата на Генералното собрание на ПАБСЕК, што се одржа виртеулно на 22 јуни 2021 г. во организација на молдавскиот парламент-земја претседавач со ПАБСЕК.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

1. Шефицата на Делегацијата на ПАБСЕК во Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Благица Ласовска, учествуваше на Меѓународниот форум на Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморската економска соработка (ПАБСЕК), кој се одржа на 28 и 29 септември 2024 година, во Ризе, Република Туркије, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

2. Шефицата на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка, г-ѓа Благица Ласовска, предложена од ПАБСЕК, учествуваваше во набљудувањето на парламентарните избори во Букурешт, Романија, од 29 ноември до 2 декември 2024 година, во придружба на г-ѓа Блета Биљали Ајети, ко-секретар на Делегацијата.

3. Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПАБСЕК предводена од г-ѓа Благица Ласовска, Шефица на Делегацијата, а во чиј состав беше и г. Садик Сулејмани, член на Делегацијата, учествуваше на Генералното собрание на ПАБСЕК што се одржа на 11 и 12 декември во Ереван, Ерменија, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Претседател на Делегацијата:** г-ѓа Иванка Василевска

**Потпретседатели:** г-ѓа Марја Петрушевска и г-ѓа Соња Мираковска

**Членови на Делегацијата:** г-ѓа Жаклина Пешевска, г. Игор Здравковски, г-ѓа Благица Ласовска, г, Бобан Карапејовски, г-ѓа Саранда Имери Стефаи, г-ѓа Славјанка Петровска, г.Благој Бочварски, г-ѓа Арбана Пашоли, г-ѓа Илире Даути и г. Амар Мециновиќ,

**Заменици членови:** г-ѓа Весна Бендевска, г-ѓа Марија Митева, г.Никола Мицевски, г. Садик Сулејмани, г-ѓа Дафина Стојановска, г-ѓаБисера Костадинова Стојчевска, г.Фатмир Битиќи, г-ѓа Дијана Тоска, г.Сали Мурати и г.Реџеп Исмаил

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Северна Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Северна Македонија во Комитетот

е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседтели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Северна Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија - РСМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Северна Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Северна Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година**

Во периодот од 28 мај 2024 година до 31 декември 2024 година Делегацијата немаше активности.

## 6.2.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Студиски програми**

1. Во насока на јакнење на капацитетите на собраниската служба, г-ѓа Лидија Каракамчева, Раководител на Секторот за меѓународна соработка, учествуваше во Програма за организацијата на парламентарната работа, која се одржа од 5 до 16 ноември 2024 година во Париз, Француската Република, во заедничка организација на Националното Собрание и Сенатот на Француската Република.

## 6.3.БИЛАТЕРАЛА

1. Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Австралија и со Парламентот на Нов Зеланд, на 30 јули 2024 година оствари средба со Касандра Фернандо, претседателка на Групата за пријателство од Парламентот на Австралија. На средбата присуствуваа пратениците: г.Љупчо Пренџов, претседател на Групата, г-ѓа Грациела Бакрачевска, г-ѓа Рина Јадари и г-ѓа Калтрина Беќири, членови на Групата, како и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на групата.

Госпоѓата Касандра Фернандо оствари средба и со г-ѓа Весна Бендевска, потпретседател на Собранието и г-ѓа Марина Димовска, генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваа службениците: г-ѓа Ана Качакова, собраниски државен советник за меѓународна соработка, како и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на групата.

2. Претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, Олга Лозановска, на 3 септември 2024 година одржа средба со вршителот на должност амбасадор на Народна Република Кина, Шу Леи, на која присуствуваше и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на групата.

3. Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Твоја Македонија“, г. Никола Мицевски, на 12 септември 2024 година во Собранието одржа средба со амбасадорката на Република Северна Македонија во Обединетото Кралство, г-ѓа Катерина Ставреска. На средбата присуствуваше и г-ѓа Ана Качакова, секретар на ПГ за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство.

4. Претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на РСМ за соработка со парламентите на земјите од Латинска Америка и Карибите на 13 септември 2024 година остварија средба со амбасадорката на Куба за земјава, со седиште во Софија, г-ѓа Гарсија Хордан. На средбата присуствуваа пратениците: г.Кире Божиновски, претседател на Групата, г-ѓа Соња

Мираковска, г-ѓа Рашела Мизрахи и г. Амар Мециновиќ, членови на Групата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, во својство на секретар на групата.

5. Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Хрватска на 19 септември 2024 година оствари средба со хрватската амбасадорка г-ѓа Нивес Тигањ. На средбата присуствуваа пратениците: г-ѓа Благица Ласовска, претседателка на Групата, г. Димитар Ковачевски, г.Бране Петрушевски, г-ѓа Силвана Ангелевска и г.Сали Мурати, членови, како и г-ѓа Татјана Поповска, во својство на секретар на групата.

6. Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, г. Никола Мицевски, на 25 септември 2024 година оствари средба со амбасадорот на Република Туркије, Н.Е. г. Фатих Улусој.

7. Пратеникот Сали Мурати од Движењето на Турците на Македонија за правда и демократија - Европски Фронт на 25 септември 2024 година оствари средба со амбасадорот на Република Туркије, Н.Е. г. Фатих Улусој.

8. Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Африм Гаши, во придружба на пратениците: г. Бејџан Иљас, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Туркије, г. Никола Мицевски, г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику и г. Беким Сали, г. Оливер Спасовски, од 2 до 5 октомври 2024 година претстојуваше во официјална посета на Република Туркије, на покана од г. Нуман Куртулмуш, претседател на Големото национално собрание на Туркије, Во придружба на Делегацијата беше и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на групата.

9. Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија, г. Сашо Донев на 3 октомври 2024 година во Собранието оствари средба со амбасадор на оваа земја во Скопје, г.Оцука Казуја. На средбата беа присутни и членовите на Групата г. Илир Хасани и г. Пеце Милевски, како и г-ѓа Татјана Поповска, секретар на групата.

10. Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Кралството Шведска на 4 октомври 2024 година во Собранието оствари средба со шведската амбасадорка г-ѓа Ами Ларсон Џеин. На средбата присуствуваа пратениците: г-ѓа Дафина Стојаноска, претседателка на Групата, г.Александар Велјановски, г.Миле Лефков, г-ѓа Илире Даути и г-ѓа Даниела Белимова, како и секретарот на групата, г-ѓа Марија Стефанова.

11. На 7 октомври 2024 година во Собранието се одржа Првата седница на Интерпартиската парламентарна Група (ИППГ) за поддршка на Кримската платформа. На седницата се обрати и амбасадорката на Украина, Н.Е. Лариса Дир; потпретседателот на Собранието, г. Антонијо Милошоски, потпретседателот на Собранието, г. Јован Митрески и во име на потпретседателката на Собранието, г-ѓа Весна Бендевска се обрати пратеникот г. Павле Арсоски.

12. Пратеничката г-ѓа Олга Лозановска, во својство на претседателка на Пратеничката група за соработка на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, како дел од Делегација на високи функционери од Источна и Централна Европа, од 12-19 октомври 2024 година учествуваше на редовната годишна размена во рамките на соработката меѓу Кина и земјите од Источна и Централна Европа, на лична покана од Секретаријатот на иницијативата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на групата.

13. Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентите на: Република Казахстан, Киргистанска Република, Република Таџикистан, Република Узбекистан и Туркменистан, на 25 октомври 2024 година во Собранието оствари средба со казахстанскиот амбасадор, Садбалди Бурашов. На средбата присуствуваа пратениците: г. Никола Коњановски, претседател на Групата, г. Бејџан Илјас, г-ѓа Силвана Ангелевска, г. Салим Сулејмани, г-ѓа Јована Мојсоска и г-ѓа Дијана Илиевска, членови, како и г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на групата.

14. Претседателот на Собранието, г. Африм Гаши, на 30 октомври 2024 година оствари средба со г. Тафик Ф. Алрабија, министер за аџилак на Кралството Саудиска Арабија. На средбата присуствуваше и пратеникот г. Салим Сулејмани, претседател на ПГ на Собранието за соработка со парламентите на земјите од Блискиот исток и Арапскиот залив, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на групата.

15.Претседателката на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Индонезија, г-ѓа Моника Трајанова и г-ѓа Велика Стојкова-Серафимовска, членка на Групата, на 31 октомври 2024 година остварија средба со почесниот конзул од нашата земја за Индонезија, г. Сашко Кедев. На средбата присуствуваше и г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на групата.

16. Претседателот на Собранието, г.Африм Гаши, на 13 ноември 2024 година оствари возвратна посета на Република Албанија, предводејќи делегација составена од пратеничките г-ѓа Јулија Тушевска и г-ѓа Фериде Хаџиу, членки на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Албанија, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, во својство на секретар на пратеничката група.

17. Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Чешката Република на 21 ноември 2024 година во Собранието оствари средба со Делегација на Комисијата за надворешни работи од Домот на пратеници од Парламентот на Чешка. На средбата присуствуваа пратениците: г. Блерим Беџети, претседател на Групата, г-ѓа Велика Стојкова Серафимовска, г. Јован Јаулески, г. Зоранчо Јованчев, г. Садик Сулејмани и г. Даниел Стојчевски, членови на Групата, Чешкиот амбасадор г.Јарослав Лудва, како и г-ѓа Татјана Поповска, во својство на секретар на групата.

18. Пратеникот г.Љупчо Пренџов, претседател на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Австралија и со Парламентот на Нов Зеланд на 21 ноември 2024 година во Собранието оствари средба со амбасадорот на Австралија за Северна Македонија, со

седиште во Белград, г. Даниел Емери. На средбата присуствуваше и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на групата.

19. Во рамки на официјалната посета на Претседателот на Собранието г.Африм Гаши на Република Косово, Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Косово на 25 ноември 2024 година во Приштина оствари средба со Групата за пријателство на Собранието на Косово со Собранието. На средбата присуствуваа пратениците: г-ѓа Имрлије Салиу-Фетаи, претседателка на Групата и г. Тони Јаревски, член на групата.

20. Во рамките на официјалната посета на претседателот на Собранието, г. Африм Гаши, на Кралството Шведска на 2 и 3 декември 2024 година, во составот на Делегацијата беа пратениците: г-ѓа Дафина Стојаноска, Претседател на Пратеничката група на Собранието за сорбаотка со Парламентот на Кралството Шведска, г. Беким Сали, член на Групата и г. Митко Трајчулески, како и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на групата.

21. На 10 декември 2024 г. во Собранието се реализираше средба на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија и делегација од германскиот Бундестаг. На средбата присуствуваа претседателот на Групата за соработка, г. Антонијо Милошоски, и членовите на групата: г.Венко Филипче, г. Никола Мицевски, г-ѓа Иванка Василевска, г-ѓа Ели Панова и г. Сашко Јанчев, како и д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на групата.

22. Во рамките на работната посета на Француската Република на Претседателот на Собранието, г. Африм Гаши, што се реализираше од 17-19 декември 2024 година во составот на делегацијата беа и пратениците: г-ѓа Бети Стаменкоска-Трајкоска, г. Борче Цветков и г-ѓа Саранда Имери Стафаи, членови на ПГ за соработка со Парламентот на Француската Република, во придружба на д-р Маријана Опашинова Шундовска, секретар на групата.

23. Претседателот на Големото национално собрание на Туркије, г. Нуман Куртулмуш, со група пратеници, од 21 до 23 декември 2024 година оствари возвратна официјална посета на Република Северна Македонија, на покана од г. Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија. На средбите беа присутни и пратениците: г.Бејџан Иљас, претседател на Пратеничката група за соработка, г. Никола Мицевски, г. Фатмир Битиќи, г-ѓа Мерита Колчи Коџаџику и г.Мевмед Џафери, членови на Пратеничката група, -г-ѓа Марина Димовска, генерален секретар на Собранието и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на пратеничката група.

# 7.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

## 7.1. Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| 11. Пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ **(18-20 јуни 2024)** |
| Комеморативна седница по повод смртта на Првиот претседател на Собранието на независна Македонија, г. Стојан Андов **(19 јуни 2024)** |
| Одбележување на Меѓународен ден на бегалци (20 јуни) УНХЦР, обраќање на претседателот **Африм Гаши (24 јуни 2024)** |
| Свечено отворање на Балкански фестивал на народни песни и игри 2024 година во Охрид **(3 јули 2024)** |
| Одбележување на „11 јули - Меѓународен ден на сеќавање на геноцидот во Сребреница“, во организација на Здружение „Диванхана“ и Собранието на Република Северна Македонија **(12 јули 2024)** |
| Конститутивна седница на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на франкофонијата **(15 јули 2024)** |
| Свечено отворање на 54. Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ – Битола **(26 јули 2024)** |
| Одбележување на државниот празник 2 Август – Ден на Републиката во Скопје **(2 август 2024)** |
| Настан: „Прогресот на Република Северна Македонија во Берлин процес - Презентација на акциски планови на Заеднички регионален пазар и Зелена агенда“ - дел од Проектот „Парламентарна демократија: Регионална соработка преку зголемен парламентарен дијалог“, поддржан од МНР на СР Германија **(4 септември 2024)** |
| Традиционален прием по повод 8 Септември – Ден на независноста на Република Северна Македонија **(6 септември 2024)** |

| |
|---|
| Конститутивна седница на Клубот за младински прашања и политики **(10 септември 2024)** |
| Одбележување на Меѓународен ден на демократијата - 15 Септември **(17 септември 2024)** |
| Јавна дебата на Клубот за младински прашања и политики **(19 септември 2024)** |
| Работилница на тема Собранието и граѓанското образование **(4 октомври 2024)** |
| Одбележување на Меѓународниот ден за намалување на ризикот од катастрофи **(8 октомври 2024)** |
| Работилница на Клубот за младински прашања и политики со гости од Горниот дом на парламентот на Велика Британија **(14 октомври 2024)** |
| Презентација на анализата Перцепција на граѓаните за работата на Собранието пред генералниот секретар, раководството и пратеници **(17 октомври 2024)** |
| Одбележување на меѓународниот ден на нематеријално културно наследство од Комисијата за култура **(17 октомври 2024)** |
| Организирана крводарителна акција во Кристална сала во Собранието на РС Македонија **(19 октомври 2024)** |
| Свечено отворање на безбедна соба во Собранието **(21 октомври 2024)** |
| Дебата по повод месецот за свесност за рак на дојка во Република Северна Македонија **(28 октомври 2024)** |
| Организирање на Хакатон **(30 октомври, 31 октомври и 1 ноември 2024)** |
| Констиутивна седница на Интерпарламентарна пратеничка група за лица со попреченост **(30 октомври 2024)** |
| Презентацијата на Годишен извештај 2024 на Европската комисија **(30 октомври 2024)** |
| Едукативен центар **-** ПИ – ЦАФ работилница **(5 и 6 ноември 2024)** |
| Работилница за пратеници и служба со конгресмени и служба од Конгресот на САД **(13, 14 и 15 ноември 2024)** |
| Одбележување на Светскот ден на толеранција - 16. Ноември (**15 ноември 2024)** |
| Одбележување на Меѓународниот ден за борба против корупцијата **(5 декември 2024)** |
| Конференција „Превенција и заштита од од насилство врз жени и девојчиња, со фокус на сајбер-насилство“**(10 декември 2024)** |
| Седма пленарна конференција „Кластер 1: Фундаментални вредности на ЕУ-Соочување со новите предизвици во контекст на проширувањето“**(11 декември 2024)** |
| Презентација на Светска банка на финансиски извештај **(16 декември 2024)** |
| Прием за донатори, амбасадори и соработници од Претседателот на Собрание на Република Северна Македонија **(16 декември 2024)** |
| Настан на комисија за економски прашања, труд и енергетска политика, во соработка со Светска банка **(19 декември 2024)** |
| Обраќање на Претседателот на Република Северна Македонија, г-а Гордана Сиљановска Давкова, пред пратениците **(25 декември 2024)** |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Африм Гаши,** претседател на Собранието на Република Северна Македонија **(28 мај 2024)** |
| Свечена изјава на **Јован Митрески,** потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(14 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Весна Бендевска,** потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(14 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **г. Александар Камбовски**, член на Судски совет на Република Северна Македонија **(19 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **г. Исамедин Лимани**, член на Судски совет на Република Северна Македонија **(19 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **проф. Д-р Христијан Мицкоски**, претседател на Владата на Република Северна Македонија **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Владо Мисајловски**, министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Панче Тошкоски**, министер кој ќе раководи со Министерствотоа за внатрешни работи **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Игор Филков**, министер кој ќе раководи со Министерството за правда |
| Свечена изјава на **Иван Стоилковиќ**, министер кој ќе раководи со Министерството за односи меѓу заедниците **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Тимчо Муцунски**, министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Орхан Муртезани**, министер кој ќе раководи со Министерството за европски прашања **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Гордана Димитриеска Кочоска**, министер кој ќе раководи со Министерството за финансии **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Бесар Дурмиши**, министер кој ќе раководи со Министерството за економија и труд **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Сања Божиновска**, министер кој ќе раководи со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Цветан Трипуновски**, министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Арбен Таравари**, министер кој ќе раководи со Министерството за здравство **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Весна Јаневска**, министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Фатмир Лимани**, министер кој ќе раководи со Министерството за социјална политика, демографија и млади **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Златко Перински**, министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Зоран Љутков**, министер кој ќе раководи со Министерството за култура и туризам **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Стефан Андоновски**, министер кој ќе раководи со Министерството за дигитална трансформација **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Горан Минчев**, министер кој ќе раководи со Министерството за јавна администрација **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Александар Николоски**, министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт **(23 јуни 2024)** |
| Свечена изјава на **Изет Меџити**, министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање **(23 јуни 2024)** |

Свечена изјава на **Борко Ристовски**, министер кој ќе раководи со Министерството за спорт **(23 јуни 2024)**

Свечена изјава на **Љупчо Димовски**, министер без ресор **(23 јуни 2024)**

Свечена изјава на **Шабан Салиу,** министер без ресор **(23 јуни 2024)**

Свечена изјава на **Арбен Фетаи,** министер без ресор **(23 јуни 2024)**

Свечена изјава на **Антонијо Милошоски,** потпретседател на Собранието на РС Македонија **(23 јуни 2024)**

Свечена изјава на **Елфет Исмаили**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Астрит Исени**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Ален Деребан**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за правда **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Неждет Мустафа**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за односи меѓу заедниците **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Зоран Димитровски**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Викторија Трајков**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за европски прашања **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Николче Јанкуловски**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за финансии **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Марјан Ристески**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за економија и труд **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Мирослав Лабудовиќ**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Флакрон Беџети**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Јовица Андовски**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за здравство **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Лулзим Алиу**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Ѓоко Велковски**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за социјална политика, демографија и млади **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Ерџан Селими**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Седат Сулејмани**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за култура и туризам **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Радослав Настасијевиќ Варџиски**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за дигитална трансформација **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Лазе Јаќимоски**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за јавна администрација **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Калтрина Зеколи Шаќири**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Ане Лашкоска**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Сафије Садики Шаини**, заменик министер кој ќе раководи со Министерството за спорт **(22 јули 2024)**

Свечена изјава на **Марјана Илиеска,** член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(30 август 2024)**

Свечена изјава на **Ценета Бектовиќ**, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија **(12 септември 2024)**

Свечена изјава на **Ангелчо Ристов**, член на ДИК **(14 ноември 2024)**

Свечена изјава на **Светлана Карапетрова**, член на ДИК **(14 ноември 2024)**

Свечена изјава на **Ардијан Демири**, член на Советот на јавни обвинители **(20 декември 2024)**

Давање свечена изјава на **Данка Ристова**, член на Судски совет **(20 декември 2024)**

Давање свечена изјава **Аритон Ала**, член на Судски совет **(20 декември 2024)**

## 7.4. Доделување државни награди

Доделување на Државна награда „Гоце Делчев“ **(4 мај 2024)**

- **Добитници на наградата во областа на науката:**

***Проф. д-р Роберт Хадсон и Иван Додовски** за делото „Долгата традиција на Македонија: од независноста до Преспанскиот договор и потоа“

***Д-р Ана Мартиноска и м-р Жарко Иванов** за делото „Тажачки песни од скопскиот земјотрес во 1963 година“ (од архивските материјали на Васил Хаџиманов)

Доделување на Државна награда **„8 Септември"- (7 септември 2024)**

- **Добитници на Државна награда:**
- **Борче Костовски,** награда за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на РС Македонија на меѓународен план (таеквондо);

Награда со која се оддава признание на спортисти, тренери (селектори) и спортски работници за остварување во областа на спортот:

- **Мирко Димчевски -** борење;
- **Рамадан Шабани -** борење;
- **Зоран Бошковски -** фудбал;
- **Димитар Јованов -** борење**.**

Доделување на државна награда „11 Октомври“ (**11 октомври 2024)**

- **Добитници на наградата:**
- За животно дело од областа на културата и уметноста*:*
  **Љупчо Каров (мултимедијален уметник),**
  **Владимир Темков(академски сликар) и**
  **Јовица Михаловски(драмски актер, продуцент).**
- За животно дело од областа на науката:
  **проф. Марко Китевски**

Доделување на Државна награда „23 Октомври“(**23 октомври 2024)**

- **За остварување во областа на културата и уметност**
  **Славе Димоски, поет**

Доделување на Државната награда **"22 Ноември" (22 ноември 2024)**

- **Добитници на Државна награда:**
  **проф. д-р Авзи Мустафа,** педагог
  **проф. д-р Африм Османи,** универзитетски професор

Доделување на државната награда **„Св. Климент Охридски“ (8 декември 2024)**

- **Добитници на наградата**
- Во областа на воспитанието и образованието:
  - **проф. Д-р.Маја Бојаџиевска**
- Во областа на културата и уметноста:
  - **Милован Стефановски,** писател
  - **Мирослав Масин,** сликар **и**
  - **Рефет Абази,** актер

Доделување државна награда „Мето Јовановски“ **(10 декември 2024)**

- **Добитници на наградата**

За остварување во областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права:

- **Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации (ЦГК)“**
- **г-ѓа Лила Милиќ,** активистка за правата на трансродовите лица и сексуалните работници.

Доделување на државна награда **„Мито Хаџи Василев-Јасмин”**

- **Добитници на наградата**
- За остварување во областа на публицистиката, наградата ја делат:
  - **Иван Антоновски, публицист**
  - **Делвина Крлуку, публицистка**
- За остварување во областа на новинарството, наградата ја делат:
  - **Атанас Костовски, новинар**
  - **Љупчо Јолевски, новинар**

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# 8.1.Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици

Со Законот за Собрание е уредено функционирањето на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во Изборна единица (ИЕ). Овие канцеларии имаат за цел да им овозможат на граѓаните директна комуникација со своите пратеници, размена на информации, давање предлози и сугестии за одредени прашања, како и полесно изразување на проблемите со цел заедничко изнаоѓање решенија. Преку овие канцеларии, граѓаните добиваат можност да учествуваат во процесот на донесување одлуки и решавање на локалните и националните проблеми кои ги засегаат.

**Отворени канцеларии за контакти со граѓаните во 2024 година**

Во текот на месец семптември-декември 2024 година, одделението за поддршка на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ има отворено вкупно 39 канцеларии во следниве општини: Аеродром, Арачиново, Битола Илинден, Берово, Велес, Виница, Ресен Валандово, Гостивар, Гевгелија, Гази Баба, Карпош, Крушево, Кратово, Кочани, Кисела Вода, Кавадарци, Неготино, Охрид, Петровец, Пробиштип, Струмица, Свети Николе, Штип, Радовиш Маврово и Ростуше, Чаир, Македонски Брод и  Ново Село.

Овие канцеларии претставуваат важен канал за граѓаните да ги изразат своите потреби, сугестии и проблеми директно на своите избрани претставници, како и да добијат навремени информации за процесите во Собранието и актуелните законодавни иницијативи.



**Реализирани активности и работни задачи во 2024 година**

Во текот на месец септември-декември 2024 година, канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ реализираа значителен број на активности и работни задачи. Тие вклучуваат:

- **1,146** посети на граѓаните во канцелариите. Овој број покажува висока заинтересираност од страна на граѓаните за директен контакт со пратениците и за користење на овие канцеларии како платформи за изразување на своите ставови и потреби.
- **806** новорегистрирани случаи, без оглед на тоа дали биле решени или сè уште отворени. Овие случаи вклучуваат различни видови на барања и предлози кои граѓаните ги внесле во канцелариите, кои се обработувани и праќани на соодветните институции за понатамошно разгледување.
- **259** решени случаи. Овој број е показател за ефикасноста на канцелариите во решавањето на проблемите кои ги доставиле граѓаните. Пратениците, со помош на нивните тимови, успеале да изнајдат решенија за голем број на прашања, што ја потврдува важноста на овие канцеларии.
- **239** поднесени пратенички прашања. Овие прашања се резултат на конкретни потреби и проблеми изразени од страна на граѓаните, кои биле преточени во формални прашања во Собранието, со цел да се бараат решенија и да се поттикне дискусија на национално ниво.
- **105** граѓански иницијативи покренати во Собранието на Република Северна Македонија. Овие иницијативи се однесуваат на конкретни проблеми и предлози кои биле внесени од страна на граѓаните и формално разгледани од пратениците. Ова ја нагласува улогата на канцелариите како место за поттикнување на демократски процеси и на инклузивност во политичкото делување.


Број на посети по возрастна група
Број на посети
Возрастни групи
18-25
25-35
35-45
45-55
55-65
65+
24
77
121
158
91
40


Број на посети на канцеларијата за контакти со граѓаните според пол и етничка група
692
268
61
454
306
67
Мажи
Од етничката група на пратеникот/ците
Припадници на друга етничка група
Жени
Од етничката група на пратеникот/ците
Од етничката група на пратеникот/ците


ОБЛАСТ ЗА ИНФОРМАЦИЈА ЗА СЛУЧАЈ(ПРОБЛЕМ)
Број на новорегистрирани случаи (без оглед дали се решени или сè уште отворени):
Број на решени случаи:
Број на поднесени пратенички прашања:
БРОЈ НА ДРУГИ СЛУЧАИ: (НАВЕДИ ОБЛАСТ И ОБЈАСНИ) 28 8 32
ФИНАНСИИ И БУЏЕТ (УПАТУВАЊА ДО ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ИЛИ ПРОГРАМИ ЗА... 19 2
ДОМУВАЊЕ (ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА ДОСТАПНОСТ НА СТАНОВИ, СПОРОВИ, ПОДОБРУВАЊА НА... 36 11 25
РАБОТЕН ОДНОС И ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС (ПОМОШ ПРИ БАРАЊЕ РАБОТА, БЕЗБЕДНОСТ НА... 144 53 22
ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА (ПРИСТАП ДО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ, ПРИМАРНА ЗАШТИТА,... 39 26 16
ОБРАЗОВАНИЕ (НАСТАВНА ПРОГРАМА, ОБРАЗОВНИТЕ РЕСУРСИ, ОБРАЗОВНИ... 24 4 12
ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА (ЈАВЕН ПРЕВОЗ, ОДРЖУВАЊЕТО НА ПАТИШТАТА, БЕЗБЕДНОСТА... 26 7 13
ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (ПОПЛАКИ ЗА ЗАГАДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ИЛИ... 83 13 10
ПРАВНА ПОМОШ (ИМОТНИ ПРАВАТА НА ПОТРОШУВАЧИ, ПРАШАЊАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ,... 154 17 20
СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ (ПОДДРШКА ЗА ПОЕДИНЦИ ИЛИ СЕМЕЈСТВА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА... 84 33 18
ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА (ПОДОБРУВАЊА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА, ЈАВНИ... 63 22 34
АКТУЕЛНО ЗАКОНОДАВСТВО И ВЛАДИНИ ПОЛИТИКИ (ПРЕДЛОЗИ ЗА НОВИ ПОЛИТИКИ... 20 22 12
ПРИСТАП ДО ЈАВНИ УСЛУГИ (ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ,... 86 41 23


Број на ѓраѓански иницијативи покренати во Собранието на РСМ од конкретната област
Транспорт и инфраструктура (јавен превоз, одржувањето на патиштата, безбедноста во сообраќајот, подобрување на транспортната...
19
Животната средина (поплаки за загадување на животната средина или опасности од токсични материи, иницијативи за зачувување на животната средина или...
13
Правна помош (имотни правата на потрошувачи, прашањата за вработување, упатувања до организации или бесплатна правна помош).
13
Социјални услуги (поддршка за поединци или семејства на кои им е потребна (поради попреченост, социјална положба и други фактори).
5
Иницијативи за развој на заедницата (Подобрувања на инфраструктурата, јавни објекти, проектите за локален развој)
5
Актуелно законодавство и владини политики (Предлози за нови политики или промени на постоечкото)
3
Пристап до јавни услуги (здравство, образование, социјално осигурување, домувањето, постапки пред институции)
3
0 2 4 6 8 10 12 14 16 18 20


88
36
39
16
Број на учества на јавни настани во изборната единица
Број на организирани јавни состаноци или трибини во изборната единица
Број на медиумски настапи
Број на организирани „мобилни канцеларии“

**Финансиски средства и ангажирање на асистенти за 2024 година**

Во 2023 година, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија даде согласност за обезбедување на финансиски средства преку Буџетот за 2024 година за ангажирање на 75 лица во канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните. Ова обезбедува дополнителна поддршка за подобро функционирање на канцелариите, како и за подигнување на капацитетите за обработка на големиот број на граѓански прашања и инцијативи.

**Следни чекори и обезбедување на просторни услови**

Собранието на Република Северна Македонија во континуитет работи на подобрување на условите за функционирање на канцелариите за контакти со граѓаните. Во соработка со единиците на локалната самоуправа, ЗЕЛС и Владата, се преземаат чекори за обезбедување на просторни услови за отворање на преостанатите канцеларии. Ова ќе обезбеди покривање на целата територија на државата, што ќе ги зголеми можностите за контактирање и учество на граѓаните во политичките процеси.

**Заклучок**

Во 2024 година, канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во Изборната единица се покажаа како клучен механизам за подобрување на комуникацијата помеѓу пратениците и граѓаните. Овие канцеларии овозможија значителен број на посети, нови случаи и поднесени иницијативи, што ја потврдува нивната важност во процесот на демократско учество и решавање на локалните и националните проблеми. За иднината, важно е да продолжиме со обезбедување на повеќе ресурси, просторни услови и поддршка за пратениците и нивните асистенти, со цел да се овозможи уште подобро функционирање на овие канцеларии и понатамошно вклучување на граѓаните во јавните процеси.

Со овие активности и поддршка, канцелариите ќе продолжат да бидат важен инструмент за унапредување на транспарентноста и инклузивноста во политичките процеси на Република Северна Македонија.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во секојдневната работа во законодавниот процес го користат системот на Е-парламент кој е интегриран со веб-страницата, која покрај на македонски и албански јазик, има и англиска и француска јазична верзија.

Е-Парламентот се базира на најнови технологии, овозможувајќи целосно компјутеризиран и дигитален принцип на функционирање и работа без хартија.




Системот за говорење и гласање во Сала „Македонија“ е поврзан со Е-парламентот. Секоја делегатска единица прикажува агенда на седницата, тековен говорник, пријава за збор, процедурални забелешки, реплика и контра-реплика, гласање по точките од дневниот ред, гласање со допир на екранот, прилагодување на менито на јазикот на пратеникот.

Исто така, веб-страницата на Собранието (www.sobranie.mk) овозможува логичка поврзаност на содржините, лесна навигација, напредно пребарување, интеграција со социјалните мрежи, унапреден видео-стриминг и др., со што ја зголемува транспарентноста и отчетноста пред граѓаните и воедно овозможува полесен пристап до голем број информации за работата на Собранието.

На веб-страницата можат да се најдат сите материјали кои биле или се во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, извештаите поврзани со нив, видеозаписи од пленарните седници и извештаи од седниците на работните тела.



Преку календарот достапна е агендата за дневните активностите во Собранието: закажани пленарни седници, седници на работни тела, средби, прес-конференции, други настани, како и планирани следни активности.

Тековно, на веб-страницата се објавуваат соопштенија од посети, настани и одржани официјални средби во Собранието, но и од меѓународни активности на пратениците, и истите редовно се објавуваат на социјалните мрежи преку официјалните профили на Собранието.




Веб-страницата нуди информации за надлежноста и палатата на Собранието, Стратешкиот план, Кодексот, Законот за Собранието, Законот за пратениците, Уставот, Деловникот, Законодавната постапка и Одлуката за номотехнички правила за подготвување на законите.

Достапни се информации за собраниското раководство, биографии на пратениците и нивните активности во Делегациите, Пратеничките групи за соработка со другите земји, Комитетот за односи меѓу заедниците, Советите, Клубот на пратенички, Клубот за младински прашања и политики, како и други Интерпартиски парламентарни групи.







Исто така, во овој период веб-страницата на Собранието се збогати со категоријата Уметнички дела во сопственост на Собранието, во која се наоѓаат фотографии од портрети на сите претседатели на Собранието, слики, подароци, скулптури и резби.



Нова категорија е и делот за Собранискиот канал - ТВ студио, кој функционира како самостојна страница, сочинета од разни материјали коишто се прикажуваат на овој ТВ канал - https://www.sobranie.mk/sobraniski-kanal-tv-studio.nspx .




Се отвори и посебна апликација Регистар на организации, кој овозможува системски пристап на организации за придонес во законодавниот процес - https://auth.sobranie.mk/auth/realms/sobranie/protocol/openid-connect/auth?client_id=rgo-app&redirect_uri=https%3A%2F%2Fregistar.sobranie.mk%2Frgo-app%2Fcallback&response_type=token%20id_token&scope=openid%20profile&state=1867a3cc30314b66bd9e8faa7e8601bd&nonce=d11c65e54f48446db8edfd65bd51a151&ui_locales=mk .

Исто така, достапен е и Порталот за отворени податоци - https://data.sobranie.mk/mk/ .



На веб-страницата достапни се и информации за работата на Парламентарниот институт на Собранието - https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut.nspx и Парламентарната буџетска канцеларија - https://pbk.sobranie.mk/ .

Со цел да се зголеми отчетноста и финансиската транспарентност пред граѓаните, објавени се информации за Буџетот на Собранието, Годишниот план за јавни набавки, Јавни набавки, Завршни сметки и Ревизорски извештаи, огласи, како и останати публикации.

Податоците за Канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици, се достапни на веб-страницата. Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, граѓаните своите барања можат да ги достават електронски до Собранието.

За сите граѓани што сакаат да ја разгледаат зградата, Собранието организира Отворен ден, а граѓаните имаат можност да се пријават електронски преку следниов линк: http://poseti.sobranie.mk/.



## 8.3.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Програмската шема на Собранискиот сервис е конципирана согласно со Годишната програма за работа на ЈРП МРТ и согласно со активностите во Собранието на Република Северна Македонија.

Приоритет во програмската шема имаат директните преноси од седниците, снимките од работата на собраниските тела и информативните содржини продуцирани од Собранискотo студио. Програмската шема се надополнува со соодветно избрани едукативни, документарни и забавни содржини во сопственост на ЈРП МРТ.

Програмата, од 1 јануари 2024 до 30 ноември 2024, се емитува од 1000 до 22.00 часот, а од 1 декември 2024, Собранискиот канал – сервис на МРТ емитува 24 часовна програма.

**Продукција од ТВ студиото во Собрание на РСМ**

Од 23 јануари 2024 на Собранискиот сервис се емитуваат содржини (промотивни видео материјали, законодавен брифинг/ризница) подготвени во Собранискотo студио на Република Северна Македонија.

Од 25 јануари 2024 се емитуваат вести – изготвени и уредувани од Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал. Вестите се снимени и се емитуваат секој работен ден во: 10.30 ч./14.30 ч. /18.30 ч.

Од 28 јануари 2024 на програмата на Собранискиот сервис се емитуваат едукативни емисии, продуцирани од Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал.

**Преглед на емитуваните содржини во период 28 мај 2024**
**до 31 декември 2024 година**

**1.** Директни преноси од пленарните седници во Собранието на Република Северна Македонија

2. Директни преноси од Комисијата за финансирање и буџет

3. Снимки од работата на собраниските тела

4. Снимки од настани одржани во Собранието на Република Северна Македонија

* Доделување државни награди во Собранието на Република Северна Македонија

* Едукативни содржини доставени од Собранието на Република Северна Македонија

5. Месечни прегледи за искористено програмско време на Собранискиот канал и на МРТ

1. **Емитувани директни преноси**

- **Директни преноси од пленарни седници од 28.5.2024-31.12.2024 година -**

| Месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| Мај (28.5.2024) | 1 | 180 |
| јуни | 8 | 1116 |
| јули | 4 | 418 |
| август | 2 | 313 |
| септември | 7 | 842 |
| октомври | 8 | 642 |
| ноември | 4 | 732 |
| декември | 16 | 1951 |
| **Вкупно** | **50** | **6194 минути / 103 часа 14 мин.** |

**2.а. Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет**

- Ребаланс на буџетот
-

| месец | број на преноси | времетраење во минути |
|---|---|---|
| август | 2 | 200 |
| вкупно | **2** | **3 часа 20 мин.** |

**2.б. Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет**

| месец | број на преноси | времетраење во минути |
|---|---|---|
| ноември | 12 | 2672 |
| вкупно | **12** | **44 часа 32 мин.** |

3. **Емитувани снимки од седниците на собраниските тела**

| | **бр.на заседанија** | **време во мин.** |
|---|---|---|
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | 18 | 932 |
| Комисија за деловни и мандатно имунитетни прашања | 4 | 30 |
| Законодавно-правна комисија | 48 | 750 |
| Комисија за одбрана и безбедност | 7 | 99 |
| Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство | 6 | 102 |
| Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање | 16 | 389 |

| | | |
|---|---|---|
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | 23 | 2096 |
| Комисија за европски прашања | 4 | 86 |
| Комисија за надворешна политика и надворешна трговија | 3 | 75 |
| Комисија за финансирање и буџет | 33 | 3300 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните | 1 | 171 |
| Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите | 1 | 31 |
| Комисија за здравство | 2 | 170 |
| Комисија за социјална политика, демографија и млади | 8 | 149 |
| Комисија за економски прашања | 8 | 95 |
| Комисија за култура и туризам | 2 | 35 |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | 4 | 308 |
| Комитет за односи меѓу заедниците | / | / |
| Комисија за локална самоуправа | 5 | 25 |
| Буџетски совет на Собрание на РСМ | 2 | 17 |
| Совет на Собраниски канал | 1 | 6 |
| Комисија за образование, наука и спорт | 6 | 344 |
| Верификациона комисија | 2 | 28 |
| Комисија за следење на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници | 1 | 6 |
| Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање | 1 | 48 |

**4. Снимки од настани одржани во Собранието на Република Северна Македонија од 28 мај 2024 до 31 декември 2024**

**- времетраење во минути**

- 02.08.2024 -Директен пренос од обраќањето на Африм Гаши претседател на Собранието на РСМ 63.00

| | |
|---|---|
| -10.10.2024 - Свечено отворање на волонтерска програма во собрание | 43.26 |
| -11.10.2024 - Доделување државна награда „11 Октомври" | 24.23 |
| -17.10.2024 - Промоција и свечено пуштање на заштитена соба и заштитениот работен простор | 53.28 |
| -23.10.2024 - Доделување државна награда „23 Октомври" | 16.08 |
| -28.10.2024 - Јавна расправа за подигнување на свесноста за ракот на дојка | 87.09 |
| -29.10.2024 - Јавна расправа по повод деновите на медиумската писменост | 52.20 |
| -30.10.2024 - Интерпартиска парламентарна група за унапредување на правата на лицата со попреченост | 44.17 |
| -4.11.2024 - Седница на клубот за младински прашања и политики | 115.00 |
| -8.12.2024 - Доделување државна награда „Св. Климент Охридски" | 29.00 |
| -21.12.2024 - Доделување државна награда ,,Мито Хаџи Василев- Јасмин" | 24.16 |

## 5. Месечни прегледи за искористеното програмско време

**Времетраење во минути**

| Месец | Собраниски активности | Настани во Собрание | Собраниско студио | МРТ архива | МРТ Преноси |
|---|---|---|---|---|---|
| мај | 193 | | 821 | 2037 | |
| јуни | 1116 | | 4093 | 16 391 | |
| јули | 4287 | | 3832 | 14 201 | |
| август | 892 | 63 | 3623 | 17 764 | |
| септември | 2501 | | 4229 | 14 709 | |
| октомври | 321 | 321 | 4365 | 15 742 | |
| ноември | 6054 | 115 | 4265 | 11 993 | |
| декември | 3362 | 53 | 7210 | 33 451 | 199 |
| **Вкупно** | **18.726/ ---------------- 312 часа 06 мин** | **552/ ---------------- 9 часа 12 мин** | **32 438/ ----------------- 540 часа 38 мин** | **126288/ ------------- 2104 часа 48 мин** | **199 ------------ 3 часа 19 мин** |

## 8.4. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието, се акредитираат претставници на средствата за јавно информирање, кои електронски или лично поднесуваат барање за акредитација до Секторот за односи со јавноста. До сите акредитирани медиуми, редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

Во периодот мај - декември 2024 година вкупно се акредитирани 692 претставници на средствата за јавно информирање

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| **ТЕЛЕВИЗИИ** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 11 |
| МРТВ 1 | 55 |
| МРТВ 2 | 19 |
| МРТВ 3 | 8 |
| МРТВ 4 | 14 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 37 |
| ТЕЛМА | 34 |
| АЛ САТ | 29 |
| СИТЕЛ | 49 |
| ТВ АЛФА | 27 |
| ТВ ЕДО | 2 |
| ТВ СОНЦЕ | 7 |
| ТВ КЛАН | 8 |
| 24 ВЕСТИ | 41 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 6 |
| ТВ 21 | 13 |
| ТВ ШЕЊА | 20 |
| ТРТ БАЛКАН | 7 |
| **РАДИЈА** | |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 17 |
| КАНАЛ 77 | 1 |
| РАДИО МОФ | 3 |
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | |
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ВЕЧЕР | 18 |
| ЛАЈМ | 4 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 6 |
| **ИНТЕРНЕТ МЕДИУМИ** | |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК | 17 |

| | |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА | 8 |
| А1 ОН | 10 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 9 |
| МКД.МК | 5 |
| ПЛУС ИНФО | 8 |
| ПОРТАЛБ | 4 |
| САКАМ ДА КАЖам | 10 |
| ТЕТОВО ИНФО | 1 |
| НАРОДЕН ГЛАС | 1 |
| НИСТОРИ | 1 |
| ЕМАГАЗИН.МК | 3 |
| ЦЕНТАР.МК | 1 |
| ФРОНТЛИНЕ.МК | 1 |
| ИНФОМАКС | 6 |
| 24 ИНФО | 3 |
| ТВ ЊУЗ | 8 |
| МАКТЕЛ МК | 1 |
| КУРИР | 8 |
| ИНДЕКС.МК | 7 |
| ПОРТАЛ ИКС | 5 |
| ТАЈМБАЛКАН | 2 |
| 360 СТЕПЕНИ | 19 |
| ЦИВИЛ | 7 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 48 |
| ЕВРОЊУС | 1 |
| ПРЕСС ОНЛИНЕ | 2 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 2 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 2 |
| АГЕНЦИЈА ФРАНС ПРЕС | 2 |
| ИРЛ | 19 |
| ANADOLU AGENCY | 8 |
| RTK LIVE | 2 |
| ФОКУС | 6 |
| СКОПЈЕ 1 | 2 |
| ИКС | 2 |
| ОПЕН ТВ | 1 |
| БИРН | 7 |
| VOA | 2 |

Секторот за односи со јавноста редовно ја ажурира веб-страницата на Собранието - www.sobranie.mk, објавувајќи ги собраниските активности, соопштенија, најави за средби и настани, прес-конференции и други разни материјали за потребите на Собранието, како: Годишен, мандатен и периодичен извештај, „Мојот пратеник“, МПК билтен, ЕУ весник, завршни сметки, финансиски извештаи, ревизорски извештаи, годишни и стратешки планови, огласи, публикации, акти, проекти, апликации, материјали поврзани со ЕУ, активности на Парламентарниот институт и на Парламентарната буџетска канцеларија, итн., сето тоа на македонски, албански, англиски и француски јазик




Исто така, Секторот ги објавува и биографиите на пратениците врз основа на доставени евидентни листови.

Секторот ги најавува и проследува официјалните и работните средби и настани во Собранието и потоа известува за истите преку веб-страницата. Воедно, ги преработува и доставените извештаи од седниците на работните тела и ги објавува на веб-страницата.

Собраниските активности Секторот ги објавува и на социјалните мрежи *Facebook* - https://www.facebook.com/SobranieRSM и *X* - https://x.com/SobranieRSM, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста. Собранието има и свој *Youtube* канал - https://www.youtube.com/channel/UCD5qpVe9-yNv4Xu4b3EuKFw?view_as=subscriber .

# 9. ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОБРАНИЕТО

## 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Северна Македонија

**Активности во соработка со Собранието на Република Македонија за Периодот 28 мај - 31 декември 2024 година**

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 28 мај до 31 декември 2024 година, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ) во рамките на различни програми и проекти имплементирани самостојно и заеднички со други партнери, а финансирани од повеќе различни донатори. Покрај наведените активности, би сакале да нагласиме дека НДИ и во изминатиот период обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

Во продолжение е прегледот на активности даден по области:

**ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА (ПСП) (НДИ, ИДСЦС, ЦУП)**

**ПСП управувачки совет**

На 8 јули 2024 година беше формиран нов Управувачки совет за имплементација на Програмата за парламентарна поддршка во рамките на парламентарниот мандат 2024-2028 година. Во периодот 28 мај до 31 декември 2024 година се одржаа 2 состаноци на Управувачкиот совет за имплементација на Програмата за парламентарна поддршка (15 јули и 16 декември) на кои се дискутираше за имплементација на предвидените годишни активности во рамките на ПСП фаза 2, за финансиските приоритети за 2025 година, а се потпиша и Амандман на Договор за финансиски придонес во рамките на ПСП фаза 2 за периодот 2023-2027 година, меѓу Собранието на Република Северна Македонија и Националниот демократски институт (НДИ). Во септември 2024 година извршен е трансфер на средства од НДИ кон

Собрание од финансискиот придонес во износ од 86.000 CHF во согласност со Договорот за финансиски придонес за периодот 2023-2027 година.

**Стратешки план на Собрание**



На 16 и 17 јули 2024 година ПСП го поддржа Собранието во организација на работилница за евалуација и ажурирање на Стратешкиот план на Собранието за периодот 2025-2029 година. По завршувањето на работилницата беа одржани дополнителни консултации во врска со планираниот финансиски придонес на ПСП по што Буџетскиот совет на Собранието го усвои Стратешкиот план на Собранието за 2025-2029 година.

**Советодавен комитет и меѓунардона соработка во рамките на ПСП**



Во рамките на Советодавниот комитет и меѓународната соработка на ПСП, германскиот Бундестаг донираше на Собранието 4 скенери за безбедносна проверка и обезбеди експертска помош и обука за нивно ракување од страна на безбедносните и собраниските служби. Благодарение на оваа донација, сите четири влезови на собраниската зграда повторно се во функција, значително подобрувајќи ја безбедноста и оперативната ефикасност на парламентот.

**ЦАФ - Заедничка рамка за управување со квалитет**
**(CAF - Common Assessment Framework)**

Во согласност со одлугата на новоформираното раководство на Собранието, започна процес на ревизија и прилагодување на Акциониот план и Извештајот на ЗРП, кои беа подготвени во рамките на имплементацијата на моделот во 2023 – 2024 година. За таа цел, беше формирана нова работна група, составена од членови од претходната група на ЗРП, како и нови вработени, при што процесот делумно се повтори за новодојдените во стандардот CAF. Новата група беше обучена од експертите на ПСП за процесот на самооценување, идентификација на предизвиците и слабостите во работните процеси, како и за предлагање мерки и активности за сопствено

подобрување. Со поддршка на ПСП, во текот на ноември и декември 2024 година, беа организирани вкупно шест работилници, на кои се дискуртираа и идентификуваа слабостите и силните страни во девет различни области (според Методологијата на CAF) на работните перформанси на службата во Собранието. Дополнително, беа наведени и дефинирани активностите што би биле неопходни да се спроведат со цел да се подобрат слабите области и да се подобри квалитетот на нивното работење.

**Стипендиска програма за собраниската служба**

Во периодот од 2018 до 2024 година, вкупно 55 собраниски службеници успешно ги унапредија своите професионални капацитети и придонесоа кон зголемување на квалитетот на работата во Собранието. Стипендиската програма тековно го поттикнува нивниот понатамошен развој и експертиза во различни области од парламентарното работење.

Во 2024 година, ПСП овозможи десет нови стипендии за собраниската служба за обуки и академски студии. Од нив, седум стипендисти посетуваат курс по англиски јазик, една стипендистка посетува курс по француски јазик, а двајца стипендисти ги започнаа своите докторски студии (економски науки и меѓународно право) во Универзитетот “Св. Климент Охридски“ - Битола.

На 10 септември 2024 година, во резиденцијата на Амбасадорката на Швајцарија се одржа прием за стипендистите, со цел да се оддаде признание за нивниот посветен труд и ангажман во унапредувањето на своето знаење, како и да се нагласи важноста на континуираниот професионален развој во институциите.



**Јавни набавки од финансискиот придонес**

Во текот на посочениот период, заклучно со 31 декември 2024 година, со помош на специјалистот за јавни набавки, ангажиран во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), беа реализирани шест јавни набавки во согласност со усвоениот план зај авни набавки за 2024 година, финансирани од финансискиот придонес на ПСП. Дополнително, уште две јавни набавки се во тек. Овие активности се спроведени со цел унапредување на инфраструктурата и поддршка на парламентарното работење согласно стратешките приоритети на Собранието.

**Обуки за јавни набавки**



На 15 и 16 мај 2024 година, во Велес, беше реализирана експертска обука за јавни набавки, наменета за службеници од собраниската служба кои се активно вклучени во процесот на јавни набавки. Обуката беше насочена кон напредни аспекти на јавните набавки, вклучувајќи методологијата за бодување на рамковни спогодби, справување со нелојална конкуренција, новата верзија на меѓународната ТЕД платформа за набавки, како и користење на најновата верзија на платформата е-маркет, која овозможува спроведување набавки од мала вредност преку онлајн каталог.

На оваа напредна обука учествуваа 10 вработени во Собранието, кои се директно вклучени во подготовка и спроведување на јавните набавки. Обуката придонесе за подобрување на нивните технички вештини и познавање на современите дигитални алатки, со цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста во процесите на јавни набавки во Собранието.




**Поддршка на развојот и зајакнување на капацитетите на Парламентарната буџетска канцеларија**

Во 2024 година, ПСП продолжи да го поддржува развојот на капацитетите на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК). Во рамките на оваа поддршка, беше ангажиран графички дизајнер за визуелизација на податоците од анализите и извештаите на ПБК,

следејќи го по примерот на другите истражувачки парламентарни институти. Оваа иницијатива има за цел да го поедностави и подобри прегледот на податоците, со што ќе се олесни нивното користење од страна на пратениците во комисиските и пленарните расправи. Дополнително, ПСП обезбеди техничка поддршка за печатење на анализата на ПБК за предлог-буџетот за 2025 година, со што се овозможи поширока достапоност на информациите и зголемување на ефективноста на буџетските дискусии во Собранието.

**Континуирана соработка со Швајцарската парламентарна служба за зголемен парламентарен фискален надзор**



По остварената студиска посета на швајцарскиот парламент во Берн во февруари 2024 година, претставници од парламенатарната служба во областа на буџетскиот надзор, ја продолжија размената на искуства со колегите од Швајцарија. На 26 - 27 септември 2024 претставниците од швајцарската парламентарна служба, ја возврати посетата и одржа дводневна работилница со претставници на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК), советниците од Комисијата за финансирање и буџет, како и претставници од Државниот завод за ревизија. На работилницата се разговараше за методите на користење прашалници за подобрување на критичкото испитување на буџетот од страна на парламентарците, како и за работниот однос меѓу ревизорските канцеларии и парламентот. Посебен акцент беше ставен на размената на искуства помеѓу швајцарската и македонската ревизорска канцеларија, како и можноста Парламентарната буџетска канцеларија да изработи прирачник за контрола на буџетот и финансиски надвор, инспириран од швајцарскиот парламентарен прирачник. Во рамките на посетата, делегацијата од Швајцарија оствари средба со членовите на Комисијата за финансирање и буџет, како и работна средба со кабинетот на Генералниот секретар на Собранието, дополнително зајакнувајќи ја билатералната соработка во областа на буџетскиот надзор и парламентарната отчетност.

**Поддршка за основањето и работата на**
**Интерпартиската парламентарна група против корупција**



По спроведените парламентарни избори во мај 2024 година, настана промена на власта и парламентарното мнозинството во Собранието на Република Северна Македонија. Поради тоа, се јави потреба од повторно формирање на Меѓупартиската парламентарна група против корупција за парламентарниот мандат 2024-2028 година.

На 21 октомври 2024 година, оваа Група ја имаше својата прва конститутивна седница во Собранието на Република Северна Македонија (во салата „Борис Трајковски“) при што со акламација, беа избрани пратениците Љупчо Пренџов и Соња Мираковска за ко-претседавачи, како претставници од владеачкото мнозинство и опозицијата, согласно усвоениот Правилник за организацијата и делокругот на работата на Меѓупартиската парламентарна група против корупција. На оваа средба присуствуваа триесетина од вкупно пријавените педесет и четири пратеници за учество во работата на оваа група.

На 25 октомври 2024 година, НДИ ја организираше првата стратешка работилница за членовите на оваа Група во овој парламентарен состав. На овој настан, беа поканети пратениците-членови на групата, членови на Собраниската служба, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Граѓанската платформа против корупција и претставници на НДИ.



Целта на истата беше да се дефинираат главните приоритети и области од посебен интерес во наредниот временски период, да се дискутира во однос на најгорливите прашања поврзани со корупција и коруптивни појави, како и да се чуе гласот на граѓанското општество, проследен со препораки и насоки за адресирање на истите. Следствено, ќе се работи и на подготовка и изработка на Акцискиот план кој би ги предвидел активностите на ова неформално тело во текот на 2025 година.

На 27 декември 2024 година, НДИ оствари средба со ко-претседавачите Пренџов и Мираковска со цел да се направи согледување на процесите и активностите во текот на годината, како и да се договорат следните чекори во однос на Акцискиот план, по завршувањето на зимскиот одмор на почетокот на 2025 година.

**Активности за подобрување на работата на Канцелариите за контакт со граѓани на пратениците**

Во текот на 2024 година почна да се работи на веб-платформата за канцелариите за контакти со граѓани, што ќе ја подобри ефикасноста на работата на канцелариите и ќе им овозможи на асистентите да ги автоматизираат процесите. Развојот на веб-платформата се спроведување во широки консултации со пратениците, вработените во Собранието, одделението за поддршка на канцелариите, како и раководството на Собранието преку консултации и состаноци. Како дел од подготовките, беа подготвени и два документи за потрените за надградба на канцелариите и веб платформата.

Во претстојниот период се планираат серија на обуки за зајакнување на капацитетите на асистентит, при што моментално се работи на финализирање на курикулумот за обуките.

**Обука за примена на Одлуката за номотехнички правила за подготовка на законите**

Во периодот од 16 до 19 декември 2024 година, во соработка со Собранието на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата, беше организирана обука за Одлуката за номотехнички правила за подготовка на закони. Обуката се спроведе во две групи, едната за вработените во Собранието и асистентите на пратеничките групи (16-17 декември), а другата за вработените во министерствата кои работат на изготвување правни акти (18-19 декември). Обуката се фокусираше на правилата за подготовка на закони, подготовката на амандмани, пречистени текстови, исправката на закони и автентично толкување и правилата за подготовка на подзаконски акти.

На обуката присуствуваа 45 претставници од различни сектори во Собранието, Парламентарниот институт, асистенти од пратеничките групи на ВЛЕН, ВМРО-ДПМНЕ, Левица, Движење ЗНАМ и СДСМ, како и претставници од Министерството за администрација, Министерството за земјоделство, Министерството за одбрана, Министерството за економија и други институции. Покрај запознавањето со методологијата и правилата за изготвување правни акти, обуката имаше цел да го подигне разбирањето за потребата од почитување на овие правила, усогласување на

националното законодавство со законодавството на ЕУ и разбирање на законодавната процедура во Владата и Собранието. Учесниците работеа на практични вежби како што се подготовка на елементи на закон, подготовка на амандмани и техники за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ.

**Јавна расправа за Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници**

Програмата за парламентарна поддршка ПСП) обезбеди советодавна помош за подготовка на Јавна расправа по работните верзии на Предлогот на закон за административни службеници, Предлогот на закон за вработените во јавниот сектор и Предлогот на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, која се одржа на 28 октомври 2024 година. Поддршката вклучуваше фасилитирање на комуникацијата меѓу надлежното министерство и надлежната комисија, подготовка на дневниот ред, како и листата на заинтересирани страни кои би требало да бидат поканети на расправата, вклучувајќи претставници на граѓанскиот сектор, експерти, претставници од институции и сл. Дополнително, ПСП препорача Комисијата да подготви и детален извештај за дисусиите и препораките од расправата кој беше проследен до министерството.

**Партнерство за отворена власт / Отворен парламент**

Програмата за парламентарна поддршка (ПСП) ги поддржа напорите на Собранието во процесот на креирање, спорведување и мониторинг на Акцискиот план на Собранието кон заложбите на Партнерството за отворена власт (ПОВ). ПОВ е иницијатива која обезбедува меѓународна платформа за домашни реформи, насочена кон поотворени, поотчетни и поодговорни власти пред граѓаните. Собранието се приклучи на иницијативите за ПОВ со комплементарна активност за постигнување на Отворен Парламент во 2017 година, и досега има спроведено два акциски плана кои ги покриваат периодите 2018-2020 и 2021-2023. Третиот Акциски план за периодот 2024-2026 е усвоен во јануари 2024 година. Извештајот од мониторингот за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план на Собранието за првата половина од 2024 година е финализиран, додека мониторингот за втората половина на 2024 година тековно се изготвува.

Поради предизборниот период, првата половина на 2024 година не беше најповолна за спроведување на Акцискиот план, поради што поголемиот дел од предвидените обврски и активности останаа за реализација од новиот парламентарен состав и новото раководство на собраниската служба. Сепак, и во такви околности, може да се забележи конкретен напредок во исполнувањето на обврската поврзана со

информирањето на јавноста преку собранискиот ТВ канал, кој започна со редовно емитување на 25 јануари 2024 година.

Во декември 2024 година, претставниците на ПСП и ПИ се согласија да се воспостават подгрупи за имплементација за секоја од обврските во Акцискиот план, со цел да се обезбеди поструктуриран и координиран пристап во остварувањето на поставените цели. Формирањето на овие подгрупи има за цел да ја зајакне отчетноста, да ги оптимизира напорите и да поттикне поефективна соработка со засегнатите страни низ целиот процес на имплементација.

Во ноември 2024 година, претставници од ПСП учествуваа на состаноците за Парламентарна отвореност и мониторинг во Западен Балкан и ПОВ Западен Балкан 2024 во Тирана, каде што се дискутираа клучни теми поврзани со зајакнување на парламентарните практики, борбата против корупцијата, дигиталното управување и граѓанското учество. Настанот собра високи владини претставници, парламентарци и граѓански организации од регионот, кои споделија искуства и идеи за подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите. На вториот ден (15 ноември) се дискутираше за улогата на парламентите во процесите на ПОВ, при што пратеникот Игор Здравковски ги истакна клучните постигнувања на Собрание во делот на дигиталната трансформација на Собранието на Северна Македонија а подржани од ПСП. Други дискусии вклучија иновативни методи за ко-креирање политики во рамки на ПОВ.

Посебно внимание беше посветено на можностите за координација меѓу земјите, унапредувањето на етичките кодекси, парламентарниот надзор и пост-законодавната анализа. Дополнително, се разгледаа иновативни методи за зајакнување на демократските процеси и улогата на парламентите во отвореното владеење. Како резултат на овие дискусии, учесниците добија конкретни насоки за подобрување на парламентарниот надзор, дигиталната трансформација и граѓанското учество во процесите на креирање политики. ПСП останува посветена на понатамошна соработка за спроведување на значајни реформи во Собранието на Северна Македонија и пошироко во Западен Балкан.

**Подобрена ИКТ инфраструктура - Дигитална трансформација**

**Континуирана ИКТ поддршка и систем за управување со инциденти**

ПСП продолжува да обезбедува секојдневна поддршка преку ангажирање на двајца ИКТ инженери кои обезбедуваат постојана витална техничка поддршка во Собранието. Континуираната поддршка на вработените во отстранувањето на

техничките проблеми е клучен дел од работата на системот за помош Хелп Деск. Во посочениот период, тимот успешно одговори на значителен број интервенции, обезбедувајќи брзи и ефикасни решенија за хардверски и софтверски предизвици со кои се соочуваат вработените во нивното секојдневно работење.

Во текот на овој период, беа спроведени **298 хардверски интервенции** и **1134 софтверски интервенции**, од кои **246 случаи беа пријавени** и решени преку e-ticketing, системот за управување со инциденти. Овие активности покажуваат високо ниво на одговорност и посветеност во поддршката на вработените, овозможувајќи им непречено да ги извршуваат своите задачи. Инженерите исто така спремија и предадоа 55 лаптопи за користење на пратениците, како и асистираа во набавките на 13 нови печатари, од кои 6 мултифункциски ласерски печатари и 7 ласерски печатари за користење од собраниските служби.

Посветеноста и професионалниот ангажман на ИКТ инженерите од НДИ во рамки на Програмата за поддршка на Парламентот (ПСП) беа препознаени и високо оценети од страна на вработените. Изразена е благодарност за нивната брзина, стручност и ефикасност во решавањето на техничките проблеми, што значително придонесува кон подобрување на работните процеси во институцијата. Овие позитивни повратни информации се поттик за понатамошно унапредување на техничката поддршка и развој на ИКТ инфраструктурата во Собранието.

**Електронски Отпад**

Проектот за електронски отпад (E-Waste), стара и застарена ИКТ опрема е во процес на складирање во Собрание. Во моментов, идентификувани и евидентирани се 1.271 парчиња стара и застарена ИТ опрема прописно складирани на две локации во Собранието, при што овој број се очекува да расте додека процесот продолжува. Процесот е во тек.

**Мапирање на мрежна инфраструктура и креирање посебни VLAN –ови**

Со подршка од ПСП и НДИ, мапирањето на целосната мрежна инфраструктура е успешно завршено. Успешното завршување на мапирањето на мрежната инфраструктура претставува значаен чекор кон подобрување на надзорот и оперативната ефикасност на системот. Оваа иницијатива обезбеди детален и структуриран преглед на целокупната мрежа, овозможувајќи поефикасно управување и полесно приспособување кон идните ажурирања и модификации.

Преку овој процес, тимот стекна вредни сознанија за оптимизација на системот, што ќе доведе до подобра распределба на ресурсите, поефикасно решавање на проблеми и зголемена стабилност. Мапирањето не само што го олеснува тековното

одржување, туку исто така поставува основа за стратешки подобрувања кои ќе придонесат кон поиздржлива и пофлексибилна инфраструктура. Овој успех ја потврдува посветеноста кон ефикасноста, прецизноста и долгорочната одржливост во управувањето со мрежниот систем.

### Мапирање на компјутерската опрема во Собранието

Во рамки на проектот за мапирање на компјутерската опрема, успешно е завршено ажурирањето на сите ИКТ основни уреди (компјутери, печатари, лаптопи) во ЕРП системот. Овој процес опфати и идентификација и внесување на точни податоци за опремата во сите простории на Собранието, вклучувајќи локација, задолжување по вработени и составни делови на ИКТ средствата.

Главната цел беше да се обезбедат прецизни и ажурирани податоци во ЕРП системот во пресрет на пописот на опремата, кој започна кон крајот на ноември и ќе трае до февруари 2025 година. Ова ажурирање ќе овозможи поефикасно управување со ресурсите, зголемена прегледност и подобра координација при идните технолошки ажурирања во Собранието

### Дигитален мост - Собраниски хакатон

Од 30 октомври до 1 ноември во Кристалната сала на Собранието се одржа Хакатонот „Дигитален мост - Собраниски хакатон“. Настанот обедини 50 млади програмери, кои работеа под менторство на експерти од различни сектори, вклучувајќи и вработени во Собранието.



Учесниците беа поделени во пет тимови, а секој тим имаше задача да развие концептуално решение, користејќи податоци од парламентарниот портал за отворени податоци и дополнителни ресурси достапни на веб-страницата на Собранието.

Во текот на два дена интензивно кодирање, тимовите развија пет иновативни решенија, од кои повеќето беа насочени кон подобрување на функционалностите за

пребарување на парламентарни податоци. Меѓу решенијата се најдоа чет-ботови управувани од вештачка интелигенција, дизајнирани да го поедностават пристапот до информации преку интуитивно и лесно разбирање на податоците и нивно следење.

Победничкото решение, развиено од тимот на „Brainster 2“, беше насловено како „Вашиот парламент - вашите права“. Оваа алатка со вештачка интелигенција им овозможува на корисниците да пребаруваат видео снимки од парламентарни говори со внесување клучни зборови или теми од интерес.

**Регистар на организации**




Собранието на Северна Македонија со подршка на Програмата за поддршка на Парламентот (ПСП) го промовираше новиот електронски регистар registar.sobranie.mk, платформа која има за цел да го зголеми учеството на организациите во законодавниот процес и да ја унапреди транспарентноста на работата на парламентот. Преку овој регистар, организациите можат да се пријават за да добиваат навремени известувања за новите законски иницијативи и развојот на политиките. Ова им овозможува да го следат процесот на донесување одлуки и да се осигураат дека нивниот глас ќе биде слушнат во креирањето на законодавството. Платформата нуди можност за подобро информирање и вклучување на граѓанското општество во демократските процеси, овозможувајќи им да придонесат кон поинклузивно и транспарентно донесување одлуки.

Registar.sobranie.mk е дел од Програмата за поддршка на Парламентот (ПСП), проект поддржан од Владата на Швајцарија под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија. Преку оваа иницијатива, Собранието прави значаен чекор кон зголемување на транспарентноста и демократизацијата на законодавниот процес, обезбедувајќи поактивно учество на организациите и јавноста. Со повик до сите заинтересирани организации да се регистрираат на registar.sobranie.mk, Собранието ја демонстрира својата посветеност кон унапредување на партиципативната демократија и отвореноста на законодавната власт.

**Антикорупциска проверка на легислативата**

Во соработка со Коалциија “Сите за правично судење“ се изготви методологија за обуки за антикорупциска проверка на легислативата. Обуките се наменети за пратениците и истите беа презентирани во април пред антикорупциската интерпартиска група, кои ја поддржаа и одобрија идејата за обучување на пратениците за оваа тематика. Во координација со интерпартиската група, обуките би се спровеле во текот на 2025 година

**Анализи во однос на перцепција на граѓаните за работата на Собранието**

**и теми поврзани со работата на Собранието**

Во март 2024 година, се спроведе годишниот прашалник за перцепција на граѓаните за работата на Собранието. Наодите покажуваат подобрување во однос на минатата година, односно процентот на доверба во институциите, задоволството од работата на Собранието се зголемени, додека нивото на контрола што Владата ја има врз Собранието се смета за намалено. Анкетната комисијата за случувањата во Онкологија е најчесто именуван надзор од испитаниците и воедно настан во Собранието по кој ќе ја паметат 2023 година. Перцепцијата дека пратениците имаат влијание врз квалитетот на законите е исто така зголемена и највисока во споредба со минатите години. Мнозинството граѓани (68%) не се запознаени со новите содржини што ги нуди Собранискиот канал, и приватните телевизиски станици се најчесто користени извори на информации за собраниските случувања. Покрај воочливата подобрена перцепција во однос на минатиот период, генералното мислење за работата на пратениците е сѐ уште негативно, односно мнозинството испитаници сметаат дека пратениците не се достапни за комуникација, застапуваат свои лични интереси и се ретко спремни да прават компромис со своите противници во интерес на граѓаните.

На 17 октомври 2024 година, наодите се презентираа пред новиот пратенички состав во канцелариите на Парламентарниот институт. По завршувањето на презентацијата, се одржа кратка дискусија за резултатите, при што пратениците се согласија дека вклученоста на граѓаните во нивната работа е недоволна и дека треба почесто да стапуваат во контакт и да разговараат со луѓето. Како дел од решенијата за приближување на Собранието до граѓаните, беше дискутирано и повторното воспоставување на локалните канцеларии за изборните единици.

Една од точките на несогласување меѓу учесниците беше обемот на одговорностите на пратениците во регионите што ги претставуваат. Едната страна аргументираше дека многу од проблемите што ги покренуваат граѓаните се во надлежност на општините, а не на пратениците.

Извештајот е објавен на веб-страницата на IDSCS во сите јазични верзии (линк).




*Инфографик од анализата на јавното мислење за работата на Собранието, април 2024*

Средна оценка од задоволството на граѓаните од работата на Собранието




*Инфографик од анализата на јавното мислење за работата на Собранието, април 2024*

**Парламентарно емитување – Собраниски ТВ Канал и Собраниско ТВ Студио**

**Собраниски ТВ Канал**

Програмата за парламентарна поддршка обезбеди континуирана поддршка и за воспоставувањето на Советот за поддршка на Собранискиот канал како и усвојувањето на новата програмска шема на каналот.

ПСП обезбеди поддршка за Собранискиот канал во емитувањето на програмската содржина која што започна да се подготвува во телевизиското студио опремено преку средства обезбедени од ПСП. Со новата содржина и програмска шема Собранискиот канал со нејзиното тв студио се доближува кон граѓаните со цеч објективно и времено информирање за работата на законодавниот дом.

Со програмската шема Собраниски канал веќе ги обезбедува следните содржини, дневни Вести, Собраниска ризница документарен тип на емисија, Законодавен брифинг, каде што ќе се обезбеди преглед на прашања поврзани со законите, Интервју со цел да се реализират инервјуа со пратениците и други.

**Студиска посета на Францускиот Парламентарен ТВ канал**



Транспарентноста во работата на парламентите игра клучна улога во градењето на довербата меѓу избраните претставници и јавноста. Во таа насока, во рамките на Програмата за поддршка на Парламентот (ПСП), тим од професионални службеници од Собранискиот ТВ канал на Република Северна Македонија во октромври 2024 година, остваратија неколку дневна студиска посета на телевизиската станица на Националното Собрание на Франција – LCP.

Посетата овозможи директен увид во начинот на продукција на програмите во француското парламентарно студио, каде тимот имаше можност целосно да се вклучи во продукциските процеси и да учи од француското искуство. Преку оваа интеракција, учесниците стекнаа знаење за методите и техниките што се користат за создавање квалитетна и информативна парламентарна телевизиска програма.

Оваа размена на искуства послужи како инспирација за нови идеи кои ќе бидат применети во развојот на иновативни и динамични содржини за гледачите на Собранискиот ТВ Канал во Северна Македонија. Со учење од успешниот модел на LCP, тимот е посветен на подобрување на транспарентноста и достапноста на парламентарната работа преку телевизискиот канал на Собранието.




Оваа иницијатива претставува чекор напред во унапредувањето на отвореноста на законодавниот дом, со цел граѓаните да имаат подобар пристап до работата на парламентот и неговите активности.

**Стратешки комуникации**

Во периодот мај - декември 2024 година ПСП спроведе низа активности со цел зголемување на транспарентноста и достапноста на Собранието за граѓаните. Во соработка со Парламентарниот институт на 4 октомври 2024 година се одбележа денот на наставниците. Пред повеќе од 100-тина наставници по граѓанско образование беше претставен модулот за истажувачко новинарство кој НДИ го работеше повеќе од два месеци со надворешен консултат. На овој настан поздравен говор имаше Министерката за образование и наука, проф.др. Јаневска која ја поддржа иницијативата децата да учат за демократијата уште во основно образование. Оваа средба понатаму продолжи со агенда за работа каде беше претставен наставниот модул и дискутиран со наставниците. Понатамошни активности беа формирање на работана група која ќе работи на финализирање на модулот, потоа работилница за финализирање и претставување на крајниот продукт пред Министерката и Бирото за развој на образование.

Денот на Демократијата беше одбележан на 17 Септември, 2024 со театарска претстава која се одржа во Собранието.Преку пантомима младите кои беа дел од настанот имаа можност да комуницираат со вработените, раководството и пратениците. Имено преку 200 ученици од средните училишта од целата држава беа присутни и дискутира за демократските процеси кои се случуваат во Собранието.

Од Ноември започна новиот циклус на обуки за изучување на знаковен јазик. Формирани се две групи, основно и напредно ниво и на истите секој вторник и четврток ќе одржуваат часови се до Мај 2025 кога ќе се заокружи програмата.

**Квалитет на дебата**




ПСП редовно го информира Собранието и граѓаните за квалитетот на дебата во Собранието. Анализата на дебатата го мери степенот на аргументираност на говорот, степенот на почит на аргументите и личноста на соговорникот, степенот на отвореност на прифаќање на туѓи аргументи и менување на сопствени ставови поради изнесување на поиздржани аргументи од страна на соговорникот и можноста пратениците да ги

изнесат своите ставови.

Во 2024 година се финализирани две полугодишни анализи кои ги покриваат периодите јануари - јуни 2023 и јули - декември 2023 година. И двата извештаи укажуваат на релативно ниско ниво на квалитет на дебатата во Собранието и ја потврдува констатацијата дека има простор за значително подобрување. Извештаите нудат и препораки како да се подобри квалитетот на дебатата меѓу пратениците.




Во март 2024, за последен пат се презентираше најновиот мониторинг извештај пред да се распушти тогашниот пратенички состав. За време на презентацијата, се разви дискусија за квалитетот на дебатата во пратениците во заминување, можностите и ограничувањата на пратениците во нивните излагања и потенцијални идеи за дополнителни индикатори што можат да се набљудуваат и анализираат во говорите на идниот пратенички состав.

Мониторирањето за првиот извештај за квалитетот на дебатата на новиот парламентарен состав започна во јуни и заврши во декември 2024 година. Наодите од извештајот се очекува да бидат објавени и презентирани на почетокот на 2025 година. Мониторирањето за квалитетот на дебатата во првата половина од 2025 година е тековно.

**Тематски брифинг за пратеници во врска со нелегалната сеча на шуми во Република Северна Македонија**

На 21 ноември 2024 година, НДИ одржа тематски брифинг за пратеници, а поврзан со нелегалната сеча во државата и моменталната состојба со шумите и заштитата на животната средина.

Коалицијата против нелегална сеча, составена од Евротинк - Центар за европски стратегии, Регионалниот центар за шумарство и рурален развој, Македонската платформа против сиромаштија и Види Вака, а поддржана од НДИ, покани пратеници-членови на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање.

Најпрво, се презентираа досега спроведените активности во рамките на регионалниот проект, со акцент на главните наоди и заклучоци од серијата теренски истражувања низ Северна Македонија и се претставија видувањата, предлозите и можните решенија на оваа граѓанска коалиција за адресирање на проблемите.

Финално, се дискутираше и за можна собраниска јавна расправа на оваа тема во блиска иднина, која по првичните проценки на присутните пратеници, би се одржала во март, 2025 година.

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

ОД 3 до 5 септември 2024 година, пратеници од парламентите на Западен Балкан се собраа во Виена, Австрија, на Форумот на шампиони за интегритет, организиран од Националниот демократски институт (НДИ) во рамки на Иницијативата за зајакнување на законодавството во Западен Балкан (WBLSI). Собранието на Република Северна Македонија беше претставено од Арбана Пашоли и Љупчо Пренџов, кои ја нагласија важноста на меѓупартиската соработка за зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во парламентите. Дискусиите беа фокусирани на обновување на довербата на граѓаните во парламентот, зајакнување на антикорупциските иницијативи и подобрување на демократскиот надзор и законодавните реформи. Овој форум претставува значаен чекор во градењето на култура на интегритет во регионот и унапредување на демократските вредности, со што се зајакнува парламентарната отчетност и транспарентност.




### Одбележување на Меѓународен ден за борба против корупција

На 5 декември 2024 година, НДИ преку својот проект „Заедници со интегритет“ заедно со проектот „Партнерство против корупција“ финансиран од УСАИД, ја поддрѓа Државната комисија за спречување на корупцијата во организацијата на настан за одбележување на Меѓународниот ден за борба против корупцијата - 9 декември во

Собранието на Република Северна Македонија. Настанот вклучуваше поздравни




обраќања како и панел дискусија посветена на идентификување на клучните активности и предизвици при градењето на систем отпорен на дискусија. Околу 200 претставници од различни државни и локални институции, како и од меѓународни организации го проследија настанот.

# 9.2. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Северна Македонија

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

**ВОВЕД**

Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје, ја продолжија соработката и во втората половина од 2024 година. Цели на активностите опишани во овој извештај беа вклучување на младите во работата на Собранието преку давање поддршка на Клубот за младински прашања и политики и развивање волонтерска програма во рамки на Собранието. Дополнително беше поддржана и билатерална средба со Парламентот на Република Албанија, за размена на искуства во делот на финансискиот надзор, и работата на Парламентарната буџетска канцеларија на Собранието на РСМ.

## I. ПОДДРШКА ЗА ВОЛОНТЕРСКА ПРОГРАМА

По усвојување на предлог програмата од страна на Собранието и завршување на изборите, започнаа подготовките за спроведување на волонтерската програма. ВФД и Собранието беа фокусирани кон утврдување на условите и критериумите кои волонтерите треба да ги исполнуваат и креирање на јавниот повик за аплицирање. Во овој период беше отворен јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтери, беше направена селекција на кандидати и официјално започна со спроведување волонтерската програма.

Како дел од овој процес, во втората половина од 2024 беа спроведени серија активности:

1. Отворање јавен повик и селекција на кандидати за волонтери

По утврдување на критериумите и условите кои кандидатите за волонтери треба да ги исполнуваат, на 5 септември беше објавен јавен повик на кој

заинтересираните студенти кои ги исполнуваат општите и посебните услови, можеа да аплицираат. Повикот беше објавен на веб-страницата на Фондацијата за демократија на Вестминстер, рекламиран на социјалните мрежи и Линкедин и на веб страницата на Собранието. Повикот беше објавен до 27 септември.

Врз база на овие активности беа добиени вкупно 24 апликации за волонтери. Две пријави не беа земени предвид поради неисполнување на општите услови предидени во повикот.

Генералниот секретар на Собранието на 30 септември 2024 донесе Решение за формирање Комисија за селекција и избор на волонтери во состав: Даниела Велковска – претседател, Емануела Стојкоска – член, Арлинда Зеќири Таири – член, Александра Кокиновска – член и Ина Џугуманова – претставник од Фондацијата за демократија на Вестминстер.

Интервјуата со 22 кандидати се спроведоа на 1, 2 и 3 октомври 2024 во Собранието. По спроведените интервјуа и направено бодување според претходно утврдени критериуми од страна на Комисијата, беше направена селекција за избор на 20 кандидати за волонтери.

2. Свечено отворање на волонтерската програма и теоретски предавања за волонтерите

На 10 октомври во Собранието, со свечено отворање се одбележа почетокот на волонтерската програма. Со свои обраќања, волонтерите беа поздравени од претседателот на Собранието г. Африм Гаши, генералната секретарка Марина Димовска, претставници од ВФД и Британската амбасада како и поранешната генерална сектератка г-а Цветанка Иванова. Вестта за почетокот на програмата за 20 волонтери беше и медиумски покриена.

Промотивно видео за волонтерската програма, со инсерти од свеченото отворање беше објавено во ноември и промовирано на социјалните мрежи на ВФД.

На 14 и 15 октомври, со дводневна академија за волонтерите и вработените од собраниската служба која се оддржа во Маврово, официјално започна програмата. Во текот на месеците октомври/ноември/декември, во рамки на теоретскиот дел од програмата, се оддржаа вкупно 12 предавања за волонтерите на различни теми како:

- Комуникации и односи со јавност – г. Герман Филков
- Политички систем и демократија - проф д-р Марко Кртолица
- Избори и изборен систем – проф д-р Марко Кртолица
-Јавни финансии и буџетски процес – проф д-р Катерина Шапкова Коцевска и претставник на Собранието г. Петар Минов

- Политички партии и идеологии – проф д-р Ненад Марковиќ
- Собрание на Република Северна Македонија (структура и надлежности) – проф д-р Марко Кртолица
- Состав, структура, пратенички мандат, внатрешна организација и надлежности – проф д-р Марко Кртолица и пратеничката г-а Иванка Василевска
- Детално разработување на организацијата и работата на Собраниската служба – собраниска служба
- Седница и законодавна постапка – собраниска служба
- Уставно-правна историја на Северна Македонија – проф д-р Беса Арифи
- Личен и професионален развој – консултант Васко Карангелески
- позитивни практики на Британски парламент и волонтерски искуства од Велика Британија – претставничка од Британски парламент, Мариа Амрин

Волонтерите паралелно со теоретските предавања, вршеа и практична работа во секторите на Собранието каде се тие прераспределени.

## II. ПОДДРШКА НА ПРАТЕНИЧКИ КЛУБ ЗА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Во март 2024 година, членовите од Клубот за младински прашања и младински политики (од претходниот парламентарен состав), со поддршка на ВФД организираа работна средба посветена на заокружување на активностите од Клубот во изминатата година, и финализирање на документите кои ги дефинираат работата и делокругот на ова тело. Пратениците дефинираа и насоки за поднесување официјален допис до Собранието на Република Северна Македонија, со цел формирање на матично тело за млади во следниот парламентарен состав.

На крајот од собранискиот мандат (2020-2024) Клубот за младински прашања и младински политики поднесе барање до генералниот секретар на Собранието за формирање матично тело за млади во следниот состав на Собранието. Ова тело треба да обезбеди постојано претставување на младите и во полн мандат да ги покрива младинските прашања и политики во Собранието. Досегашната работата на Клубот за младински прашања и младински политики, и резултатите од истата ја потврдуваат потребата од формирање на тело во структурата во Собранието. Клубот досега беше формиран од пратеници од различни пратенички групи и работеше на клучни младински политики во последните два мандата на Собранието.

Оваа година, во четврти последователен собраниски мандат беше формиран новиот Клуб за младински прашања и младински политики. Во временските рамки кои ги опфаќа овој извештај, со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер, Клубот организираше: конституивна седница, една јавна дебата, две средби за планирање на работата на Клубот, една студиска посета, една работна средба за комуникација со засегнатите страни за работата на ова тело, еден прием за млади и младински организации. Вкупно 15 млади пратеници учествуваа во работата на Клубот и тоа: Драгана Бојковска, Моника Зајкова, Сергеј Попов, Јован Јаулески, Рина Ајдари, Фериде Хаџиу, Мимоза Муса, Амар Мециновиќ, Бојан Стојановски, Јане Мицески, Петар Марков, Калтрина Зеќири, Љупчо Николовски, Даниел Стојчевски и Бисера Златеска.

1. На 10 септември 2024 се одржа **конститутивна седница** на Клубот за младински прашања и политики на Собранието. Како најмлад пратеник во овој парламентарен состав, Драгана Бојковска претседаваше со конститутивната седница, кадешто беше назначена за координатор на Клубот.

2. На 19 септември 2024 Клубот за младински прашања и политики ја одржа својата прва **јавна дебата на тема: Младинските политики и Законот за младинско учество и политики**. Како воведничари се обратија координаторката на Клубот, Драгана Бојковска; заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски и директорката на Вестминстер фондацијата за демократија, Дона Костуранова. Пред присутните се обратија и пратениците-членови на Клубот за младински прашања: Љупчо Николовски, Амар Мециновиќ, Фериде Хаџиу, Сергеј Попов и Рина Ајдари, како и Иванка Василевска, претседателка на Комисијата за образование, наука и спорт. По однос на темата на настанот - Законот за младинско учество и политики, зборземаа Зоран Илиески од Коалицијата СЕГА, Филип Ивковски од Националниот младински совет, Бленди Ходаи од Форумот за образовни промени, Александар Николовски од УСС УКИМ НТС, Ристо Савевски од Младинскиот образовен форум и Виктор Бучковски од ХЕРА. Дискутантите се осврнаа на потребата од имплементација на Законот за младинско учество и политики од страна на институциите, но се истакнаа и препораки за унапредување на постојниот закон. Беше истакнато дека е од голема важност Законот да се донесе со консензус меѓу невладините организации, институциите и пратениците. На крајот од дисусијата беше упатена порака дека Клубот останува партнер за сите младински организации - отворен за

соработка со сите заинтересирани страни во однос на младинските политики.Оваа дебата беше поддржана од Фондацијата за демократија на Вестминстер.

3. На 26 септември 2024 беше одржана **првата средба за планирање на работата на Клубот во овој парламентарен состав**. На оваа средба, фасилитирана од Фондацијата за демократија на Вестминстер, беа присутни членови на Клубот за младински прашања и политики и поранешни пратеници кои ги презентираа своите искуства и добри практики за креирање политики кои ги одразуваат реалните младински потреби.

4. На 14 октомври 2024 Клубот за младински прашања и политики одржа работна **средба со Мариа Армин, претставничка од Британскиот парламент**. На средбата беа разменети искуства од работата на Британскиот парламент со акцент на комуникацијата со млади и засегнати страни за работата на Клубот. Средбата беше на иницијатива на Фондацијата за демократија на Вестминстер.

5. Од 24 до 25 октомври 2024, со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер се одржа **стратешко планирање на Клубот за младински прашања и политики**. Пратениците ги поставија приоритетите за работата на Клубот во наредниот период, со фокус на заштитата на менталното здравје на младите, младинското учество и младинскиот стандард.

6. Од 26 до 28 ноември 2024 година собраниска делегација предводена од пратеничката Драгана Бојковска - координаторка на Клубот за младински прашања и политики, учествуваше на **студиска посета на Државниот збор на Република Словенија**. Посетата беше фокусирана на работата на Клубот на млади пратеници од Словенечкиот парламент, соработката на Клубот со комисии кои покриваат младински прашања и политики, како и поддршката што Клубот ја добива од Парламентот. Собраниската делегација беше составена од пратениците: Моника Зајкова, Калтрина Беќири и Сергеј Попов од Клубот за младински прашања и политики; Илире Даути и Ангелинка Петкова од Комисијата за социјална политика, демографија и млади; Иванка Василевска од Комисијата за образование, наука и спорт и двајца собраниски службеника. Делегацијата оствари средба со претседателот и со членовите на Комисијата за образование, наука и млади, со претседавачот и со членовите на Клубот на млади пратеници, како и со генералната секретарка на Словенечкото собрание.

Средбата со Комисијата за образование, наука и млади беше фокусирана на работата во областа на младинските прашања и политики, при што од страна на словенечките пратеници беа посочени законските прописи кои ги засегаат младите од претшколска возраст сè до високо образование и образование на возрасни, како и низа мерки коишто се преземаат за обезбедување подобар живот на младата популација. Претставниците од Клубот на млади пратеници го споделија нивното искуство околу начинот на кој вршат консултирање и вклучување на младите во креирањето и носењето одлуки. Тие го објаснија процесот на соработката со младинските организации со цел донесување законски решенија во најдобар интерес на младите. Во рамки на студиската посета беше остварена средба со Младинскиот совет на Словенија, при што беа презентирани нивните активности, соработката со локалната самоуправа и со Клубот на млади пратеници, а ги објаснија и законските одредби кои го уредуваат функционирањето на младинските организации. Собраниската делегација оствари средба и со Студентската организација на македонски студенти во Словенија кои дадоа информации околу студентскиот стандард во Словенија, состојбата со домувањето, добрите практики во областа на студентското организирање, можноста за студентска работа, како и мотивите за враќање во земјата. Посетата беше организирана со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер преку проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Британската амбасада во Скопје.

7. На 20 декември 2024 Клубот за младински прашања и политики организираше **прием и неформална дружба со цел дискусија за младинските предизвици и приоритети во 2025 година**. На настанот беше направена рефлексија на активностите спроведени во 2024 година, беа презентирани приоритетните области за работата на Клубот, а претставниците на младинските организации имаа можност да споделат повеќе за својата претстојна работа во младинскиот сектор. Учесниците беа охрабрени да ја искористат оваа пригода за споделување на своите активности и предлози за политики за млади, кои ќе го најдат своето место во планот за работа на Клубот за младински прашања и младински политики. Ова беше дел од континуираната работа на Клубот, кој постојано соработува со младите и го отвора Собранието за нив. Настанот беше организиран со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер.

## III. ПОДДРШКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ И ФИНАНСИСКИОТ НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО

На 18 октомври 2024 година, Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во соработка на Парламентот на Република Албанија и Собранието на РСМ, организираше заедничка средба за размена на искуства и практики за зајакнување на финансискиот надзор на двата парламента, со посебен осврт на работата на Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК). Средба беше целодневна работилница и истата се одржа во Драч, а беше предводена од претседавачот со Комисијата за финансии и економија на Албанија г. Шалси.

Со оглед на искуството во оваа област што го има нашиот Парламент, посебно со Парламентарната буџетска канцеларија (ПБО), на барање на Албанскиот Парламент, делегација од осум пратеници од Комисијата за финансирање и буџет, како и од Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика и четири претставници од Службата на Собранието, беа присутни на оваа средба, а исто толку пратеници имаше и од Република Албанија. Работилницата даде преглед на сите чекори потребни за создавање и операционализација на ПБК, како и работата и тековните активности на ПБК. Дополнително, албанските колеги ја презентираа работата на новоформираниот Поткомитет за јавна ревизија.

## 9.3. Активности на DCAF во Собранието на Република Северна Македонија

**Општо за програмата и проектот**:

ДЦАФ им помага на земјите-партнери во изготвувањето и унапредувањето на легислативата, подобрување на капацитетите на институциите и развој на политиките и практиките за подобрување на управувањето и отчетноста на нивниот безбедносен сектор, преку инклузивни и партиципативни реформи засновани на меѓународни норми и согласно начелата на: непристрасност, локална одговорност/сопственост, инклузивно учество и родова еднаквост.

ДЦАФ и Собранието го отпочнаа стратешкото партнерство со потпишување Меморандум за разбирање на **3 мај 2018** година за спроведување на Проектот „***Развивање на парламентарен и независен надзор***“, како дел од поширокота „***Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017-2021 година***“ реализирана од страна на ДЦАФ.

Оттогаш се постигнати забележителни позитивни резултати, а проектот обезбеди навремена поддршка за почетната фаза од тоа што ќе прерасне во подолготраен реформски процес за демократско управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. Ова на директен и решителен начин придонесува за изградба на нужните механизми за отчетност, поврзани со напредокот на преговорите за членство во ЕУ.

Врз основа на резултатите и продолжувањето на реформските приоритети од страна на Собранието, со финансиска и стратешката поддршка од Швајцарија, Шведска, Холандија и Европската Унија, почнувајќи од 1 април 2021 година, ДЦАФ ја иницираше втората фаза на Програмата која ќе има продолжена временска рамка за имплементација до 2026 година. Во таа насока ДЦАФ и Собранието на **19 ноември 2021 година** го потпишаа **вториот**

**Меморандум за соработка** за реализација на проектот ***„Поддршка за развојот на парламентарниот надзор над безбедноста и разузнавањето во Република Северна Македонија“***.

**Активности реализирани во периодот од 28 мај 2024**
**до 31 декември 2024 година**

Активностите организирани од ДЦАФ имаа за цел зголемување на свеста, релевантната експертиза и техничките услови за ефикасен и ефективен парламентарен надзор над безбедноста и разузнавањето во Република Северна Македонија.

ДЦАФ со Собранитето, како партнерска институција, покрај редовната секојдневна поддршка на Собранието, реализираше единаесет настани кои се претставени во табеларниот преглед подолу.

**АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ПЕРИОД ОД 28 МАЈ 2024 ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2024**

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни од Собранието |
|---|---|---|---|
| **1.** | Обука за пренесување/ испорака на занаења кон аудиториум **11 - 13 јули 2024, Берово** | Обуката се фокусира на подобрување на вештините и техниките потребни за ефективно да се пренесат информации, идеи и експертиза на другите. Овој тип на обука е од суштинско значење за Службата на парламентот, особено во преоден период кога се формираат новите работни тела во Собранието и треба ефективно да отпочнат со работа. Обуката во својот контекст интегрира: разбирање на публиката, комуникациски вештини, развивање јасна и концизна вербална комуникација, ефикасно користење визуелни помагала и мултимедијални алатки, презентации и останати вештини кои се неопходни во процесот на пренесување на знаења. | 2 претставници од Парламенатарната служба. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | Обука „Повторување и усвојување нови знаења околу на клучни концепти, принципи и стандарди за парламентарен надзор во рамките на реформите на разузнавачко безбедносната заедница“ **26 август 2024, Скопје** | Зајакнување на капацитетите на претставниците на собраниската служба за ефективен надзор над разузнавачките и безбедносните служби. Обуките се дизајнирани да ги унапредат капацитетите на Собраниската служба, со цел унапредување на ефикасноста на парламентарниот надзор над разузнавачките и безбедносните служби. | 4 претставници од Парламенатарната служба. |
| **3.** | Обука „Детално запознавање со видовите на разузнавачко безбедносни функции, операции и активности како дел од управувањето со реформите во разузнавачко безбедносниот сектор“ **13 септември 2024, Скопје** | Зајакнување на капацитетите и помагање на членовите на Собраниската служба да го повторат и да го подобрат знаењето за нивните улоги и за пошироката рамка на управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор. | 4 претставници од Парламенатарната служба. |
| **4.** | Обука „Реформи на раузнавчко безбедносниот сектор базирани врз принципот на човековите права 1“ **26 септември 2024, Скопје** | Целта на обуката е да го подобри разбирањето на учесниците за реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор засновани на принципите на човековите права, обезбедувајќи демократски надзор, одговорност и усогласеност со меѓународните стандарди. | 4 претставници од Парламенатарната служба. |
| **5.** | „Акредитација, промоција и свечено пуштање во употреба на заштитената соба и заштитениот работен простор во Собранието на Република Северна Македонија“ **21 октомври 2024, Скопје, Собрание РСМ** | Настанот имаше за цел промоција и информирање стручната и пошироката јавност, како и донаторската заедница за постоењето и операционализацијата на овој ресурс во Собранието на Република Северна Македонија. | Пратеничкиот состав, Собраниска Служба, Дипломатски кор во РСМ, претставници на ДЦАФ, соработници и партнери на Собранието. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.** | Обука „Реформи на раузнавачко безбедносниот сектор базирани врз принципот на човековите права 2“ **29 октомври 2024, Скопје** | Како продолженија на првата обука од овој тип целта е да се унапреди разбирањето на учесниците за реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор засновани на принципите на човековите права, обезбедувајќи демократски надзор, одговорност и усогласеност со меѓународните стандарди. | 4 претставници од Парламенатарната служба. |
| **7.** | Обука „Реформи на раузнавчко безбедносниот сектор базирани врз принципот на човековите права 3“ **1 ноември 2024, Скопје** | Како продолженија на првата и втората обука од овој тип целта е да се унапреди разбирањето на учесниците за реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор засновани на принципите на човековите права, обезбедувајќи демократски надзор, одговорност и усогласеност со меѓународните стандарди. | 4 претставници од Парламенатарната служба. |
| **8.** | Работилница со повеќе засегнати страни: “Приватност и заштита на податоците во дигиталната ера: концепти, рамки и предизвици ” **13-15 ноември 2024, Гевгелија** | Настанот имаше за цел да ги спои претставниците на парламентот (пратеници и парламентарна служба), претставниците на Народниот правобранител и претставниците на граѓанските организации и медиумите за да се зголеми разбирањето за нивните различни улоги во надзорот и обезбедувањето на ефикасно и отчетно управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор. | 10 пратеници и 3 претставници од Парламенатарната служба. |
| **9.** | Експертска тркалезна маса за надзор над разузнавањето во рамките на Програмата на ДЦАФ за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во РСМ **26-28 ноември 2024, Женева** | Целта е да се нагласи критичната улога на Собранието во демократизацијата на безбедносниот сектор, да го олесни дијалогот со високите претставници на безбедносно-разузнавачкиот сегмент и претставниците на македонскиот парламент за клучните предизвици во ефективниот парламентарен надзор и управувањето со безбедносниот сектор. | 5 претеници од Собранието. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.** | Обука за „Развивање на комуникациски, аналитички и советодавни вештини“ **18 декември 2024, Скопје** | Подобрување на комуникациските, аналитичките и советодавните вештини на собраниската служба со цел поефикасно имплементирање на надзорниот процес над безбедноста и разузнавањето. | 4 претставници од Парламенатарната служба. |
| **11.** | Обука “Градење на капацитети за пренос на знаење и оддржлив граѓански надзор” **19 - 21 декември 2024, Велес** | Да се унапредат потребните вештини и знаења за ефективен пренос на знаења, овозможувајќи им на учесниците да ги едуцираат и информираат другите во рамките на нивните институции, организации и мрежи. | 1 претставник од Парламенатарната служба. |

**Идни предизвици**:

- Континуитет и одржливост на надзорниот процес во 2025;
- Вложување на потребни ресурси во одржливоста на постигнатите резултати со Службата на Собранието и преземање на иницијативата за надзорниот процес од нивна страна, што дополнително ќе ја гарантира одржливоста на постигнатите резултати;
- Подобрување на квалитетот на парламентарниот и независен надзор;
- Избор и операционализација на Советот за граѓански надзор да може да функционира во рамки на своите надлежности;
- Избор на технички експерти за Комисијата за следење на комуникациите;
- Давање совети, експертиза, продукти на знаење и поддршка на наздорните комисии од страна на ДЦАФ.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизацијана работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

*1. генерален секретар;*

*2. заменик на генералниот секретар;*

*3. собраниски државни советници;*

*4. сектори;*

*5. одделенија и*

*6. посебни организациони единици.*

Со стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија раководи генералниот секретар **г-ѓа Марина Димовска.**

Генералниот секретар има тројца заменици и тоа, **Никола Ѓошевски, Бобан Стојаноски и Ибуш Јусуфи.**

Со Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Северна Македонија донесен на 29 јануари 2021 година и Согласноста за негова примена од 1 февруари 2021 година, во Службата се утврдени еден кабинет, 15 сектори, 49 одделенија во рамките на секторите и кабинетот, една посебна организациона единица - Парламентарен институт и две посебни организациони единици како одделенија. Во Службата се утврдуваат работни места - собраниски државни советници, за одделени области во надлежност на Собранието.

Собраниските државни советници вршат најсложени работи и задачи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот систем, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието во чиј состав се формирани три одделенија, се грижи за извршување стручни, аналитички и советодавни работи за остварување на надлежностите на претседателот на Собранието, како и за подготовка и реализација на тековните и меѓународните активности и јавни настапи.

Секторот за поддршка на генералниот секретар на Собранието е составен од пет одделенија. Во Секторот за поддршка на генералниот секретар на Собранието се извршуваат работите за поддршка на работата на генералниот секретар; нормативно-правни работи; поддршка на работата на пратеничките групи; организирање на работата за остварување контакти на пратениците со граѓаните; протоколарните работи за претседателот и потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и замениците.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија во негов состав, подготвува и дава стручна помош во подготвувањето на текстови на Предлог на закони и други акти и на амандмани кои ги предлагаат пратениците; врши правно-техничко уредување на текстовите на предлог на законите за трето читање; врши номотехничко уредување на текстовите на законите и другите акти на Собранието за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија"; јазична редакција, лекторирање, коректура и срамнување на законите и другите акти на Собранието; се грижи за објавувањето на законите и другите акти донесени од Собранието во "Службен весник на Република Северна Македонија",и врши други нормативно-правни работи што произлегуваат од законодавната надлежност на Собранието.

Секторот за седници на Собранието е составен од три одделенија. Во Секторот за седници на Собранието се извршуваат работи за подготовка и организирање на седниците на Собранието; изготвување на Решение за свикување на седници на Собранието; изготвување на покани за присуство на седниците на Собранието; изготвување на записници од седниците на Собранието; работи поврзани со пратеничките прашања; врши дактилографски работи; изготвува писмен текст од аудиозаписи од седниците (стенографски белешки); изготвува писма со кои претседателот на Собранието доставува предлози на закони, акти и други материјали до сите пратеници во електронска форма, како и други материјали во пишана форма; изготвува писма што претседателот на Собранието предлозите на законите и другите општи акти и материјали ги доставува до претседателот на Републиката, Владата, пратениците, работните тела на Собранието и другите субјекти; како и работни задачи поврзани со е-парламент и е-влада.

Секторот за работни тела на Собранието е составен од осум одделенија. Во Секторот за работни тела се извршуваат работи за подготовка и реализација на седниците на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела; дава стручна и советодавна поддршка и ги координира седниците на Комисијата за уставни прашања, Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела; ги организира седниците и дава поддршка на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците. Во рамките на одделенијата се врши планирање на седниците на комисиите; подготвување на материјали за седниците, покани, сценарија за предлози на закони и други материјали; се подготвуваат извештаи од прво читање на предлог на законите; сценарија за водење претрес и гласање по поднесени амандамани; подготвување амандмани на работно тело; подготвување дополнет предлог на закони од второ читање и на други предлог акти; подготвување предлог-одлуки, мислења; подготвување извештаи и заклучоци по други материјали што се доставуваат до Собранието согласно со надлежностите на комисиите; подготвува записници и се вршат други работи потребни за реализирање на надлежностите на комисиите; како и внесување на е-парламент на сите материјали кои се поврзани со седниците на комисиите.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите со двете одделенија во негов состав извршуваат стручни и советодавни работи за: организирање, координирање и реализација на седниците, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер на Советот; изготвување на документи и обезбедување работни материјали за потребите на Советот; следење на процесот на евроинтеграциите; изготвување на приоритетите на Собранието и информации за реализирани активности на Собранието во процесот на евроинтеграциите; изготвување на анализи и информации за

национални стратешки документи и документи на Европската Унија; следење на усвојувањето на законодавството на Европската Унија од годишните ревизии на НПАА; на пратениците преку ЕУ Центарот им обезбедува пристап до информации за прашања од Европската Унија; остварување на редовна соработка во процесот на интеграција во Европската Унија и обезбедува јавност во работата на Советот.

Секторот за меѓународна соработка на Собранието е составен од две одделенија. Во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат работите за организирање и координирање на меѓународните активности на претседателот на Собранието, постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија и на генералниот секретар; подготвување на информации и други материјали од областа на меѓународните активности на Собранието; подготвување на стручен и информативен материјал за потребите на пратениците за билатералните средби со претставници на парламенти на други држави; подготвување потсетници, извештаи, анализи и други информативни материјали за потребите на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламенти на одделни држави; организирање на службените патувања за билатералната и мултилатералната соработка на Собранието; учествува во организирање на други службени патувања за пратениците и Службата и учествува во организирање на настани во државата.

Во рамките на трите одделенија во Секторот за административни работи се извршуваат административни работи: прием и заверка на пошта, архивирање и чување на материјали; испраќање на материјали; достава на поштата и пратките преку курирска служба надвор и во зградата на Собранието; се вршат работи поврзани со е-парламент и е-Влада; врши подготовка за испраќање на покани и материјали за свечени приеми и прослави; доставува материјали во салата за одржување на седници на Собранието за време на одржување на седници; до носителите на јавни функции доставува одлуки за избор, именување и разрешување; изготвува статистички информации; врши секретарски работи за потребите на потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, генералниот секретар и замениците на генералниот секретар; врши статистичка обработка на различни податоци по барање на пратениците, пратеничките групи и Службата; прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието; документациониот фонд и стенографските белешки од седниците на Собранието и работните тела; обработува фактографска документација по одделни прашања и проблеми за потребите на Службата; води селекција и евиденција во влезен картон и електронска обработка на документациониот материјал; обезбедува пристап за барателите од Службата и надворешни корисници преку интранетот и веб-страницата на Собранието; средува и обработува материјали од седниците на Собранието; обработува стенографски белешки од седниците на Собранието со опис и попис согласно со нормативите на Архивот на Република Северна Македонија што се предаваат на трајно чување во Архивот; обработува, средува и чува оригинали на закони, одлуки и други акти за секоја измината година.

Во Секторот за преведување и толкување формирани се четири одделенија, во кои се извршуваат работи на толкување (устен превод) и писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик; јазична редакција и срамнување на материјали преведени од македонски на албански јазик; јазична редакција на текстови на акти преведени од македонски на албански јазик за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија"; како и

устен и писмен превод од македонски на албански јазик на странски јазици и обратно за потребите на Собранието.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и во него се извршуваат работи на планирање, развој и имплементација на информатичкиот систем; овозможува непречено функционирање на информатичкиот систем; се грижи за безбедност на информатичкиот систем; овозможува непречено функционирање на софтверските апликативни решенија во употреба во Собранието; веб-страницата на Собранието; сметките на Собранието на социјалните мрежи и базите на податоци; врши планирање, развој и имплементација на системите за електронско гласање и говорење; овозможува функционирање на аудио и видеоопремата во текот на одржувањето на седниците на работните тела и седниците на Собранието.

Секторот за односи со јавноста е составен од две одделенија. Во Секторот за односи со јавноста се извршуваат работи за информирње на јавноста и остварување комуникација со медиумите во врска со работата на Собранието; објавување на собраниските активности, соопштенија, материјали и информации од јавен интерес на веб-страницата на Собранието; најавување и известување за официјалните средби и активности на социјалните медиуми; обезбедување непосредна комуникација со медиумите; врши акредитација на новинари; учество во одржувањето на прес-конференции и брифинзи за медиумите како и електронско информирање на истите за собраниските актуелности/активности.
Во Секторот за поддршка на Советот на Собранискиот канал во чии рамки се наоѓаат две одделенија, се извршуваат работите на планирање, подготовка и реализација на преноси на седниците на Собранието, работните тела и други тела на Собранието и други настани организирани од Собранието.

Секторот за финансиски прашања е составен од три одделенија и во него се извршуваат работи од областа на финансиското управување и контрола; следење на целосното и навремено прибирање на приходите; навременото плаќање на расходите во согласност со процедурите за преземање на обврски и извршување на плаќања; следење на усогласеноста на извршувањето на буџетот во целост или за одделни буџетски ставки; буџетското и финансиското известување; координирање при подготовката на стратешкиот план на Собранието и предлог-буџетот за наредната година и повеќегодишните проекции поврзани со буџетот; подготвување на Предлогот за изменување и дополнување на буџетот; координира при следење на ефективноста на буџетската контрола што ја спроведуваат раководителите при управувањето со сопствениот дел од буџетот, при што обезбедува дали: одобрените буџети не се надминати; пренамените помеѓу буџетските ставки се вршат согласно на целите и/или намената и буџетските ставки се извршуваат во годината за која се планирани; воспоставува ревизорска трага, односно документиран тек на финансиските и други трансакции од нивниот почеток до крај; координира спроведување контрола на ревизорската трага воспоставена од раководителите во субјектот; изготвување Годишен финансиски извештај согласно со закон; пресметка и исплата на платите; благајничко работење; водењето деловни книги предвидени согласно со закон; усогласувањето на средствата и изворите на средствата; водење на евиденција на основни средства и изготвувањето на завршните сметки на Собранието; прием, евидентирање и издавање на материјали од магацинот.

Секторот за јавни набавки е составен од две одделенија. Во Секторот за јавни набавки се извршуваат работи на следењето и примената на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки; планирање, реализирање и контролирање на набавките на стоки, услуги и работи за потребите на Собранието за тековната година, а согласно со одобрените средства во буџетот на Собранието; спроведување на јавните набавки; изготвување на акти од областа на јавните набавки; водењето на евиденции за постапките за јавни набавки и други евиденции; комплетирање и средување на документациите за извршените набавки и формирање на досиеја; подготвување и давање на известувања, информации и извештаи до Бирото за јавни набавки; истражување на пазарот; давање на стручна и техничка помош на комисиите за јавни набавки.

Во Секторот за техички работи во чии рамки се формирани две одделенија, се извршуваат работи за тековно и инвестиционо одржување на објектот на Собранието; подготовка и реализација на проекти за тековно инвестициони зафати во објектот; тековно одржување на системите (инсталации и опрема) за греење, ладење, ПП заштита, громобранска инсталација, фиксна телефонија, ентериерно уредување на сали и кабинети; по потреба учествува во организирање на свечености и други средби и активности во Собранието; се грижи за одржување на културното наследство согласно со етнолошката традиција; врши фотокопирање и умножување на материјали за потребите на Собранието, работните тела и Службата.
Секторот за управување со човечки ресурси е составен од две одделенија. Во Секторот за управување со човечки ресурси се вршат работите од делокругот на планирање и екипирање на човечките ресурси преку постапки за вработување со јавен оглас; унапредување со интерен оглас; мобилност; права и обврски од работен однос на вработените, пратениците и именувани лица; координација на процесот за оценување; проценка и анализа на потребите од обука; планирање на обуки; испорака и евалуација на обуките; согледување на вредноста и квалитетот на реализираните обуки; грижа за мотивација на вработените; следење и унапредување на дисциплината на вработените и водење на постапки за дисциплинска и материјална одговорност; внесување и ажурирање на податоци за вработените во електронскиот систем за човечки ресурси и води евиденција за присуство и отсуство на вработени.

Посебната организациона единица-Парламентарен институт ја сочинуваат два сектора, во рамките на кои се формирани по две одделенија. Оваа организациона единица врши истражувања и изработува анализи за потребите на пратениците, работните тела, советите и пратеничките групи; изработува билатерални истражувања и регионални студии со парламентите од земјите од регионот и Европската Унија; разменува информации со ЕЦПРД, ИПУ, ИФЛА, ИЦА, Форумот на центрите за посетители на парламентите и други парламенти и предлага на генералниот секретар кореспондент или заменик кореспондент во Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД) од вработените во Парламентарниот институти обезбедува информации за парламентарни и други меѓународни организации; планира, организира и спроведува специјализирани обуки, семинари и работилници за пратениците, вработените во Службата на Собранието, практикантите во Собранието; асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните и надворешните соработници на пратеничките групи; организира и спроведува воведна сесија за новоизбрани пратеници и брифинзи (кратки презентации); користи законодавна база на податоци (е-архива); управува со библиотека и софтвер за е-библиотека и набавува книжен фонд; спроведува програма за

практиканти во Собранието; организира и спроведува специфична комуникација со јавноста; планира и спроведува буџетска потпрограма за Парламентарниот институт.

Посебната организациона единица-Одделението-Парламентарна буџетска канцеларија (ПБК) врши финансиски и буџетски анализи за обезбедување информации на пратениците и работните тела, собраниските комисии во врска со вршење на пратеничкиот мандат и за потребите на Собранието заради унапредување на парламентарниот финансиски надзор. Финансиските анализи кои опфаќаат информативни материјали, брифинзи и кратки студии поврзани со: буџетот, изменување и дополнување на Буџетот и завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија; годишниот и други финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија, како и на останатите независни тела, основани од Собранието; врши анализи од областа на фискалната и монетарната политика; изработува сопствени финансиски пресметки и основни финансиски проценки на предлог политики, како и проценки на трошоци и користи (цост-бенефит) на предлог-законите поднесени од пратеник/пратеници; ја следи работата на Комисијата за финансирање и буџет, како и на останатите работни тела во Собранието; по сопствена иницијатива изработува анализи и статистички макроекономски прегледи за движењето на основните макроекономски индикатори како што се: движењето на БДП, стапката на инфлација, странски директни инвестиции, платен биланс, надворешно трговска размена, монетарни движења, јавен долг, пазар на работна сила и друго; по потреба, организира брифинзи (кратки известувања), семинари и работилници, во областа на фискалната политика, а се поврзани со финансискиот и буџетски надзор; врши размена на информации со други парламенти и со останатите органи на државната управа, како и меѓународни финансиски институции.

Посебната организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на: процена на усогласеност на работењето на Собранието во согласност со законите, подзаконските, интерните акти и договори; темелна процена на функционирањето на системот за внатрешна контрола; оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на генералниот секретар за намалување на факторите за ризик; проверка на точноста, комплетноста и законитоста на сметководствената евиденција и финасиските извештаи на Собранието; давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на Собранието; извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и следење на нивното спроведување; изготвување на извештаи од извршените ревизии; следење на спроведување на мерките преземени од генералниот секретар врз основа на препораките дадени во ревизорските извештаи; изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешна ревизија и други работи од областа на внатрешната ревизија.

| *Назив на секторот* | *вкупен број на вработени во сектори* | *Државни службеници* | | | *работници кои не се државни службеници* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *рако-водни* | *стручни* | *помошно стручни* | |
| *Генерален секретар и заменици на генералниот секретар* | **1+3** | - | - | - | - |
| *Собраниски државни советници* | **8** | 8 | - | - | - |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | **7** | 2 | 5 | - | - |
| *Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието* | **23** | 2 | 15 | 3 | 3 |
| *Законодавно - правен сектор* | **9** | 1 | 6 | 2 | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | **11** | 5 | 5 | 1 | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | **36** | 9 | 26 | 1 | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | **5** | 3 | 2 | - | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | **9** | 4 | 5 | - | - |
| *Сектор за административни работи* | **36** | 2 | 7 | 12 | 15 |
| *Сектор за преведување и толкување* | **20** | 5 | 13 | 2 | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | **13** | 3 | 3 | 7 | - |
| *Сектор за односи со јавноста* | **5** | 2 | 3 | - | - |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | **6** | 3 | 3 | - | - |
| *Сектор за финансиски прашања* | **14** | 4 | 6 | 4 | |
| *Сектор за јавни набавки* | **6** | 2 | 3 | - | 1 |
| *Сектор за технички работи* | **27** | 1 | 5 | 7 | 14 |
| *Сектор за управување со човечки ресурси* | **5** | 3 | 2 | - | - |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | **16** | 8 | 8 | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение парламентарна буџетска канцеларија (ПБК)* | **4** | 1 | 3 | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | **3** | 1 | 2 | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | ***263*** | ***69*** | ***122*** | ***39*** | ***33*** |

Со измените и дополнувањата на Законот за Собранието на Република Македонија, Службата ја сочинуваат собраниски службеници и лица вработени во Службата кои вршат помошно-технички работи. Собраниските службеници се лица со статус на административни

службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и општите прописи за работните односи, освен ако со овој закон не е поинаку уредено. Лицата вработени во Службата кои вршат помошно-технички работи немаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и прописите за работни односи.

Во Службата, заклучно со 31 декември 2024 година има 230 собраниски службеници и 33 лица вработени кои вршат помошно-технички работи (помошно-технички лица) или вкупно 263 вработени во работен однос на неопределено време. Во Кабинет на претседателот на Собранието вработени се два посебни советници. За потребите на потпретседателите на Собранието вработени се два посебни советници. За потребите на генералниот секретар на Собранието вработен е еден посебен советник. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, кој има заменици.

Генералниот секретар формира Совет на собраниска служба како негово советодавно тело, кое изготвува функционална анализа; предлага акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места во Службата, изготвени врз основа на функционалната анализа; предлага пополнување на работни места во Службата преку интерен и јавен оглас; му помага на генералниот секретар во врска со функционирањето и координирањето на Службата и врши други работи.

Службата има 69 раководни собраниски службеници, 122 стручни собраниски службеници, 39 помошно-стручни собраниски службеници и 33 лица вработени кои вршат помошно-технички работи (помошно-технички лица).

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собранието, на секои пет пратеници, организирани во пратеничка група, предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

Собранието презема активности за зајакнување на собраниската служба како основа за спроведување на другите реформски процеси и активности околу кадровско екипирање, систем за мотивација на вработените, институционална реорганизација и зајакнување на административните капацитети преку систем на генерички и специјализирани обуки.

Собранието како носител на законодавната власт и орган кој што врши политичка контрола на извршната власт овие уставни овластувања може да ги врши само во услови на постоење на негова финансиска и административна независност.

Со измените и дополнувањата на Законот за Собранието на Република Македонија се постигна делумна административна самостојност на Службата на Собранието што се изрази преку: донесување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места од генералниот секретар на Собранието на предлог на Советот на собраниска служба и истите се применуваат по добиена согласност од претседателот на Собранието; Годишниот план за вработување, за кој финансиска согласност дава Буџетскиот совет на Собранието и Постапките за пополнување на работно место во Службата кои се вршат преку спроведување на постапка за: вработување, преку објавување на јавен оглас; унапредување преку објавување на интерен оглас и мобилност, преку распоредување или преземање, се спроведуваат по претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од претседателот на Собранието, во рамките на обезбедените средства во Буџетот за Собранието и Годишниот план за вработување.

## 10.1.1 Активности на генералниот секретар

Генералниот секретар на Собранието го именува Собранието по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Генералниот секретар ги извршува работите што му ги доверува претседателот на Собранието. Генералниот секретар му помага на претседателот на Собранието во подготовките и организирањето на седниците на Собранието и врши други работи утврдени со Деловникот. Генералниот секретар ја организира и усогласува работата на Службата на Собранието и донесува правилници, упатства и други акти за работа на Службата. На 9 седница на 5 јули 2024 година за генерален секретар на Собранието е избрана Марина Димовска.

**Активности на генералниот секретар на Собранието Марина Димовска**

- **Работна средба** со Роберт Скот Хајзлет, виш резидентен директор на Националниот демократски институт и тим-лидер на Програмата за парламентарна поддршка, финансирана од Владата на Швајцарија и претставници од НДИ. (јули)
- **Работна средба** со претставници од Вестминстер Фондацијата за демократија Дамир Незири, заменик регионален директор, Дона Костуранова, државен директор во земјата, Петар Трајков, програмски раководител и претставници на Вестминстер Фондацијата, како и претставници од Британската амбасада во Скопје. (јули)
- **Проштална средба** со амбасадорот на Европската Унија, Дејвид Гир (јули)
- **Средба** со Даниел Браун, Официјален претставник на Фондацијата Конрад Аденауер во Македонија (јули)
- **Средба** на собраниска делегација со Касандра Фернандо, претседателка на Групата за пријателство од Парламентот на Австралија (јули)
- **Средба** со претставници на OSCE (септември)
- **Обраќање** - Прогрес на С. Македонија во Берлински процес (септември)
- **Средба** на собраниска делегација со Министерот за надворешни работи на Турција, Хајкан Фидан (септември)
- **Обраќање** на Конститутивна седница на Клубот за младински прашања и политики (септември)
- **Регионална конференција** за парламентарната димензија на ЕУ-интеграцијата на Западен Балкан – Албанија (септември)
- **Обраќање** по повод одбележувањето на меѓународниот Ден на демократијата (септември)

- **Работен состанок** со пртставници на Канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги UNOPS и Швајцарска амбасада - Проект "Поддршка на Европската интеграција" (септември)
- **Средба** на собраниска делегација со претседателката на Собранието на Албанија, Елиса Спиропали (септември)
- **Средба** со Директорот на Меѓународниот републикански институт ИРИ, Џон Флуарти (септември)
- **Обраќање** пред парламентарните служби за анализа и информации на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација - ЕЦПРД Кристална сала (септември)
- **Средба** на собраниска делегација со Виктор Орбан премиер на Унгарија (септември)
- **Обраќање** - Одбележување на меѓународниот ден за намалување на ризикот од катастрофи, 13 Октомври – „Младите за намалување на ризикот од катастрофи“ УНДП (октомври)
- **Обраќање** по повод започнување на Програмата за волонтирање во Собранието, со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер. (октомври)
- **Средба** со генералните секретари на парламентите од Шведска, Австрија, Унгарија и Бенин, Женева 149. Собрание на ИПУ – Заседание на Здружението на генералните секретари на парламентите (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со претседателката на Германскиот Бундестаг, Бербел Бас, Берлин Самит на Берлинскиот процес (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со заменик генералната секретарка на Германскиот Бундестаг, Сашка Лејенберге, Берлин Самит на Берлинскиот процес (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со Антон Хофрајтер, претседател на Комисијата за европски прашања и Дирк Вупе, претседател на Групата за пријателство со земјите од Југоисточна Европа во Германскиот Бундестаг, Берлин Самит на Берлинскиот процес (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со Михаел Рот, претседател на Комисијата за надворешна политика во Германскиот Бундестаг, Берлин Самит на Берлинскиот процес (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со Ана Лирман државна министерка за Европа и клима во Владата на Сојузна Република Германија Берлин Самит на Берлинскиот процес (октомври)

- **Тематска конференција** на Формулата за мир на тема:„Имплементација на Повелбата на ОН и обновување на територијалниот интегритет на Украина и светскиот поредок“, Кримска платформа – Рига (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со делегација на Парламентот на Шведска во насока на интензивирање на парламентарната соработка, Кримска платформа – Рига (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со претседателот на Врховната Рада на Украина, г. Руслан Стефанчук, Кримска платформа – Рига (октомври)
- **Средба** на собраниска делегација со генералниот секретар на Парламентот на Украина, г. Виачеслав Штучниј, Кримска платформа – Рига (октомври)
- **Средба** со делегација на Парламентот на Естонија, Кримска платформа – Рига (октомври)
- **Обраќање** на Воведната сесија за насилство врз жените во политиката во организација на ОБСЕ/ОДИХР (октомври)
- **Обраќање** по повод Денови на медиумска писменост (октомври)
- **Обраќање** на првиот хакатон организиран во Собранието - Дигитален мост - Собраниски хакатон (октомври)
- **Средба** со НДИ – Роберт Скот Хејлзет, директор на Националниот демократски институт и тим лидер на Програмата за парламентарна поддршка. (ноември)
- **Средба** со Јан Борг актуелен претседавач на OSCE, заменик-претседател на Влада и министер за надворешни работи и трговија на Малта. (ноември)
- **Состанок** со советничката за човекови права во канцеларијата на постојаниот координатор на Обединетите Нации, Тања Темелковска (ноември)
- **Средба** со Делегација од Претставничкиот дом на САД составена од поранешни конгресмени Дејвид Скагс и Бил Флорес (ноември)
- **Обраќање** по повод Светскиот ден на детето (ноември)
- **Средба** со претставници на Бундестагот на Сојузна Република Германија во пресрет на финално преземање на донацијата на безбедносни рентген скенери за потребите на законодавниот дом (ноември)
- **Состанок** со претставници на Меѓународен републикански институт - ИРИ (ноември)
- **Средба** со заменик генералната секретарка на шведскиот Ригсдаг, Кристина Сварц, работна посета – Стокхолм, Кралство Шведска (ноември)
- **Средба** со пратенички на шведската асоцијација за ОНН Александра Фолкер и Катерина Толгфорс, шведски Риксдаг, Кралство Шведска (ноември)
- **Средба** со членовите на Комисијата за европски прашања и групата за пријателство со Западен Балкан, шведски Риксдаг, Кралство Шведска (ноември)

- **Средба** во Министерството за надворешни работи на Кралството Шведска со претставници на Канцеларијата за меѓународно право и човекови права Стокхолм, Кралство Шведска (ноември)
- **Средба** со потпретседателот на Европскиот Парламент г. Мартин Хојсик, Брисел, Кралство Белгија (декември),

## 10.1.2 Реализирани обуки на стручната служба

Континуираната едукација е една од најважните компоненти за развој на капацитетите на човечките ресурси во државната служба. Само висикостручна, професионална и одговорна служба може да одговори на предизвиците на новото време.

Според Законот за административни службеници, административните службеници имаат право и должност стручно да се оспособуваат и усовршуваат. Со цел да се обезбеди потребниот квалитет на Службата, Собранието има воспоставен механизам на едукација, како предуслов за професионалниот развој во звањата и постојаност во Службата.

Во извештајниот период се реализирани значајни меѓународни проектни и програмски активности, обуки, работилници, конференции со непосредно и активно учество на Службата. Истовремено се водеше сметка за обука на Службата во сите сегменти, вклучително и за усовршување на познавањето на странски јазици и информатичка надградба на знаењата.

Во таа насока е и подготовката на годишната програма за обука на собраниските службеници во Службата на Собранието, во која се содржани активности кои им помагаат на вработените да го развијат својот потенцијал, како и да ги подобрат своите вештини и знаења, сè со цел за успешно спроведување на работните цели и задачи. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работен ефект, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата. Програмите за обука на собраниските службеници во Службата на Собранието се подготвени врз основа на наведените потреби за обука на вработените кои произлегуваат од програмите и проектите разработени за реализација на годишните цели и приоритети на Собранието.

***Јули***

1. Шести Форум на демократски работилници, во организација на Австрискиот парламент, 2 и 3 јули 2024 година;
2. Работилница : „ Подготовка на стратешки план на Собранието 2025-2029“, во организација на Парламентарен институт, 16 и 17 јули 2024 година;
3. Вебинар на тема: „Live Session-Master in Data Science“, во организација на Athena Global Education, 23 јули 2024 година;
4. Курс на тема: „Introduction to Python Programming for Data Science“, во организација на Data Quest, 23 јули 2024 година;

5. Вебинар на тема: „ Enhancing Digital Trust-ISO/IEC 27001, NIS2, and AI Governance“, во организација на PECB Inc., 31 јули 2024 година;

***Септември***

1. „ Основна обука за род, родова еднаквост и воведување на родовата перспектива во јавните политики“- Обуката е организирана во рамките на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од UN Women. Обуката е реализирана од Центар за управување со промени, 2 и 3 септември 2024 година;
2. Курс за француски јазик (Б1 степен), во организација на Француски институт –Скопје, 17,19, 24 и 26 септември 2024 година;
3. Вебинар на тема : „ Python Data Visualization“, во организација на eSkills Academy, 10 септември 2024 година;
4. Вебинар на тема: „ Career Boost with Power BI“, во организација на Exodus experts, 24 септември 2024 година;
5. ЕЦПРД семинар на тема: „ Парламентарни календари и планирање на агенда, Област на интерес-Собраниска практика и постапка“ во организација на Парламентарен институт, 26 и 27 септември 2024 година;
6. ПСП планирање на Фаза 2, во организација на Националниот демократски институт(НДИ), 30 септември 2024 година;
7.

***Октомври***

1. „Основна обука за родово одговорно буџетирање и негова примена во секторските политики и програми“ - Обуката е организирана во рамките на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од UN Women. Обуката е реализирана од Центар за управување со промени, 8 и 9 октомври 2024 година;
2. Обука на тема: „Спроведување на IT Ревизија“, во организација на Министерството за финансии, 8 и 9 октомври 2024 година;
3. Академија за волонтери во Собранието, во организација на Фондација за демократија Вестминстер-Македонија, 14 и 15 октомври 2024 година;
4. Регионална конференција за „ Парламентите и донсеувањето на закони врз основа на докази во земјите на Западен Балкан“ во организација на СИГМА, 17 и 18 октомври 2024 година;
5. Стратешка работилница на Меѓупартиската парламентарна група против корупција, во организација на НДИ и Меѓупартиската парламентарна група против корупција, 25 октомври 2024 година;

6. Воведна сесија за справување со насилството врз жените во политиката, во организација на OSCE и ODIHR, 29 и 30 октомври 2024 година;
7. Вебинар на тема: „ Cybersecurity Awarness Month: Implementing ISO/IEC 27001 and How ISO/IEC 27032 Can Help?“, во организација на PECB, Professional Evaluation and Certification Board, 31 октомври 2024 година;
8. Курс за француски јазик (Б1 степен), во организација на Француски институт –Скопје,
   1, 3, 8, 15, 17, 19, 22, 24, 28, 29 и 31 октомври 2024 година;

***Ноември***

1. Работилница „ Пододбрување на транспарентноста и интегритетот на Собранието“, во организаија на Инструментот за техничка помош и размена на информации на Европската комисија TAIEX, 7 и 8 ноември 2024 година;
2. Работилница на тема: „ Унапредување на родовата сензитивност на Собранието“, во организација на OSCE и ODIHR, 12-15 ноември 2024 година;
3. Обука на тема: „ Зајакнување на транспарентното работење на Собранието преку доследна примена на етичките стандарди“, во организација на Меѓународен републикански институт (ИРИ) и Партнерство за демократија на американскиот конгрес,13-15 ноември 2024 година;
4. Годишна конференција на кореспонденти во рамки на ЕЦПРД, во организација на ЕЦПРД, 14 и 15 ноември 2024 година;
5. Вебинар на тема: „ Откријте го вашиот пат до cloud технологијата-Миграција на AWS, во организација на AWS Solutions, 26 ноември 2024 година;
6. Вебинар на тема: „ Отклучете ја моќта на Генеративна вештачка интелегенција со AWS“, во организација на AWS Solutions, 27 ноември 2024 година;
7. Конференција во Парламентот на Република Албанија, во организацијана Парламентрниот институт на Парламентот на Република Албанија, 25-27 ноември 2024 година;
8. Студиска посета:„Универзален периодичен преглед“-посета на Кралството Шведска, во организација на ЕПИ, 26-29 ноември 2024 година;
9. Обука на тема: „ Основи на родова анализа“ - Обуката е организирана во рамките на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, имплементиран од UN Women. Обуката е реализирана од Центар за управување со промени, 27-29 ноември 2024 година;
10. Обука на тема: „ Нова online платформа и нови обрасци (eForms in Public Procurement) за објавување на огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор во Службеното гласило на ЕУ (TED), практични совети и искуства за надминување на најчестите проблеми во јавните набавки“, во

организација на Друштво за консултантски услуги АЦТ! ДОО Скопје, 28 ноември 2024 година;

***Декември***

1. ЕЦПРД конференција: „Навигација и поддршка на промени во парламентите“, во организација на ЕЦПРД, 5-6 декември 2024 година;
2. Курс за знаковен јазик (напреден степен), во организација на Парламентарен институт, 5, 12, 19 и 26 декември 2024 година;
3. Обука на тема: „Финансиско управување, контрола и сметководство, известување, информации и комуникации“, во организација на Министерство за финансии, 18 декември 2024 година;

Покрај, горенаведените обуки, реализирани се ѝ генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на секоја општа компетенција, предвидени во Рамката на општи работни компетенции за административните службеници, во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административните службеници на Министерството за јавна администрација.

Генеричките обуки беа реализирани преку интернет пристап до електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS) на следниве теми:

1. Решавање на проблеми;
2. Учење и развој;
3. Комуникациски вештини;
4. Стратегии и иновации;
5. Менаџирање на промени;
6. Креирање и дефинирање на политики;
7. Евалуација на програми и политики;
8. Еднаквост и недискриминација
9. Менторство.

# 10.2.ПОСЕБНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

## 10.2.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да допринесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките превземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2020 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија постапува во согласност Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија, кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија а го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2024 година беа планирани следните ревизии и тоа:

1. Ревизија на усаглесеност (реуларност) при спроведување на процесот за управување со ризици во Собранието на Република на Северна Македонија;
2. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот при изготвување и реализација на Годишен план за обуки;
3. Ревизија на системот на внатрешни контроли при користење на правото за боледување;
4. Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизијата за 2023 година на Собранието;

## *ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 28 МАЈ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА*

**1. Ревизија на усаглесеност (реуларност) при спроведување на процесот за управување со ризици во Собранието на Република на Северна Македонија;**

Ревизија на усогласеност (регуларност) при спроведување на процесот за управување со ризици во Собранието на Република на Северна Македонија е спроведена согласно извршена согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија прифатени Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2024 година.

Целта на ревизијата да се даде независна и објективна проценка на соодветноста и ефикасноста на процесите на управување со ризиците и поставените внатрешните контроли, како одговор на ризиците, како и усогласеноста на процесите на управување со актуелната законска регулатива.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

**2. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот при изготвување и реализација на Годишен план за обуки;**

Ревизија на системот на внатрешни контроли при изготвување и реализација на Годишниот план за обуки на Собрание на Република Северна Македонија е извршена согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија прифатени во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/14) и Годишниот план за внатрешна ревизија за 2024 година.

Цел на ревизијата е да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешни контроли при реализација на обуките во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

**3. Ревизија на системот на внатрешни контроли при користење на правото на боледување во Собранието на Република Северна Македонија:**

Ова ревизија е спроведена во согласност со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2024 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при користење на правото на боледување во Собранието на Република Северна Македонија.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

**4. Следење на препораките од ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизијата за 2023 година на Собранието:**

Ова ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2023 година,

Со ревизијата е опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2023 година.

За спроведената ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Северна Македонија за бројот на спроведени/неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи изготвени во претходната година од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

## 10.2.2 Одделение- Парламентарна буџетска канцеларија

Во делот на проактивни документи, беа сработени

- тематска анализа на предлог Ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за која беше спроведена и презентација;
- тематска анализа на предлог Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година;
- тематска анализа на предлог Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година, заедно со информации од извештаи од домашни и меѓународни финансиски институции;
- едукативен материјал на тема "Буџетски процес на Република Северна Македонија", во кој што беа опфатени главните аспекти на новиот Закон за буџети, со главен акцент на  надлежностите на пратеници во секоја фаза од процесот:
- едукативен материјал на тема "Буџетски лексикон", во кој беа опфатени најчесто употребуваните термини од областа на фискална и монетарна политика, како и термини од областа на макроекономија, со дефинирање и јасно објаснување на нивните значења;
- билатерална анализа на тема "Странски директни инвестиции и трговска размена - Регионален преглед на Југоисточна Европа", во која се опфатени девет земји за кои се дава споредбен осврт на движењата на странски капитал и состојбата со надворешната трговија;
- билатерална анализа на тема "Јавен долг и економски раст - Регионален преглед на Југоисточна Европа", во која се опфатени девет земји за кои се дава споредбен осврт на состојбата со надворешното и надворешното задолжување;
- полнење на база на податоци за планирање и извршување на буџетски средства од републичкиот буџет, за временскиот период 2017- 2023 година.

Во делот на поднесени барања за анализи од пратеници, беа изготвени четиринаесет анализи, од кои пет беа поднесени од пратеници од опозицијата, додека девет од пратеници од парламентарното мнозинство. Од обработените

анализи, четири се кратки информации, седум се компаративни анализи и три се опширни финансиски анализи.

Дополнително, претставник од одделението учествуваше на неколку настани и тоа:

- дводневен настан организиран од Националниот институт за демократија, со посета на претставници од Собраниска служба на швајцарскиот парламент. На истиот се реализира размена на знаења и искуства од областа на унапредување на парламентарниот надзор;
- дводневен настан организиран од Националниот институт за демократија, спроведен во Собранието на Република Северна Македонија со претставници од собраниската служба на швајцарскиот парламент. На истиот се дискутираше за примена на пракси кои успешно се применуваат во швајцарскиот парламент и како истите да се имплементираат во македонскиот парламент;
- дводневен настан организиран од Фондацијата за демократија Вестминстер, со посета во Албанија, каде беше презентирано формирањето и работата на Парламентарната буџетска канцеларија. Целта на учеството на настанот е иницијативата да се воспостави иста посебна организациона единица во рамки на службата на албанското собрание;
- учество на настан „Фискална политика: Пат кон стабилност и одржливи јавни финансии“, организиран од истражувачки институт “Finance Think” и
- учество на Економски форум ‘Трка до дното’ – Транспарентност на државна помош за привлекување и поддршка на инвестиции, организиран од истражувачки институт “Finance Think”.

## 10.2.3 Парламентарен институт

### 1. Информиран законодавен дом

1.1 Во извештајниот период беа поднесени **42 барања** за истражувачки работи од кои 40 барања се поставени од пратеници, додека 2 барања се од генералниот секретар. Реализираните 40 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно **25 различни пратеници или 20,8% од вкупниот број на пратеници**. Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието.

**Табела 1 статистика на истражувања по барање на пратеници**

| **Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници** | | | | | **Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | | | | | 25 | | | | |
| **Полова структура** | број на барања од пратенички | | број на барања од пратеници | | **Полова структура** | пратенички | | пратеници | |
| | 22 | 55% | 18 | 45% | | 13 | 52% | 12 | 48% |
| **Етничка припадност**[2] | број на барања од пратеници Македонци | | број на барања од пратеници Албанци | | **Етничка припадност**[3] | пратеници Македонци | | пратеници Албанци | |
| | 27 | 67,5% | 7 | 17,5% | | 14 | 56% | 7 | 28% |
| **Политичка припадност** | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | | **Политичка припадност** | владејачко мнозинство | | опозиција | |
| | 22 | 55% | 18 | 45% | | 14 | 56% | 11 | 44% |

Околу 30% од пратениците подносители на барања, доставија и повратен одговор со изразување задоволство од испорачаните анализи од страна на Паламентарниот исчтитут. Дел од анализите на институтот пратениците ги искористија за подготовка на предлог законски решенија или за измени и дополнувања на веќе постојни. Друг дел од компаративните анализи на Парламентарниот институт се искористија преку пратениците до извршната власт за подготовка на правилници, за измени и дополнувања на одлуки, како и од невладиниот сектор за интервенција и подобрување на одредени услуги кои

[2] 6 барања односно 15% од барањата се поднесени од пратеници припадници на други етнички заедници
[3] 4 пратеници односно 16% од друга етничка припадност поднеле барање за истражување

се испорачуваат на граѓаните. Имаше и неколку референтни спомнувања при говори на пленарна седници и едно при настан на дебатни телевизиски емисии.

1.2 По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи **10 истражувачки работи**[4]. Со истражувачките работи по сопствена иницијатива се анализираат актуелни теми и теми кои се поврзани со предлог законите кои се во собраниска процедура.

1.3 Дополнително во извештајниот период одговорени се **56 прашалници** во рамки на ЕЦПРД, ИПУ и други организации и парламенти.

1.4 По завршување на 11-те парламентарни избори, Парламентарниот институт организира **Воведна сесија за новите пратеници** во македонското Собрание на **3 јуни 2024 година** во просториите на **салата Борис Трајковски** во присуство на **59 пратеници**, со цел да се запознаат новите пратеници со организацијата и функционирањето на Собранието, нивната законодавна, надзорна и претставничка надлежност, кои се нивните права и обврски, за транспарентноста и јавноста на Собранието, Кодексот за етичко однесување на пратениците, формите на меѓународната соработка како и запознавање со електронските алатки со кои располага Собранието, вклучувајќи ја и практичната примена на системот за гласање во пленарната сала.

1.5 Во рамките на активностите, Парламентарниот институт заедно со Службата на Собранието понуди **10 обуки** на различни теми за новите пратеници во Собранието почнувајќи од **17 јуни до 28 јуни 2024 година**. На овие обуки земаа учество **вкупно 8 пратеници.** Целта на овие обуки беше пратениците подетално да се запознаат со функцијата и работењето на Собранието.

1.6 Парламентарниот институт ја спроведе **„Работилницата за подготовка на предлог Стратешки план на Собранието 2025-2029 година“** од **16-17 јули 2024 година во Велес**, во присуство на **31 учесници** од Службата на Собранието, заедно со НДИ Македонија.

1.7 Според Планот за работа на Парламентарниот институт за 2024 година, во месец ноември 2024 година продолжи со изучувањето на **знаковниот македонски јазик за пратеници** и за вработените во Службата на Собранието, со финансиска поддршка од страна на НДИ Македонија. Овој курс е поделен на два степени, основен и напреден на кој земаа учество вкупно **34 учесници** од

---

[4] Истражувачките работи по сопствена иницијатива се јавно достапни на веб страната на Собранието на следниот линк https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut-ns_article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut-2024-godina.nspx

кои, во основниот степен се вклучија вкупно **23 учесници**, односно **5 пратенички**, а во напредниот курс знаковниот јазик го изучуваат **11 учесници** од кои **2 пратенички**, со цел поголема инклузивност на сите граѓани, особено на Собранието.

1.8 По спроведена постапка за **јавна набавка на дневни и неделни весници** на 18.10.2023 година е склучен Договор со Друштво за дистрибуција, трговија и услуги Колпортер ДОО Скопје, согласно кој Собранието следните две години (сметано од 24.11.2023) ги добива следните весници и списанија:

1. Нова Македонија - 15 броја
2. Вечер - 15 броја
3. Слободен печат - 16 броја
4. Lajm - 5 броја
5. Koha - 6 броја
6. Фокус (неделно) - 16 броја
7. Економија и Бизнис (месечно) - 2 броја
8. Лице в Лице (периодично) - 12 броја

1.9 Собранието е претплатено и добива **10 примероци печатено издание на „Службен весник“.** За потребите на пратениците и за Службата на Собранието, Парламентарниот институт се има претплатено на три електронски бази на податоци – **Службен весник на Република Северна Македонија, Академика, Де Јуре и Праксис**. На **електронската база на податоци на „Службен весник“** се претплатени **49 корисници** до 13 февруари 2025 година и **29 корисници** до 15 август 2025 година.

1.10 Библиотечниот фонд е унифициран и достапен за пратениците и другите корисници. Во системот е-библиотека се обработени, евидентирани и внесени **14.857** книги, истите локациски се распределени во витрини во просториите на Парламентарниот институт и по ходниците на зградата на Собранието. Електронскиот каталог се пристапува преку страницата: <http://biblioteka.sobranie.mk/General/Books.aspx>, каде секој корисник може да пристапи со неговото коирсничко име и лозинка со која и се пристапува во системот е-парламент.

1.11 Од библиотеката во текот на извештајниот период се изнајмени **69 наслови** од кои 29 книги се изнајмени од страна на 8 пратеници, 37 од вработените во Собранието, додека 2 од волонтери и 1 од асистент на политичка група.

## 2. Собранието за сите

2.1 Согласно плановите за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2024 година, Парламентарниот институт во текот на извештајниот период организира и спроведе **16 едукативни семинари и работилници** наменети за ученици од основно и средно образование, студенти на универзитетите и наставници во основно и во средно образование. Во едукативните настани со **вкупно 496 учесници**, се вклучија и вкупно **22 пратеници од различни политички партии**.

- Едукативен семинар „Демократијата и Собранието" - на **17 септември** по повод Меѓународниот ден на демократијата учествуваа ученици од 6 средни училишта од 4 различни градови во вкупен број од **31 учесници**.
- Едукативна работилница „Имам став!" - Во извештајниот период се одржа и втората сезона на едукативната активност „Имам став!" се пријавија девет средни училишта од Скопје, Кавадарци, Крушево, Куманово, Охрид и Штип во вкупен број од **232 ученици и наставници** се натпреваруваа за прво, второ и трето место за најдобри оратори, а нив ги следеа и оценуваа вкупно **18 пратеници** со дополнително учество на уште **пет пратеници** во финалниот настан на ,,Имам став!". Оваа сезона започна на **15 октомври и траеше до 4 ноември 2024 година**. На 19 декември 2024 година на финалниот настан на „Имам став!" победија учениците од СОУ „Раде Јовчевски Корчагин" од Скопје.
- Едукативна работилница Детски парламент - работилницата беше организирана на **20 ноември 2024 година** по повод Светскиот ден на детето и учествуваа вкупно **79 ученици и наставници** од 15 основни училишта од целата држава,. Целта на оваа активност е преку симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. На работилниците учество земаа три пратеници од различни пратенички групи во Собранието, при што учениците имаа несекојдневна можност да разговараат со пратениците и да им поставуваат прашања. Со годинешната порака преземена од УНИЦЕФ „Слушајте ја иднината!" учениците изработија креативни паноа со пораки упатени до

пратениците и возрасните во облик на цртежи и стихови од кои се изработи календарот за 2025 година за Собранието.

- Семинар за студенти - семинарите со работен наслов „Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право“ се реализираа **на 16 октомври и на 11 декември** и вкупно учествуваа **63 студенти и професори** од 4 различни универзитети. На семинарите се вклучија **четири пратеници** од различни пратенички групи во Собранието и на студентите им го пренесоа своето практично искуство во извршувањето на пратеничката функција.

- Работилница за наставници по граѓанско образование од основните училишта -
По повод одбележување на Светскиот ден на учителот, Парламентарниот институт заедно со НДИ Македонија ја одржа еднодневната работилница за наставници во основните училишта на **4 октомври 2024 година** во сала Борис Трајковски, во присуство на вкупно 121 учесници од кои **91 наставници** од повеќе градови и рурални средини во Македонија.

2.2 Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт спроведува **организирани тури на зградата на Собранието** за сите заинтересирани граѓани. Во текот на извештајниот период, **6.079 граѓани** беа дел од **141 организирани обиколки на Собранието**. Преку овие тури, кои се со времетраење од еден час, граѓаните имаат несекојдневна можност да ја разгледаат зградата на Собранието и да видат каде работат

| Месец | број на обиколки | број на посетители |
|---|---|---|
| Мај | 16 | 733 |
| Јуни | 12 | 637 |
| Јули | 3 | 13 |
| Август | 2 | 46 |
| Септември | 13 | 587 |
| Октомври | 26 | 1.093 |
| Ноември | 38 | 1.641 |
| Декември | 31 | 1.329 |
| **ВКУПНО** | **141** | **6.079** |

пратениците.

**Табела 2: Приказ на бројот на посетители на Собранието по месеци**




2.3 Во текот на годината беше спроведена континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт**. Во извештајниот период беа **испечатени вкупно 6.493 информативни и промотивни материјали кои беа дистрибуирани** до соодветните целни групи.

2.4 Цртежите и пораките на учениците од Детскиот парламент одржан во декември беа искористени за изработка на **календар за 2025 година**, кој беше испечатен во **550 примероци** и дистрибуиран во насока на промоција на Парламентарниот институт и законодавната власт.

2.5 Согласно со Годишниот план, Парламентарниот институт пристапи кон организирање и спроведување **активности за одбележување на поводи и значајни датуми**. Во текот на извештајниот период беа одбележани следниве поводи и значајни датуми:

- **15 септември:** Меѓународен ден на демократијата – организиран едукативен семинар во Собранието за ученици од средните училишта;
- **15 септември:** Меѓународен ден на демократијата –Парламентарниот институт во соработка со НДИ Македонија, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на демократијата, организира настан на 17 септември 2024 година во присуство на 220 ученици и наставници од основни и средни училишта во Скопје во Кристална сала. На настанот

учествуваа група актери од Тим - театрос кои преку пантомима го изразија значењето на поимот демократија пред присутните гости.

- **5 октомври:** Светскиот ден на наставниците – организирана работилница во Собранието со наставници од основно образование;
- **20 ноември:** Светски ден на детето – организирана работилница Детски парламент во Собранието за ученици од основни училишта
- **3 декември:** во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, ПИ организираше посета на здружението за деца со посебни потреби „Го сакам виножитото“.

2.6 Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за **известување за своите настани** преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на Институтот на социјалните мрежи и/или на интернет страницата на Собранието.

Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт континуирано во текот на годината **ги објавуваше истражувачките работи подготвени по сопствена иницијатива од 2024 година** на интернетската страница на Собранието. Истите се достапни на следниот линк: https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut-ns_article-istrazuvacki-raboti-po-sopstvena-inicijativa-na-parlamentarniot-institut 2024-godina.nspx

### 3. Современ парламентарен институт

3.1 Парламентарниот институт беше **домаќин** на ЕЦПРД семинар кој на **26 и 27 септември 2024 година** се одржа во Скопје на тема **„Парламентарни календари и планирање на агенда“, област на интерес – Собраниска практика и постапка; Parliamentary calendars and agenda planning, Area of interest – Parliamentary practice and procedure.** На семинарот учествуваа претставници од службите на Австрија, Германија, Обединетото Кралство, Шпанија, Унгарија, Португалија, Албанија и други. Целта на настанот е да обезбеди компаративни знаења и искуства во врска со планирањето на законодавната агенда и календар на пленарни седници и работни тела, во функција на: обезбедување на предвидливост, запознавање на јавноста, време за анализи и проценки на влијанието на регулативите, планирање на надзорни инструменти, распоред на домашни и меѓународни активности и друго.

3.2 Шест вработени ја користат можноста за стипендирање за професионално

усовршување, и тоа тројца вработени на последипломски, двајца на докторски студии и една вработена на специјализирана обука.

3.3 Во насока на **мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите** на Парламентарниот институт, се врши **евалуација на едукативните настани** по завршувањето на истите, при што се изработуваат **Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки**, кои се земаат во предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани.

3.4 Во извештајниот период, продолжи соработката на Парламентарниот институт **во рамки на Меѓународната Федерација и Асоцијација на Библиотеки ИФЛА, Меѓународниот Совет за Архиви (ИЦА), Меѓународниот форум за парламентарни центри за посетители, Глобалниот административен форум за пристапност на парламентите и Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД)**.

3.5 Во соработка со истражувачкиот центар на Домот на лордовите на Обединетото Кралство и Универзитетот во Лидс, **Парламентарниот институт стана член на Меѓународната мрежа за парламентарна акција https://ipen-network.org/** чија цел е да се развие меѓународна мрежа на експерти и практичари во врска со ефективноста и влијанието на програмите за вклученост на јавноста во парламентите.

Дигитален парламент

3.6 Парламентарниот институт располага за софтверски платформи за неколку работни процеси: Е-архива, Е-библиотека и PMC, е-системите за регистрација на граѓани, едукативен квиз, виртуелна тура, Е-семинари и Е-обуки. Дополнително, вработените користат canva и adobe лиценци за изработка во графички дизајн. Сите системи беа предмет на превентивно оддржување. Преку овие услуги се врши квалитетно и навремено одржување на апликативните решенија и базите на податоци на информацискиот систем. Дополнително, предмет на превентивно одржување се внатрешни и надворешни панели за информирање. За поддршка на процесот на преведување и употреба на јазиците во 2024 година беа обновени лиценци за користење на софтверска платформа традос, за неколку сектори во Собранието.

3.7 Парламентарниот институт во 2024 година ја предвиде постапката за дигитализација на процесот на подготовка на извештаите и статистиката на Собранието. Вработените изработија техничка спецификација и истата на објавување ќе се даде во месец јануари 2025 година.

3.8 Парламетнарниот институт 2024 година ја завршува со вкупно 13 вработени од вкупно предвидени во систематизацијата од 29 вработени. За решавање на недостаток на вработени заради заминување или унапредување во други сектори во службата, во декември 2024 година се објави оглас за пополнување на 4 работни позиции.

3.9 Од вкупно предвидениот буџет на институтот за 2024 година од 8.3 милиони денари извршувањето изнесува 6.9 милиони денари за сите спроведени активности. Од оперативните расходи и според одобрениот буџет за 2024 година, се потрошија за патувања и сместувања во странство, одржување на софтвери и хардвери преку 3 договора, намирници за посетителите (кафиња, води и закуска), договорни услуги (печатење, преводи, пристап до бази на податоци и слично.), или вкупно 0.6% од годишниот буџет на Собранието.

# 10.3. СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

## 10.3.1 Меѓународни ИСО стандарди

Собранието на Република Северна Македонија има имплементирано два меѓународни стандарди: ISO 9001:2015, Систем за управување со квалитет и ISO 27001:2013, Стандард за управување со безбедност на информации.

**- ISO 9001:2015**

Во извештајниот период, согласно барањата на стандардот во Собранието беше спроведен внатрешен аудит (проверка) од страна на сертифицирани внатрешни проверувачи (аудитори) на спроведувањето и примена на документираните информации и целосно функционирање на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2015. Дополнително беше спроведено Годишно преиспитување на раководството.

Во декември 2024 година е извршена ресертификација и изготвен Извештај од спроведената ресертификација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2015. Процесот на ресертификација е успешно завршен со што Собранието се стекна со нов Сертификат на системот за управување со квалитет согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со важност од три години.

Во декември 2024 година беше спроведена Анкета за мерење на задоволството на службата и пратениците во Собранието.

**- ISO 27001:2013**

Во извештајниот период беше спроведена јавна набавка за избор на економски оператор за спроведување на транзиција на Стандардот за управување со безбедност на информации ISO 27001:2013 во новата верзија ISO 27001:2022. Во наредниот период следува спроведување на транзицијата и превземање активности во насока на имплементација на новите барања на стандардот.

## 10.3.2 КАФ - ПРОЦЕС НА САМОПРОЦЕНКА

Извештајот за процесот за спроведена само-проценка во Собранието која се спроведува како трет дополнителен циклус, согласно дефинираните процеси во CAF моделот.

Собранието на Република Северна Македонија соочувајќи се со предизвиците на европската интеграција, но и потребата од подобрување на услугите кон граѓаните, вклучувајќи ги и нивните се поголеми очекувања, градењето на ефикасна, модерна и транспарентна собраниска служба која се соочува со предизвици да иновира и да ја подобрува својата професионалност и ефективност и која ќе обезбеди висок квалитет во работењето, продолжува со континуирано градење на системи за управување со квалитет во работењето.

Во таа насока, за реализација на стратешката цел 6 – Ефикасна служба, приоритет 6 – Спроведување на Заедничка рамка за оценка или Common Assessment Framework (CAF) дефинирана во Стратешкиот план 2023-2027, Собранието повторно донесе одлука за отпочнување на третиот циклус на само проценка на работата на службата во октомври 2022 година, согласно ЦАФ стандардот, а дополнително се одлучи да се направи дополнување на третиот циклус во октомври 2024 година.

Примената на овој стандард, има за задача да доведе до постојано унапредување на работењето и процесите во институциите, подобрување на мотивираноста на вработените и следење на перформансите, креирање на модерна ефикасна и професионална администрација во служба на граѓаните. Тој служи како дијагностичка алатка, се темели на факти и структуриран е на начин на кој обезбедува задолжително подобрување на работните процеси и подигање на квалитетот во работењето.

Неговата предност е што е дизајниран специфично за потребите во јавниот сектор, од страна на Европскиот институт за јавна администрација (European Institute of Public Administration - EIPA) од Маастрихт, кој воедно е и CAF ресурсен центар, како резултат на договор помеѓу Генералните директорати на земјите членки на Унијата, одговорни за јавната администрација во 2000 година.

Оттогаш, е воведен во многу земји во ЕУ и пошироко, а е признаен, препознаен и веќе задолжителен и кај нас, согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на

работењето и давањето на услуги во државната служба (Службен весник на Република Македонија број 69/13),

2. Пристап во имплементација на CAF во Собрание на Република Северна Македонија

Во насока на развивање на капацитетите и континуирано подобрување на работата, Собранието на Република Северна Македонија продолжува со реализацијата на еден од стратешките приоритети утврдени во Стратешкиот план 2019-2021, 2021-2023 но и во последниот Стратешки план 2023 – 2027 во делот Ефикасна служба на Собранието на Република Македонија за Комплетирање на системите за управување со квалитет, односно CAF стандардот за воведувањето на квалитет во работењето и управувањето.

Примената на овој стандард, чија цел е постојано унапредување на работењето во институциите, проценка на работењето врз основа на докази за квалитет во управувањето темелени на 9 конкретни критериуми широко прифатени низ јавниот сектор во Европа; ги идентификува подеднакво силните страни, но и слабостите односно областите за подобрување во постигнувањата и бара начини да обезбеди поврзаност помеѓу резултатите што треба да се постигнат и добрите практики како тоа да се направи. Стандардот дава можност вработените заеднички да ги дефинираат мерките и акциите кои ќе се преземат и реализираат со цел да се подобрат и унапредат состојбите во одредени области.

Во тек е третиот дополнителен циклус на самопроценка согласно CAF стандардот во Собранието на РСМ, овозможено во рамки на Програмата за парламентарна поддршка имплементирана од Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ), Центарот за управување со промени (ЦУП) и Институтот за демократија ИДСЦС. Стандардот веќе беше воведен во рамки на истата програма 2019 – 2020 година, како втор циклус по што успешно беше имплементиран Акцискиот план и Планот за подобрување и беа реализирани 25 стратешки мерки и 14 quick wins. Собранието за прв пат го воведе стандардот во 2015 година со поддршка на Министерството за информатичко општество и администрација, кое е воедно и CAF ресурсен центар кај нас. Со повторната имплементација на CAF моделот се овозможува континуитет на процесите на подобрување на институцијата, преку имплементација на системи и алатки за управување со квалитет.

## 3. Заедничка рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF)




Заедничката рамка за проценка (ЗРП) е алатка за целосно управување со квалитетот инспирирана од Моделот за извонредност на Европската фондација за управување со квалитет (EFQM) и моделот на Германскиот универзитет за административни науки во Спејер. Таа се базира врз премисата дека одличните резултати во организациското работење, во однос на граѓани/клиенти, луѓето и општеството се постигнуваат преку стратегијата предводена од лидерството и планирање во однос на луѓе, партнерства, ресурси и процеси. Рамката ја гледа организацијата истовремено од различни агли и зазема холистички пристап во анализата на успешноста во работењето на организацијата.

### 3.1. Критериуми:

1. **ЛИДЕРСТВО.** Овој критериум на стандардот го разгледува начинот на кој раководството го овозможува и олеснува процесот на остварување на мисијата и визијата на организациите во јавниот сектор; начинот на кој се развиваат вредностите за успех и начинот на кој се поттикнуваат акции и однесување во организацијата за остварување на тие цели; ја оценува вклученоста на раководството во креирање на квалитетен систем на управување во организацијата; начините на кој раководството комуницира со вработените, партнерите и другите релевантни актери, начините на кој ги мотивираат

вработените и поттикнуваат промени во остварување на целите на организацијата.

2. **СТРАТЕГИЈА И ПЛАНИРАЊЕ**. Овој критериум оценува како и на кој начин организациите ја имплементираат визијата и мисијата низ јасно дефинирана стратегија насочена кон корисниците /чинителите, поддржана со релевантни политики, планови, цели и процеси. Во овој критериум организациите е важно да демонстрираат иновации и следење на трошоците и придобивките преточени во цели со јасна временска рамка. Воедно, исклучително важно е стратегијата да биде комуницирана со вработените и да има сопственост на процесот.
3. Третиот критериум се однесува на **УПРАВУВАЊЕТО СО ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА**. Оценката е фокусирана на начинот на кој организацијата го управува и го развива потенцијалот на луѓето на индивидуално, тимско и организациско ниво; начините на кој ги планира кадрите во согласност со политиката и стратегијата; начините на кој ги развива компетенциите, вештините и знаењата на луѓето и начините на кој ги зајакнува луѓето.
4. Четвртиот критериум се **ПАРТНЕРСТВАТА И РЕСУРСИТЕ**, односно како организациите ги планираат и управуваат со партнерствата и внатрешните ресурси со цел да го подржат процесот на ефективна имплементација на политиките и стратешките цели. Според овој критериум одлични организации се оние кој градат солидни односи со релевантните актери темелени на доверба, и отвореност и се грижат за сопствените ресурси (финансии, сопствениот простор и опрема, употребуваат нови технологии итн.).
5. Петтиот критериум се однесува на **ПРОЦЕСИТЕ** и управувањето со промените. Според оваа рамка, одлични организации се оние кој ги дизајнираат, управуваат и ги подобруваат процесите, ги подобруваат продуктите и услугите, имаат јасна сопственост на процесите и го мерат учинокот и се со цел да го подобрат задоволството на корисниците и сите релевантни чинители.
6. Шестиот критериум е насочен на **РЕЗУЛТАТИ ОРИЕНТИРАНИ КОН КОРИСНИЦИТЕ/ГРАЃАНИТЕ.** Според овој критериум, одличните организации се грижат за видувањата на граѓаните и според тоа преземаат иницијативи со кој го мерат задоволството на граѓаните и иницијативи со кој ги унапредуваат сопствените процеси.
7. Седмиот критериум се однесува на **РЕЗУЛТАТИ НАСОЧЕНИ КОН ЛУЃЕТО/ВРАБОТЕНИТЕ**. Овој критериум ги опфаќа резултатите кон луѓето во организацијата, нивното задоволство и мотивација.
8. Осмиот критериум се **ОПШТЕСТВЕНИ РЕЗУЛТАТИ** и се однесува на она што организацијата го постигнува во однос на очекувањата од страна на локалната и национална заедница, а во пошироки рамки и од страна на меѓународната

заедница. Ова ја вклучува перцепцијата на организацијата од страна на заедницата и нејзиниот однос кон животната средина, квалитетот на животот и односите со останатите институции.

9. Деветтиот критериум се однесува на **КЛУЧНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТАТА**. Се оценува што организацијата постигнува во однос на нејзиниот мандат и специфичните цели, вклучително и финансиските перформанси и во задоволување на потребите и очекувањата на релевантните актери.

## 4. Тим за само-проценка и процес на само-проценка

Задачата на тимот за само проценка е да спроведе анализа и да ги дефинира силните страни и областите кои треба да се подобрат, како и да предложи активности за подобрување на состојбите.

### 4.1. Процес на само-проценка

За поефективно спроведување на процесот на само-проценката беше организирана обука за членовите на работната група каде што беа обучени како се спроведува самата проценка, при што беа организирани повеќе практични вежби за начинот на спроведување на само-проценката, покрај самото запознавање со важноста и бенефитите од моделот.

Само-проценката е всушност процес во кој, согласно методологијата за имплементирање на CAF моделот, се идентификуваат силни страни, области за подобрување и активности за подобрување во секој од 28-те пот-критериуми, односно во секој од 9-те утврдени критериуми во CAF моделот. Само-проценката се базира на индивидуално и консензуално разбирање на состојбите и процесите во институцијата, водејќи се низ дефинираната рамка на критериуми и пот-критериуми на CAF моделот.

Во оваа насока методот на работа на тимот за само-проценка за секој критериум се состоеше од два дела, и тоа:

- Индивидуална проценка на секој член на групата, со цел да:
  - ги процени силните страни и областите кои треба да се подобрат (клучни зборови) врз основа на сопственото знаење и искуство;
  - формулира една или повеќе предлог мерки и активности за подобрување од областите кои треба да се подобрат.

- Постигнување консензус со одржување на дискусии базирани на докази. Целта на оваа процена е:
- Одлука за силните страни и областите за подобрување за секој поткритериум, на база на консензус;
- Решавање и формулирање на заеднички предлози на активности за подобрување на состојбите

**Табела 1 – Временска рамка за имплементација на CAF**

| Активност | Период |
| --- | --- |
| Воведување на трет циклус | октомври 2022 – септември 2023 |
| Информирање на раководството за започнување на трет дополнителен циклус на имплементација на моделот | октомври 2024 година |
| Формирање на CAF работна група за само-проценка | октомври 2024 година |
| Обука на работната група за CAF моделот за само-проценка | 5 и 6 ноември 2024 година |
| Работилница – критериум 3 - Луѓе | 15 ноември 2024 година |
| Работилница – критериум 4 - Партнерство и ресурси | 22 ноември 2024 година |
| Работилница – критериум 1- Лидерство | 29 ноември 2024 година |
| Работилница критериум 2 - Стратегија и планирање | 6 декември 2024 година |
| Работилница критериум 5 - Процеси | 13 декември 2024 година |
| Работилница критериуми 6-9 -Резултати ориентирани кон граѓани/клиенти, Луѓе, Општество и Клучни резултати од работењето | 20 декември 2024 година |
| Подготовка на драфт ЦАФ Извештај | јануари 2025 година |
| Подготовка и реализација на CAF работилница за приоретизација на мерки од ЦАФ Извештајот | февруари 2025 година |

| | |
|---|---|
| Планот за подобрување и Акциски план | февруари-март 2025 година |
| Имплементација на CAF планот за подобрување | март 2025 година – март 2027 година |

Работилница за приоретизација се закажува со цел селекција на стратешки мерки (25) и брзи мерки (15) кои би се реализирале во наредниот период. Селекцијата ја прават тимот за само оценка заедно со раководството во институцијата, согласно ЦАФ стандардот.

По избор на мерките за реализација се усвојува План за подобрување и Акциски план со прецизни рокови за реализација на мерките и одговорни лица.

**4.2. Состав на тимот за само оценка** - се определи врз основа на доброволно пријавување од страна на вработените во Собранието на Република Северна Македонија, при што се постигна висок степен на репрезентативност за организацијата преку учество на различни:

- сектори на организацијата;
- нивоа на одговорност и управување;
- искуства,
- пол.

**Табела 2 – Состав на работната група**

| Име и презиме | Улога |
|---|---|
| Елена Доцевска Божиновска | Координатор на тимот |
| Дејан Мојсоски | Заменик координатор на тимот |
| Катерина Горѓеска | Член |
| Дарко Стојаноски | Член |
| Зилкаде Љута | Член |
| Данчо Јаневски | Член |
| Горан Котевски | Член |
| Томе Гушев | Член |
| Пулумб Абдулаи | Член |

| | |
|---|---|
| Виолета Умленска | Член |
| Елизабета Трајановска Србиновска | Член |
| Моника Филиповска | Член |
| Вања Ралев | Член |
| Арлинда Зеќири Таири | Член |
| Фимка Лукинова | Член |
| Зоран Горичев | Член |
| Јасмина Алешковиќ | Член |
| Снежана Богданска | Член |
| Искра Трајчевска Крстев | Член |
| Татјана Поповска | Член |
| Даниела Ивановска | Член |
| Соња Ѓорѓиевска | Член |
| Татјана Алексовска | Член |

**Претставници од Програмата за парламентарна поддршка дел од работната група:**

Слаѓана Марјановиќ, НДИ,

Томислав Боцевски, НДИ

**Сертифицирани ЦАФ обучувачи одговорни за имплементација на стандардот:**

Неда Малеска Сачмароска, извршен директор ЦУП

Весна Бочварска Цветковска, финансиски директор ЦУП

## 10.4. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



***Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата***




***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



***Изготвени стенограми во дактилобиро***




***Експедирани материјали***



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 80.804 копии**
**А3 формат: 196.578 копии**
**А4 формат фотокопирани: 440.153 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Прва конститутивна седница | 28.05.2024 | -вторник | 11,30-15,50 |
| 2. | Втора седница | 07.06.2024 | -петок | 11,05-02,35 |
| 3. | Трета седница | 13.06.2024 | -четврток | 14,05-14,15 |
| 4. | Четврта седница | 14.06.2024 | -петок | 12,05-12,20 |
| 5. | Петта седница | 18.06.2024 | -вторник | 11,05-11,20 |
| 6. | Шеста седница | 19.06.2024 | -среда | 13,10-13,25 |
| 7. | Седма седница | 22.06.2024<br>23.06.2024 | -сабота<br>-недела | 11,00-18,15<br>11,00-22,35 |
| 8. | Осма седница | 25.06.2024 | -вторник | 11,10-18,40 |
| 9. | Деветта седница | 05.07.2024<br>25.12.2024 | -петок<br>-среда | 11,15-11,55<br>14,05-14,35 |
| 10. | Десетта седница | 11.07.2024<br>23.07.2024 | -четврток<br>-вторник | 11,10-20,00<br>20,25-20,30 |
| 11. | Единаесетта седница | 23.07.2024 | -вторник | 11,05-20,10 |
| 12. | Дванаесетта седница | 12.08.2024<br>13.08.2024 | -понеделник<br>-вторник | 11,10-18,15<br>13,35-16,05 |
| 13. | Тринаесетта седница | 03.09.2024 | -вторник | 11,05-21,00 |
| 14. | Четиринаесетта седница | 11.09.2024<br>12.09.2024<br>17.09.2024<br>24.09.2024<br>16.12.2024 | -среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-вторник<br>-понеделник | 11,05-19,05<br>13,15-17,05<br>12,05-13,20<br>13,00-13,05<br>15,50-16,00 |
| 15. | Петнаесетта седница | 24.09.2024<br>22.10.2024<br>12.12.2024 | -вторник<br>-вторник<br>-четврток | 11,05-12,55<br>12,45-12,50<br>13,10-13,20 |
| 16. | Шеснаесетта седница | 02.10.2024<br>03.10.2024<br>22.10.2024 | -среда<br>-четврток<br>-вторник | 11,15-20,40<br>13,30-13,45<br>12,50-13,15 |
| 17. | Седумнаесетта седница | 24.10.2024<br>29.10.2024 | -четврток<br>-вторник | 12,15-13,25<br>12,15-16,35 |
| 18. | Осумнаесетта седница п*п* | 31.10.2024 | -четврток | 11,00-18,10 |
| 19. | Деветнаесетта седница | 12.11.2024<br>13.11.2024 | -вторник<br>-среда | 11,15-13,10<br>12,25-13,05 |
| 20. | Дваесетта седница | 21.11.2024 | -четврток | 11,00-19,05 |
| 21. | Дваесет и прва седница п*п* | 28.11.2024 | -четврток | 11,05-18,05 |
| 22. | Дваесет и втора седница | 10.12.2024<br>11.12.2024<br>12.12.2024<br>16.12.2024 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник | 11,10-18,25<br>13,45-15,20<br>11,15-13,05<br>16,00-16,15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **23.** | Дваесет и трета седница | 18.12.2024<br>24.12.2024 | -среда<br>-вторник | 11,20-17,15<br>15,00-15,05 |
| **24.** | Дваесет и четврта седница | 16.12.2024<br>17.12.2024 | -понеделник<br>-вторник | 11,20-15,50<br>13,50-14,05 |
| **25.** | Дваесет и петта седница | 25.12.2024 | -среда | 12,10-13,25 |
| **26.** | Дваесет и шеста седница п*п* | 26.12.2024 | -четврток | 11,10-18,00 |
| **27.** | Дваесет и седма седница | 24.12.2024<br>25.12.2024 | -вторник<br>-среда | 13,15-15,00<br>14,35-15,00 |
| **28.** | Дваесет и осма седница | 27.12.2024 | -петок | 11,20-20,20 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Прва конститутивна седница** **28.5.2024 (вторник)**

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија;
3. Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија;
4. Избор на Претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

**Втора седница** **7.6.2024 (петок)**

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, по скратена постапка.

**Трета седница** **13.6.2024 (четврток)**

1. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија.

**Четврта седница** **14.6.2024 (петок)**

1. Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Северна Македонија;
3. **Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година.**

**Петта седница** **18.6.2024 (вторник)**

1. Предлог одлука за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за избор на претседател, членови и заменици - членови на Советот на Собраниските канал.

**Шеста седница** **19.6.2024 (среда)**

Комеморативна седница по повод смртта на Стојан Андов, поранешен претседател на Собранието на Република Македонија.

**Седма седница** **22.06.2024 (сабота)**

1. Предлог за состав на Владата на Република Северна Македонија.

**Осма седница** **25.6.2024 (вторник)**

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на закон за дополнување на Законот за енергетика, по скратена постапка.

**Деветта седница** **5.7.2024 (петок)**

1. Предлог на одлука за именување на генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија;
3. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);
4. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);
5. Предлог на одлука за утврдување на составотна Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
6. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);
7. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);
8. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот);
9. Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС ПСЈИЕ);
10. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за Црноморска економска соработка (ПАБСЕК);
11. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
12. Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2023 година;
13. Годишен нзвештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2023 година;
14. Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2023 година;
15. **Годишен извештај за работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во 2023 година;**
16. **Годишен извештај за работа на Фондот за здравствено осигурување за 2023 година;**
17. Годишен извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2023 година;

18. Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2023 година;
19. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2023 година.

**Десетта седница** **11.7.2024 (вторник)**

1. Верификација на мандат на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ", во Република Либан;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, по скратена постапка;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија, по скратена постапка;
5. Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција , по скратена постапка.

**Единаесетта седница** **23.7.2024 (вторник)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за разрешување на замениците на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија;
3. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија;
4. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија;
5. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави;
6. Предлог за именување на заменици министри во Владата на Република Северна Македонија;
7. Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита - I читање;
8. Предлог на закон за дополнување на Законот за катастар на недвижности, по скратена постапка.

**Дванаесетта седница** **12.8.2024 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија;
2. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
3. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции;
4. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за договорите за избор на надлежен суд;
5. Предлог на закон за ратификација на Меѓународната спогодба за размена на податоци за проверка на изјави за имотна состојба;
6. Предлог на Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи;
7. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година - Второ читање;
8. Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување на Законот за културата, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување на Законот за дивечот и ловството, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, по скратена постапка;
15. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година;
16. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност - I читање;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување - I читање;
18. Предлог на закон за изменување на законот за прекинување на бременоста - I читање;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството - I читање;
20. Предлог на закон за изменување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја - I читање;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв - I читање;
22. Предлог на закон за изменување на Законот за ментално здравје - I читање
23. Предлог на закон за изменување на законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина - I читање;
24. Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување - I читање;
25. Предлог на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата - I читање;
26. Предлог на закон за прогласување на Студенчишко Блато за Парк на природата - I читање;
27. Предлог на закон за прогласување на Охридско Езеро за споменик на природата - I читање;
28. Предлог на закон за изменување на Законот за здравствената заштита - II читање;

29. Предлог на автентично толкување на член 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри;
30. Предлог на Одлука за основање на Комисија на Собранието на Република Северна Македонија за следење на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;
31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, по скратена постапка.

**Тринаесетта седница 3.9.2024 (вторник)**

1. Интерпелација за работата на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија - Африм Гаши;
2. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „8 Септември";
3. Предлог на одлука за разрешување на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор;
4. Предлог на одлука за разрешување на членовите на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Предлог на закон за изменување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци -Штип и патна делница Кичево-Охрид, по скратена постапка;
7. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**Четиринаесетта седница 11.9.2024 (среда)**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри - I читање;
2. Предлог за избор на член на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност;
3. Предлог за избор на член на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, од редот на студентите;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за архивски материјал, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, по скратена постапка;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност;
13. Предлог на закон за парничната постапкач
14. Предлог на одлука за одобрување на Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2023 година;
15. Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година;
16. Предлог на одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година;
17. Предлог на одлука за давање согласност на Годишната програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2024 година;
18. Годишен извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година;
19. Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2023 година;
20. Годишен извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година;
21. Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година;
22. Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2023 година;
23. Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2023 година;
24. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2023 година;
25. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2023 година;
26. Годишен извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Македонија за 2023 година;
27. Годишен извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2023 година;
28. Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година;
29. **Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2023 година;**
30. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2023 година;
31. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка;**
32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;
33. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка.

**Петнаесетта седница** **24.9.2024 (вторник)**

1. Предлог за избор на членови на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца;

2. Предлог на закон за ратификација на изменувањата и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (консолидирана верзија);
3. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи;
4. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан;
5. Предлог на закон за ратификација на Деветтиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, Десеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз и Единаесеттиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз;
6. **Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за статусот на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и Безбедносните сили на Република Косово за време на нивното привремено стационирање на териториите на горенаведените држави;**
7. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Спогодбата од Маракеш за основање на Светската трговска организација, за прифаќање на Спогодбата за субвенции во рибарството;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување на Законот за матичен број, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, по скратена постапка;
12. **Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската управа, по скратена постапка;**
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за фитофармација, по скратена постапка;
15. Посебен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата за утврдените состојби во финансирање на изборната кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година;
16. Посебен извештај за утврдени состојби во финансирањето на изборната кампања за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година.

**Шеснаесетта седница 2.10.2024 (среда)**

1. Предлог на одлука за усогласување на составот на Државната изборна комисија;
2. Предлог на одлука за огласување избор на членови на Државната изборна комисија;
3. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за избор на заменик- директор на Агенцијата за заштита на личните податоци;
4. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување на членовите на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „23 Октомври";

7. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев"
8. Предлог на одлука за избор на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата на Собранието на Република Северна Македонија за следење на соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, по скратена постапка;
18. редлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми - I читање;
20. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема ,,Ефективност на мерките за спречување на одливот на високообразовни и стручни кадри ,,;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за виното, по скратена постапка;
22. Предлог на одлука за распишување јавен оглас за избор на претседател и членови на Советот за граѓански надзор.

**Седумнаесетта седница 24.10.2024 (четврток)**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка;
2. Предлог на закон за изменување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за изменување на Законот за урбано зеленило, по скратена постапка;
4. Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка;
5. Предлог на закон за изменување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка;

8. Предлог на закон за изменување на Законот за скијалишта, по скратена постапка;
9. Предлог на закон за изменување на Законот за домување, по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување на Законот за автокампови, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем, по скратена постапка;
18. Предлог на закон за изменување на Законот за жичари и ски-лифтови, по скратена постапка;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, по скратена постапка;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, по скратена постапка - Материјалот е повлечен;
21. Предлог на закон за изменување на Законот за градење, по скратена постапка;
22. Предлог на Закон за дополнување на Законот за домување - I читање;
23. Барање за давање на автентично толкување на член 20 став 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, поднесено од пратеникот Оливер Спасовски;
24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми - II читање;
